


# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА МЕДИУМСКИТЕ СОДРЖИНИ

16 април - 7 мај 2016

**ИЗВЕШТАЈ**
**од следењето на медиумските содржини преку Механизмот**
**за набљудување и реакција при Институтот за комуникациски студии**
**(период: 16 април - 7 мај 2016)**

## ПОЛИТИЧКИОТ ПЛУРАЛИЗАМ ВО МЕДИУМИТЕ

Политичкиот плурализам е една од најважните димензии на медиумскиот плурализам бидејќи овозможува во јавноста слободно и рамноправно да циркулираат различни политички идеи и мислења. Тоа значи дека секој медиум одделно треба да се труди да обезбеди т.н. внатрешен плурализам во вестите, односно да ги претстави сите спротивставени мислења и ставови за една тема. Ова е мошне важно за вкупната демократска јавна сфера, бидејќи граѓаните можат да добијат целосна слика и можат самите да го формираат своето мислење за прашањата од јавен интерес. И обратно, избегнувањето да се известува за некои теми или искривувањето на аголот со нагласувањето само на едно гледиште, на долг рок создава идеолошка манипулација со јавото мислење.

Радиодифузните медиуми, особено телевизиските, имаат големо значење во информирањето на граѓаните за плурализмот на гледишта и мислења во општеството. Тие имаат и законска (член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги) и етичка обврска (член 14 од Кодексот на новинарите на Македонија) да известуваат непристрасно и избалансирано за различните политички субјекти и не смеат да изразуваат политичка наклонетост на начин што ќе фаворизираат едно, односно напаѓаат друго гледиште.

Имајќи ја предвид важноста на политичкиот плурализам во предизборниот период, особено во контекст на политичката криза, договорот од Пржино и актуените политички преговори, Институтот за комуникациски студии спроведува мониторинг и анализа на начинот на кој телевизиите на државно ниво известуваат за различните политички гледишта и идеи и за мерата во која им обезбедуваат пристап на политичките актери до своите програми.

Третиот месечен извештај за политичкиот плурализам во медиумите опфаќа четири седмици и се однесува на периодот од 12 март до 8април 2016 година. Анализирани се 12 програми на вести и 38 изданија на 11 различни актуелно-информативни емисии на јавниот сервис (МТВ1 и МТВ2) и на 7 приватни телевизии (Сител, Канал 5, Алфа, Телма, Алсат М, 24 вести, ТВ21 и ТВ Нова).

Заклучоците и согледувањата изнесени во овој извештај се добиени врз основа на квалитативна анализа на различни аспекти на информирањето во вестите и во информативните програми.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Најрелевантната тема во медиумското известување во втората половина на април и почетокот на мај беа протестите на граѓанското движење „Протестирам“. Начинот на кој провладините телевизии известуваа за протестите го потврдува феноменот што во теоријата е познат како „протестна парадигма“[1]. Имено, истражувачите на масовните комуникации имаат утврдено дека известувањето на медиумите за различни социјални протести е често насочено кон дискредитирање и маргинализирање на протестните дејствија или пак кон промовирање и фаворизирање на едната страна односно демонизирање и деградирање на другата страна во социјалниот конфликт[2]. Колку повеќе социјалните протести се насочени кон промена на општествените услови, норми и политики толку понегативно тие ќе бидат претставени од медиумите. Ова е особено засилено во системи во кои медиумите се под силна политичко-идеолошка контрола.

Главната комуникациска стратегија на владејачката партија има за цел да ги замолкне, делегитимира и демонизира сите критички гласови, почнувајќи од најсилните кои доаѓаа од секојдневните собирања на граѓаните мобилизирани во Шарената револуција, до оние на претставниците на меѓународната заедница. И во овој период се чини дека „стравот“ на структурите на моќ од дејствијата преземени од Специјалното јавно обвинителство предизвика оваа институција да е предмет на најсилни напади и дискредитации.

### *Ако е против власта, не е ниту граѓанско, ниту народно*




Број на прилози за **протестите (Протестирам)**
и за **контрапротестите (ГДОМ)**

[1] McLeod, Douglas M., and Benjamin H. Detenber. "Framing effects of television news coverage of social protest." *Journal of Communication* 49, no. 3 (1999): 3-23.
[2] Reuben, Richard C. "Impact of News Coverage on Conflict: Toward Greater Understanding, The." *Marq. L. Rev.* 93 (2009): 45.

Известувањето за протестите од платформата „Протестирам“ и за контрапротестите што како реакција на тоа почна да ги организира здружението ГДОМ, како главна тема во мониторираниот период, најдобро ја илустрираше блоковската поделеност на медиумите. Од една страна беа телевизиите со провладина ориентација (Сител, Алфа, Канал 5 и ТВ Нова), кои во врска со движењето „Протестирам“ и протестите од шарената рефолуција, упорно и синхронизирано ја повторуваа фразата „хулиганите на СДСМ и на Сорос“. Иако во реалноста ова движење има само декларативна поддршка од опозицијата и нема никаква формална соработка со неа, тоа не ги спречува овие телевизии да тврдат дека зад протестите против аболицијата од претседателот Ѓорге Иванов (кои подоцна се проширија на протести против еднострани избори, и за општа демократизација на државата) всушност стои СДСМ. За разлика од тоа, контрапротестите на движењето ГДОМ беа нарекувани „граѓански“ и собири на „народот“, игнорирајќи го тоа што во овие собири имаше многу помалку спонтаност, со оглед на организираниот превоз од различни градови. Ова врамување беше проследено и со идентична аудиовизуелна манипулација, во која секогаш кога се зборуваше за движењето „Протестирам“ се прикажуваа насилни сцени од туркање со полицијата или гаѓање објекти од проектот „Скопје 2014“, додека споменувањето на ГДОМ се покриваше со сцени што илустрираа масовност.

Од друга страна, неутрално-критичките телевизии многу поретко известуваа за собирите на ГДОМ и почесто за протестите од шарената револуција. Во дел прилози го покажуваа организираниот превоз или делењето сендвичи кај настаните организирани од ГДОМ. МРТ на своите два сервиси известуваше информативно и балансирано за двете движења.

***Релативизирање на повиците на меѓународната заедница***
***за поништување на аболицијата и за решавање на кризата***




Број на прилози за политичката криза
на **неутралните** и на **провладините** медиуми

Известувањето за политичката криза беше интензивно и вклучуваше прилози што се однесуваа на подготовките за избори, аболицијата, економските последици од политичката состојба, како и за ставовите и за активностите на меѓународната заедница (сфатена во смисла на ЕУ, САД и на членки на ЕУ) како обиди да најдат решение за внатрешните политички проблеми. Сите медиуми редовно ги пренесуваа сите ставови од релевантни извори од меѓународната заедница, вклучувајќи ги Европската комисија, претставниците на ЕУ, САД и на европските земји во Македонија итн. Тие беа едногласни во своите пораки да се поништи аболицијата и да се постигне заеднички договор меѓу сите партии за да се оди на избори.

Но провладините телевизии, наспроти овие ставови, интензивно пренесуваа и мислења на поединци-европарламентарци, актуелни или поранешни политичари, или претставници на неформални политички организации, кои изразуваа целосна поддршка на позициите на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ во однос на сите прашања поврзани со политичката криза. Ова вклучуваше мислења од познати и од релативно непознати политичари како Маријана Петир, Лука Волонте, Жозеф Дол и Карл фон Хабсбург, со цел да се создаде слика дека нема единствен став на меѓународната заедница во врска со случувањата во Македонија.

### *Нема граници во демонизирањето на СЈО*

Уште од почетокот на мониторирањето, а особено откога Специјалното јавно обвинителство почна да ги отвора случаите во кои како осомничени за злоупотреби на своите функции се најдоа високи претставници на власта и на партијата ВМРО-ДПМНЕ, провладините телевизии не бираат средства како да ја нападнат оваа институција што произлезе од Договорот од Пржино. Во минатите месеци тоа се вршеше преку креирање разни афери поврзани со киријата која обвинителката Катица Јанева ја плаќала од буџетот на обвинителството за да живее и да работи во Скопје, преку документи според кои Јанева барала земјоделско земјиште од државата (притоа се бараа одговори само од неа, а не и од државата), и на други начини, кои не беа секогаш поврзани со нејзината актуелна работа како специјална обвинителка.




Број на прилози за активностите на СЈО кај
**неутрално-критичките**и кај **провладините** медиуми

МОДЕМ MACEDONIA DEMOCRACY WATCH
British Embassy Skopje
ИНСТИТУТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ
Kingdom of the Netherlands

Но, тие напади беа бенигни во споредба со тоа што се случуваше во овој мониториран период, особено во неговата последна недела, каде што Специјалното јавно обвинителство од оваа група медиуми беше обвинувано за смртта на Коста Крпач, кој беше пронајден мртов во својот стан во Скопје на 27 април. Крпач беше академски сликар, поранешен сопственик на интернет-портал, и споменат во опозициските „бомби“ поврзани со набавката на израелската опрема за УБК. Беше на листата на аболицирани, иако од СЈО тврдеа дека им бил сведок, а не осомничен. Без аргументи, со користење мислења од некредибилни експерти за оваа тема, како и со неофицијални информации кои произлегуваа од пријавите за наводно малтретирање сведоци што беа поднесувани против СЈО, тие извлекоа заклучок дека Крпач се самоубил бидејќи не можел да ги издржи притисоците што му ги правело СЈО за лажно да сведочи.

## ПРЕКРШУВАЊА НА ЗАКОНОТ И НА ЕТИЧКИТЕ СТАНДАРДИ

Во најголем број случаи, прекршувањата на законот и на етичките стандарди беа исти како и во претходните извештаи, со исклучок на МТВ1 кај која се забележува извесно подобрување во споредба со претходните месеци:

- Кај МТВ 1 има подобрување на известувањето, во смисла дека во покривањето на релевантните политички настани (протестите, аболицијата, предвремените избори и сл.) телевизијата се воздржуваше од заземање страна и нагласено фаворизирање на ставовите на партијата на власт, што беше пракса во изминатиот период. Меѓутоа, МТВ1 и во овој набљудуван месец ги прекршуваше стандардите и начелата на програмите утврдени во член 111, а посебно обврската од член 110 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за тоа да „не застапува и да не заштитува ставови или интереси на одредена политичка партија, ... а програмите кои ги создава и емитува да бидат заштитени од влијание на власта, политички организации или други центри на економска и политичка моќ.“ Ова прекршување се правше со емитуваните прилози во кои некритички се промовираат владини проекти и инвестиции, како и во прилозите во кои се известуваше за активности на Груевски како лидер на ВМРО-ДПМНЕ, кој притоа промовира владини проекти.

- Трите приватни телевизии Сител, Канал 5 и Алфа и натаму сериозно и во голем обем ги прекршуваат основните начела на програмите, утврдени во членот 61 на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за: (1) „објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања“ (член 61 став 1 алинеја 9), и за (2) „самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика“ (член 61 став 1 алинеја 13).

  Секоја од овие телевизии, постојано зазема страна и пристрасно ги фаворизира ставовите на владејачката партија односно ги дерогира и демонизира сите критички гледишта, прогласувајќи ги за непријателски, предавнички, платенички и сл.

- МТВ1 и трите приватни телевизии Сител, Канал 5 и Алфа, и натаму сериозно ги прекршуваат основните начела утврдени во Кодексот нановинарите на Македонија и особено членот 14 во кој се вели дека „известувањето од политичките процеси... треба да биде непристрасно и избалансирано.“

## НАСТАНИ ЗА КОИ СЕ ИЗВЕСТУВАШЕ ВО ВЕСТИТЕ

(1) Протести

Сите телевизии редовно известуваа за *протестните собири на улиците* што беа реакција на аболицијата од претседателот Иванов и на други случувања од политичката криза (вкупно 535 прилози). Активностите на неформалната платформа Протестирам беа позастапени, но со различни, дури и спротивставени пристапи во информирањето, меѓу различните телевизии. Фразата „хулиганите на Сорос и на СДСМ" доминираше кај телевизиите Алфа, Канал 5, Сител и ТВ Нова, кои само на ГДОМ му припишуваа граѓански карактер. МТВ на двата свои програмски сервиси известуваше неутрално и информативно за протестите, без квалификации. Сличен пристап имаа уште неколку неутрално-критички телевизии како 24 Вести, ТВ 21, и Телма, кои што сепак отстапуваа повеќе простор на „Протестирам". Кај Алсат М беа забележани случаи на фаворизирачки тонови кон движењето „Протестирам" и кон Шарената револуција. Карактеристичен беше случајот на ТВ Нова, која, во стилот на официјален известувач на ГДОМ, емитуваше јавувања во живо од речиси сите нивни собири.

Во првата набљудувана недела (16 - 22 април) *протестите* беа најзастапена тема во медиумите, со 262 прилози. Ова вклучува покривање, реакции и анализи на протестите против аболицијата што ги предводи движењето „Протестирам", собирите што ги организира Граѓанското движење за одбрана на Македонија (ГДОМ), како и други спорадични собири, на пример тој организиран од албански здруженија и партии. Главниот фокус беше на „Протестирам" и на ГДОМ, и тука можеше да се забележи најголемата разлика во известувањето. Дел телевизии (24 Вести, Телма, Алсат М и други) информираа неутрално за настаните, истакнувајќи ја нивната масовност, и пренесувајќи ги основните пораки што ги испраќаа демонстрантите. Редовно ги анкетираа учесниците на двете страни, и повремено емитуваа анкетирани учесници на собирите на ГДОМ кои ја истакнуваа својата поддршка за ВМРО-ДПМНЕ. МТВ1 исто така известуваше балансирано за овие настани. Наспроти тоа, телевизиите Канал 5, Сител, Алфа и Нова ТВ, целосно ги фаворизираа протестите на ГДОМ (Канал 5, 22 април: „На најбројниот собир досега пред Собранието, од над 60.000 грла се слушнаа пораките: нема да дозволиме да се остварат црните сценарија"), и ги демонизираа тие на „Протестирам" (Алфа, 21 април: „Поддршка за таканаречената шарена револуција преку уништување и насилство"). Без да понудат соодветна аргументација, често дури и без да ги анкетираат присутните, тие објавуваа тврдења дека собирите на „Протестирам" се целосно раководени и контролирани од опозицијата. Нивните учесници беа нарекувани „хулигани", додека учесниците на собирите на ГДОМ „народот", кај сите четири телевизии подеднакво. И покрај присуството на високи претставници на ВМРО-ДПМНЕ на настаните организирани од ГДОМ, како и поддршката што голем број учесници и` ја даваа на оваа партија, воопшто не беше споменувана некаква поврзаност на здружението со неа.

Во втората недела (23 - 28 април), *протестите* останаа една од темите на кои телевизиите беа најфокусирани (151 прилог). Негативниот говор продолжи во известувањето кај Сител, Канал 5, Алфа и ТВ Нова, со користењето на зборовите „хулигани", „вандали", „платеници" кога се известува за протестите на платформата Протестирам (Канал 5, 24 април: „Хулиганите удрија по релјефите и спомен-обележјата на Илинденците и преродбениците", Алфа 25 април: „Наместо разговор и дијалог, продлабочување на кризата, сето платено од Сорос, реализирано од СДСМ"). Тие се придружени со манипулативна селекција на кадри, со која од протестите на „Протестирам" се прикажуваат само насилни кадри од гаѓање на спомениците со боја и со јајца, а од собирите на ГДОМ кадри од висока позиција, со многу луѓе и знамиња. Протестите против аболицијата, освен како насилни, се прикажуваат и како нарачани (24 април, пренесена колумна од италијанскиот политичар Лука Волонте што ја објавуваат овие 4 медиуми). Тие исто така се поврзуваат и со теорија на заговор што ја објави неделникот Република, а ја пренесоа Сител, Канал 5, Алфа и ТВ Нова во два последователни прилога, според која зад протестите стои обид за дестабилизација, со цел понатамошно редефинирање на државата ( Канал 5 26 април: „Црното сценарио за федерализација на Македонија почна да се остварува.

Ќе се свитка ли и кичмата за името“, Сител 25 април „Република: Започна сценариото на Заев за виткање на кичмата на државата“, ТВ Нова 26 април „Заев договарал федерализација на Македонија?!“, Алфа 26 април „Смена на името, знамето, државната химна, дводомен парламент , претседател Албанец. Зоран Заев договара федерализација на Македонија, објави порталот Република“). И тука е забележана манипулација со аудиовизуелната презентација, така што веењето на македонското и албанското знаме заедно на протести се става во контекст на тезата за федерализација (Канал 5, Сител и ТВ Нова). ТВ Нова најобемно ги покриваше собирите на ГДОМ низ цела држава, со вклучување во живо. Телма, 24 вести, ТВ21 и Алсат М генерално повеќе известуваа за протестите на платформата Протестирам, иако во прилозите немаше новинарски став и коментаторски елементи. Исклучок е прилогот/ коментар на Алсат М (и на албански и на македонски јазик) , каде  Телевизијата експлицитно го искажа својот став „Шарена и сендвич контрареволуција“). МТВ1 известуваше за обата протести, во избалансиран соднос без заземање страна.

Во третата и последна недела (2 - 7 мај), иако интензитетот на известување за *протестите* беше значително намален (122 прилози), тие останаа меѓу главните теми, а се задржаа и истите разлики во известувањето. За Шарената револуција што ја предводи неформалната платформа Протестирам, најинтензивно се известуваше на телевизијата Алсат М (3 мај: „Оставка! Робија! Нема правда, нема мир! Овие повици по неколкудневна пауза, од вечерва пак се слушаат во Скопје“). За овие протести секојдневно информираа и 24 Вести, Телма, ТВ 21 и други телевизии. Исто така, поврзано со оваа тема, се известуваше за текот на судските процеси против притворените демонстранти, како и за герила-акцијата против градоначалникот на Битола Владимир Талевски. Ретко се известуваше за собирите што ги организираше ГДОМ. Телевизиите Сител, Канал 5 и Алфа емитуваа помал број прилози поврзани со протестите. Таму немаше класични извештаи од случувањата на улиците, туку напаѓачки теми против протестното движење, кое беше обвинувано дека е контролирано од опозициската партија и платено со странски пари од фондацијата Сорос (Сител, 6 мај: "Курир: Сорос троши по 15.000 евра на ден за уривање на Македонија, а ЗНМ доби 200.000 евра од ЕУ за партиска пропаганда“). Посебно карактеристична во покривањето на оваа тема е ТВ Нова, која интензивно ги следи активностите на Граѓанското движење за одбрана на Македонија во сите градови каде што тоа одржува собири, со јавувања во живо, со разговори со предводниците итн.

(2) Развојот на политичката криза

Втората најзастапена тема, *развојот на политичката криза* (521 прилог). Станува збор за компилација од повеќе теми што се меѓу себе директно поврзани, како јавните и тајните обиди на меѓународната заедница да ги *реактивира преговорите*, потоа прашањето за одржување на *изборите*,  како *аболицијата* влијае врз тие процеси итн. И самите прилози на овие теми беа комбинирани и ретко се однесуваа на само една од нив. И во покривањето на овие теми е забележана истата поларизација во медиумите. Во врска со изборите, телевизиите Канал 5, Алфа, Сител и ТВ Нова известуваа како да нема никаков проблем со нив и се` да си тече нормално, додека Алсат М, 24 Вести, Телма, ТВ 21 и МТВ пренесуваа различни ставови во врска со ова прашање. Главно неутрално се информираше за позициите на меѓународната заедница во врска со кризата, но четирите телевизии со провладина ориентација интензивно пренесуваа и ставови од помалку познати европски политичари кои ја поддржуваа владејачката партија (истите политичари беа пренесени на сите четири телевизии).

Во првата недела (16 - 22 април) засилено се известуваше за сите аспекти на *политичката криза* (197 прилози), пред се` за *подготовките за избори* кои продолжија како ништо да не се случува, потоа за обидот да се обноват политичките преговори со лидерска средба во Виена итн. На телевизиите Алфа, Канал 5, Сител, подготовките за избори се следеа како во нормални услови, без да се споменуваат контроверзите околу тоа прашање. Беше истакнувано дека Државната изборна комисија донела конечна одлука дека условите се исполнети, а беше емитуван и лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски со коментар дека тоа е добра вест. За разлика од нив, 24 Вести, Алсат, Телма и други медиуми споменуваа дека заклучоците на Државната изборна комисија биле донесени без присуство на членовите на опозицијата, и без

поддршка од претседателот на комисијата. Во врска со обидот да се одржи средба во Виена се известуваше информативно, со пренесување на сите ставови, како и со консултирање експертски мислења околу очекувањата. По откажувањето на средбата исто така се пренесуваа сите реакции, но кај провладините телевизии имаше благо фаворизирање на ставот дека виновен за тоа е Зоран Заев со неговото условување (Алфа, 20 април: „За ВМРО-ДПМНЕ ова е само уште еден чин на деструктивната политика на СДСМ и паничното бегање од соочување со граѓаните“). Во оваа група прилози спаѓаат и известувањата дека меѓународната заедница навестува сериозни последици за земјата ако не ја реши политичката криза, на кои им се обрна поголемо внимание на Алсат М и на 24 Вести, со консултирање аналитичари, но одвај се споменуваа на Алфа, Канал 5, Сител, Нова ТВ и на други.

Во втората набљудувана недела (23 - 28 април), *развојот на политичката криза* најмногу се следи низ призмата на *предвремените парламентарни избори* (155 прилози). Телевизиите кои во целокупниот период се покажаа како фаворизирачки за власта (Сител, Алфа, Канал 5 и од неодамна ТВ Нова) ја пропагираа тезата дека условите се исполнети и дека на Македонија и` е неопходно да ги одржи изборите на 5 јуни, без понатамошно одложување. Во поддршката на оваа теза дури се манипулираше со искажаните ставови на дел меѓународни претставници, како делегацијата од Парламентарното собрание на Советот на Европа, од која селективно беа пренесени само изјавите во врска со бојкотот на избори (Канал 5 28 април: „Бојкотот на изборите е спротивен на демократијата, изјави делегацијата на Советот на Европа по дводневната проценка на предизборната атмосфера во земјава“, Сител „Мониторинг мисија на ПССЕ: Бојкотот на СДСМ е спротивен на демократските вредности“), но не и нивните критики во врска со аболицијата, медиумите и други актуелни состојби. Пристапот кај останатите телевизии беше ставање под знак прашање на тоа дали постојат услови за фер и демократски избори на овој датум. МТВ1 и МТВ2 како дел од Јавниот сервис ги пренесуваа информациите на субјектите без новинарски став.

Во третата недела (2 - 7 мај) темата за *политичката криза* беше најзастапена (169 прилози). Се известуваше за обидите од меѓународната заедница да се воспостави нов политички дијалог за да се најде излез од ќорсокакот, информациите за тајни преговори и за позициите на различните страни, јавно искажаните ставови во врска со состојбата од домашни и од меѓународни претставници, како и *подготовките за предвремени парламентарни избори*. Иако станува збор за повеќе теми, тие се испреплетени до тој степен што во многу случаи не беше јасно кон која припаѓа одреден прилог. Генерално, темата доминираше кај сите мониторирани телевизии, но пристапот беше сосема различен. Во врска со ангажманите на меѓународната заедница, дел телевизии (Алсат, 24 Вести, Телма) пред се` ги пренесуваа ставовите на амбасадорите во Македонија, кои главно изразуваа сериозна загриженост за состојбата и повикуваа на решенија што би опфаќале одложување на изборите и укинување на аболицијата од претседателот Иванов (Алсат М, 5 мај: 5 мај: „Холандија бара повлекување на помилувањето, и вели дека нема услови за избори на 5 јуни“). Други телевизии, пак (Сител, Алфа, Канал 5, ТВ Нова), пренесуваа изјави од поединци политичари во Европа, сегашни или поранешни носители на јавни функции, како Жозеф Дол, Маријана Петир, Лука Волонте, Карл фон Хабсбург и други, кои ја напаѓаа опозицијата и повикуваа да се одржат избори на 5 јуни (Канал 5, 2 мај: „Но Заев сака повторно да ги одложи изборите, па затоа според Волонте ги поддржува манифестациите на улиците“). Во врска со изборите, телевизиите со провладина ориентација го фаворизираа датумот 5 јуни и информираа за подготовките како состојбата да е нормална, додека другите известуваа за сите аспекти, особено за проблематичните, како бојкотот на повеќе партии, меѓу кои и СДСМ и ДУИ.

(3) Аболицијата од претседателот Иванов

Во известен број случаи (214 прилози), *аболицијата на 56 лица* од претседателот Ѓорге Иванов се издвојуваше како посебна тема, иако целосно поврзана со другите аспекти на политичката криза. Главно стануваше збор за прилози што се однесуваа на повици до претседателот целосно да ја повлече одлуката, барања од помилувани лица да го стори тоа посебно за нив, анализи како може правно да се реши проблемот, како и преку пренесувањето на барањата од осудениците, истиот принцип што важел за политичарите, да се примени и за нив.

Третманот на *аболицијата* како засебна тема беше најизразен во првата недела (16 - 22 април), со 99 прилози. Главно се пренесуваа барањата од поединечни аболицирани лица да им биде повлечено помилувањето, партиските ставови, реакциите од меѓународната заедница дека со овој чин се влошила политичката криза, како и одговорите од претседателскиот кабинет дека не постојат можности да се врати состојбата (Алфа, 16 април: „Работев чесно и совесно во интерес на безбедноста на својата земја. Поранешниот директор на УБК Сашо Мијалков јавно побара, претседателот Иванов да ја повлече аболицијата за него“). Сепак, дел телевизии (Алсат М, 24 Вести) отидоа подалеку и не само што ги пренесуваа критичките ставови кон чинот на аболицирање, туку се обидоа со помош на правни експерти да сугерираат и можни решенија, како укинувањето на одлуките за помилување од Уставниот суд. (24 Вести, 17 април: „Дел од правните експерти со кои контактираше 24 вести велат дека излезот може да биде во уставниот суд“).

Во втората недела (23 - 28 април), аболицијата од претседателот Иванов со 70 прилози повторно беше една од позастапените теми. Се пренесуваа реакциите на меѓународната заедница за повлекување на одлуката, и оваа тема главно се преклопуваше со темата за условување со санкции. Повторно исклучок беше телевизијата 24 Вести, која продолжи со своите анализи во врска со можностите да се надмине овој проблем (24 Вести, 24 април: „Додека претседателот Иванов бара помош од партиите за повлекување на аболицијата, експертската јавност смета дека како што ја објавил, така може и да ја повлече“)

Во третата недела (2 - 7 мај), темата за *аболицијата од претседателот Иванов* (45 прилози), се обработуваше главно преку известувањето за барањата од затворениците во затворот Идризово да им бидат намалени казните, по примерот на ослободувањето на политичарите од кривично гонење. Повеќето телевизии како 24 Вести, Алсат М, Телма и други известуваа за можни притисоци врз осудениците, додека Алфа во врска со оваа тема емитуваше еден прилог, во кој тврдеше дека целиот случај со затворенички протести бил измислен. Во врска со аболицијата дел медиуми пренесуваа повици таа да се укине, од претставници на МАНУ и од други субјекти.

(4) Специјално јавно обвинителство

Се задржа фокусот на медиумите врз истрагите што ги води Специјалното јавно обвинителство (164 прилози). Се известуваше за случаите што ги отвори ова обвинителство (Транспортер, за незаконитости во превозот на ученици во Битола, и ТНТ, за политички притисоци при уривањето на објектот „Космос“ на Фијат Цаноски). Веќе стандардно, известувањето за СЈО е еклатантен пример за поларизацијата на медиумите, во која двете групи, оние со провладина и тие со неутрално-критичка ориентација, пренесуваат сосема спротивставени информации. Ова најмногу се однесуваше на прилозите во врска со смртта на аболицираниот сведок Коста Крпач.

Во првата недела (16 - 22 април) кај темите поврзани со *Специјалното јавно обвинителство* (58 прилози) се следеше развојот на случајот што го отвори во врска со превозот на ученици во Битола (Транспортер), односно одлуките на судот по барањата од обвинителите да им се определи притвор на осомничените, потоа нивното префрлање во домашен притвор итн. Во последните два дена беше актуелен и новиот случај што го отвори СЈО, наречен ТНТ, во врска со уривањето на градежниот комплекс Космос на бизнисменот и политичар Фијат Цаноски во 2011 година, за што беа обвинети тогашниот премиер Никола Груевски и министерот за транспорт Миле Јанакиески, дека го издејствувале поради политичка одмазда. Генерално, сите медиуми известуваа неутрално и непристрасно околу работата на СЈО во овој период, пренесувајќи ги ставовите на сите страни (обвинителството, реакцијата на Груевски, последователната реакција на СДСМ итн). Дел телевизии како Алсат М и 24 Вести, пак, емитуваа и кратки разговори со инвеститорот Цаноски, и ги пренесоа неговите ставови во врска со новоотворениот предмет. Неутралниот пристап во однос на СЈО, сепак, повеќе беше резултат на тоа дека во мониторираниот период други случувања го имаа приматот во медиумите, отколку на зголемената професионалност во медиумите.

Во втората недела (23 - 28 април), работата на СЈО се следеше најмногу преку известувањето за случајот со смртта на Коста Крпач (60 прилози). Телевизиите како Сител, Канал 5, Алфа, ТВ Нова ја промовираа и тезата дека тој бил наводно „жртва“ на притисоците од СЈО (Сител (27 април „Самоубиство во Скопје- пукал во комбе, па се застрелал , мислел дека го следат и снимаат од СЈО“, ТВ Нова 28 април „Дали Коста Крпач бил жртва на тортура од Специјалното јавно обвинителство?“), додека останатите телевизии (Телма, 24 Вести, ТВ21, Алсат М) се повикуваа на соопштението на СЈО дека имале сознанија дека личноста била под сериозни притисоци откако се појавила како сведок во еден од случаите шт ги отворила оваа институција). МТВ1 за случајот ги пренесе ставоите на МВР и на СЈО.

Во третата недела (2 - 7 мај), работата на ова обвинителство се опсервираше генерално преку два случаја: смртта на уметникот и бизнисмен Коста Крпач (аболицирано лице од претседателот), и случајот „Транспортер“ во кој е обвинет градоначалникот на Битола. Телевизиите со провладина уредувачка политика известуваа дека Крпач се самоубил поради притисоци од СЈО (Канал 5, 5 мај: „Начинот на работата на специјалните обвинители деновиве стана проблематичен и во случајот со Коста Крпач, кој изврши самоубиство во својот стан во Скопје“), додека другите известуваа дека причините за смртта се се` уште нејасни. Беше пренесена и информацијата дека се бара замрзнување на имотот на градоначалникот Талевски.

(5) Проекти и остварувања на партијата на власт и активности на Груевски

Интензивирањето на политичката криза, како и намалениот број теренски активности на претставниците на Владата и на лидерот на владејачката партија Никола Груевски, беа главните причини поради кои во овој период се емитуваа многу помал број прилози за *проектите и остварувањата на институциите раководени од кадри на ВМРО-ДПМНЕ* (135 прилози) и за *работата на претседателот на партијата Груевски* (57 прилози). Речиси сите прилози беа објавени на телевизиите МТВ1, ТВ Нова, Сител, Алфа и Канал 5. Иако обемот е помал, сепак остана праксата да се користи секој повод за пофални прилози за владејачката партија, а тоа се правеше дури и кога немаше директен повод, со пренесување стари изјави од Груевски.

Во првата недела (16 - 22 април) беа емитувани невообичаено мал број известувања за нови *мерки и проекти на Владата* и на други институции раководени од кадри на ВМРО-ДПМНЕ (38 прилози). Но, поради другите случувања, имаше и многу помал број настани од овој тип. Речиси сите прилози од оваа група беа емитувани на МТВ1, Сител, Алфа и на Канал 5. Главно стануваше збор за проекти од локален карактер, како уредувањето на просторот околу велешкото езеро Младост (17 април), или реконструкцијата на локалниот пат од селото Николиќ до Дојран (20 април), каде што повторно редовните обврски на државата беа прикажани како достигнувања на власта. Во рамките на овие прилози се вбројува и најавата за набавка на нови возови, што министерот за транспорт Мисајловски ја откри при посетата на Николиќ (20 април). Се намали и следењето на *активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ* Никола Груевски (23 прилози), исто така поради помалиот број поводи, а не поради подигнување на нивото на професионалност. Мониторираната недела почна со негово интервју за Канал 5, каде што најави нов проект за земјоделците, потоа најави уште еден проект за аграрниот сектор. Тие негови настапи повторно беа пренесувани со пофални зборови, и без да се запази линијата меѓу партијата и државата, односно да се направи дистинкција дека мерките за кои тој зборува (воведувањето земјоделски советници и отворањето агроберза), се пред се` предизборни ветувања од партиски лидер кој нема државна функција, отколку од претставник на државата. Тие се претставуваа како сигурни најави, дури се пренесуваше дека, на пример, агроберзата ќе се гради во Неготино и ќе биде готова до 2018 година. Сите прилози за активностите на Груевски беа емитувани на телевизиите Алфа, Канал 5, Сител, Нова ТВ и на МТВ1. Алфа, Сител и Канал 5 учествуваа и во заедничка манипулација, политички маркетинг со злоупотреба на лица од ранливи категории, пренесувајќи сторија дека две семејства од Кратово добиле социјални станови само два месеца откако му се пожалиле на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ (18 април). Во интервјуто за

Канал 5, Груевски непречено го напаѓаше политичкиот противник Зоран Заев со зборовите „криминалец“, „патолошки лажго“, „бомбаш-самоубиец“ итн, а токму тие делови потоа беа реемитувани на таа телевизија, како и пренесувани од Алфа и од Сител.

Во втората седмица (23 - 28 април) се врати поинтензивното известување за *владините мерки и проекти* (57 прилози), исто така со промотивен и пофален речник кај медиумите кои промовират провладина политика (Сител, Канал5, Алфа, ТВ Нова), додека кај вестите на МТВ1 тоа и натаму останува најзабележителен елемент на фаворизирање. Кај МТВ2 фаворизирањето има при известување за активностите на партијата ДУИ и нејзините функционери. Телевизиите Алсат М, Телма, 24 Вести сосема ги игнорираат овие настани, освен кога на нив критички се осврнуваат. ТВ 21 одвреме навреме објавува прилози кои се поврзани со некој владин проект, но со благ тон на фаворизирање. И известувањето за *активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Груевски* се врати во стариот формат (22 прилози) но само кај телевизиите кои промовираат провладини ставови: Сител, Канал 5, Алфа, ТВ Нова. Во нив тој се прикажува како носител на одлуките (Канал 5 28 април: „Од град во село за нов почеток, лидерот на ВМРО ДПМНЕ промовираше нов мега проект за сите кој ќе одлучат од град да се преселат во село, без разлика дали претходно направиле миграција од село во град“, 23 април Сител „Груевски со уште еден мегапроект во земјоделието“, ТВ Нова 23 април „Уште една мерка денес објави лидерот на ВМРО-ДПМНЕ за поддршка на земјоделството“), авторитет кому му се реферира (Канал 5 25 април: „Градоначалникот Коце Трајановски пред претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски информираше дека во сите општини тече реализација на најмалку два капитални проекти“, Алфа 25 април „Увид денеска направија претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски и градоначалниците на градот Скопје и на општината Ѓорче Петров“).

Во третата недела (2 - 7 мај) бројот на прилози посветени на *проектите и мерките на Владата* и на други институции раководени од кадри на ВМРО-ДПМНЕ падна на најниската позиција досега, со 40 прилози. Главно стануваше збор за локални проекти како патишта или осветлување, нови услуги од државните институции како катастарот, и други теми. Сите прилози беа емитувани од МТВ1, Сител, Алфа, Канал 5 и ТВ Нова. Селективноста во известувањето и нецелосното информирање од настаните беше забележано кај еден пример од оваа тема. Извештајот за реконструкцијата на патот од Битола до Ресен, каде што присуствуваа високи претставници на власта, и кој вообичаено ќе се најдеше во вестите, го немаше на ТВ Нова, Канал 5 и на Сител, бидејќи активисти изведоа герила-акција и го посипаа битолскиот градоначалник со евра со неговиот лик. Алфа извести за настанот без изјавата од Талевски и без да ја спомене герила-акцијата. Истото се однесуваше и на покривањето на *активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Груевски,* но причината поради која за оваа тема се емитувани само 13 прилози, беше тоа што тој немаше ниту еден јавен настап во текот на неделата. Но тоа не ги спречи телевизиите Канал 5, Алфа, Сител и ТВ Нова да потсетат на мерките што тој веќе ги најави за земјоделството, да аргументираат колку позитивни ефекти тие ќе имаат врз аграрот и врз руралниот развој, и да ги реемитуваат неговите стари изјави (Канал 5, 4 мај: „Подобрување на демографската слика во руралните средини се очекува да овозможи проектот „Од град во слео за нов почеток“ кој минатата недела го најави лидерот на владејачклата партија, а кој опфаќа сет мерки за поттик на населението градскиот асфалт да го замени со природните убавини“).

(6) Економски последици од политичката криза

Уште една тема што беше директно поврзана со политичката криза, но се однесуваше на еден нејзин специфичен аспект, беа економските последици од политичката криза, и тоа можните *санкции* против државата ако не се најде решение, како и зголемените *каматни стапки* од Народната банка.

Во првата недела (16 - 22 април) оваа тема не се издвои како посебна и беше само спорадично споменувана во другите прилози во врска со политичката криза.

Во втората недела (23 - 28 април) гласините за можни *санкции* против Република Македонија веќе се издвоија како посебна тема (вкупно 60 прилози) доколку не се најде решение за политичката криза, а се известуваше за другиот аспект од можните влијанија на политичката состојба врз економијата, односно повлекувањето штедни влогови, купување девизи и ризикот од девалвација на денарот. И додека телевизиите 24 вести, Телма, ТВ21, Алсат М ја посочуваа тезата за меѓународни санкции како можна и објавуваа експертски ставови за и против (Алсат М 26 април: „Економската криза чука на порти. Ако унијата воведе санкции, ќе биде загрозен 77 отсто од македонскиот извоз", 24 вести 23 април: „Европската Унија и Соединетите Американски Држави имаат инструменти со кој можат да бараат казна за поединци политичари и институции сметаат експертите"), Сител, Канал5, Алфа и ТВ Нова не известуваа воопшто за тоа, туку ја промовираа тезата за обид на опозицијата за предизвикување вештачка криза ( Канал 5 27 април: „Според порталот Курир, СДСМ пред секои избори користи тактика за девалвација на денарот", 27 април „Пред секои избори се шпекулира дека ќе има девалвација", Алфа (27 април: „Сценариото за девалвација на денарот и раст на еврото е веќе видено, но добро осмислено сценарио на СДСМ, сметаат дел од политичките аналитичари"). Известувањето на МТВ 1 и МТВ2 вна оваа тема беше во правец на испраќање смирувачки пораки преку пренесување на изјави на официјални претставници на финансиските институции во земјата.

Во третата недела (2 - 7 мај), акцентот беше ставен на информациите за *економските последици од политичката криза*, односно за затегнувањето на монетарната политика од Народната банка, кои ги пренесоа сите телевизии, без исклучок (50 прилози). Дел телевизии (ТВ 21, Алсат, 24 Вести) ја покриваа неутрално, со укажување дека оваа ситуација е показател дека треба посериозен пристап во решавањето на политичката криза. Другите телевизии (Канал 5, Сител, Алфа), конструираа напади дека за економската штета од политичката криза е виновна опозицијата, и дури направија иста пресметка колку сето тоа би ја чинело државата како загубен раст на бруто-домашниот производ (170 милиони евра).

## АКТУЕЛНО-ИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ

Во набљудуваниот период предмет на набљудување беа вкупно 72 емитувани изданија на 11 различни емисии кои се емитуваат на телевизиите на национално ниво. Од нив, предмет на подлабока анализа беа само оние емисии во коишто беше воочен говор на омраза и дискриминирачки и негативен говор, како и експлицитно и континуирано кршење на членот 14 на Кодексот на новинарите во кој се вели дека новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

- **Емисија „Јади бурек" - ТВ Сител 3**

Во периодот од 15 април до 6 мај 2016 анализирани се 11 изданија на емисијата Јади Бурек со водителот Јанко Илковски. Во поголем дел од изданијата се застапени политички теми најчесто преку преглед на печатот и јавувања на гледачи и поради содржината на диксусијата и односот на водителот може да се сметаат за индикативни. Водителот во овој период го менува форматот на емисијата со тоа што сега наместо да ги вика во студио, во 5 изданија од емисијата дел од учесниците ги вклучува телефонски. Така телефонски јавувања околу протестите на протестирам и на ГДОМ има во две емисии од кои во првата се јавуваат Миленко Неделковски, Мирка Велиновска, Бобан Нонковиќ, Владимир Пандов, во втората пратеникот и координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ Илија Димовски и актерот Тони Михајловски кој е дел од ГДОМ. Во две емисии во кои се дискутира околу аболицијата и уставноста на Специјалното јавно обвинителство телефонски се вклучуваат професорите од Правен факултет, Тања Каракамишева и Александар Климовски. Сите овие телефонски коментатори во емисијата се блиски до или се дел од владеачката партија ВМРО-ДПМНЕ. Во овој период во две од емисиите во студиото гостуваат уметникот Ацо Станковски и заменик министерот за земјоделство од ВМРО-ДПМНЕ, Ванчо Костадиновски.

Впечатливо во овој период е што во емисиите водителот, гостите, а често и гледачите најчесто се осврнуваат кон анти-владините протести на движењето „Протестирам" и собирите на ГДОМ. Притоа, кон акциите на „Протестирам" односот е отворено и доминантно негативен, напаѓачки и

демонизирачки и се асоцира со државен удар, обид за насилно преземање на власт, вандализам, радикализам, хулиганство и анархија предводена од странски подбуцнували и се поврзува со опозицијата. Односот кон собирите на ГДОМ е отворено поддржувачки позитивен и фаворизирачки и се асоцира со одбрана на државата, уставниот поредок, наводно „културно наследство" и цивилизирани мирни собири. Водителот, гостите и гледачите поретко се осврнуваат кон политичките субјекти од власта и опозицијата споредено со претходните набљудувани периоди.

> ***Пример:*** *„Во петокот требаше да се случи преземање на институциите , влегување во парламентот, е не било вчера , не било денес не било завчера , ќе било во четврток. А во четврток треба да се приклучат и командантите од УЧК, БЕСА радикалните албански елементи. Од друга страна веќе од Србија доаѓаат од Канвас, тоа е онаа организација која ги учи како се демонсрира, како да се тепа со полиција , како да протестираш, како да се заштитиш од солзавец , како да испровоцираш, како да влезеш во службен објект, како се пали како се прави молотов коктел и слично . Секако најинтересно и засега ова е без преседан е доаѓање на грци од Грција кои протестираат заедно со СДСМ за наводна правда*". **Јанко Илковски**, емисија од 20 април 2016.

Во однос на аболицијата на Иванов, водителот Илковски во повеќе случаи потенцира дека Груевски побарал да се повлече додека за Заев потсетува дека сегашниот лидер на СДСМ не побарал повлекување кога бил аболициран од Бранко Црвенковски.

> ***Пример:*** *„СЈО колку извади 5-6 , значи може да извади уште 10 снимки и да почне судски процес против овој против оној. Можеби ако не е Груевски за ова има за што друго, за д аси ја докаже вината или невиноста. Затоа и он побара да му биде повлечена. А и Зоран Заев сега побара, зошто не побара кога Бранко Црвенковски му даде аболиција? Зошто знаеше дека е крив, а сега знае дека има чадор. И сега јас имам право да шпекулирам, па шпекулирам бе луѓе. Затоа што сте се со еден Канвас и со Сорос, на кој ја не му верувам. Не можам, дека тие се борат за правда и сѐ. Овие дека се сјајни, далеку од тоа, ама ова е дамбетер. Ова дури не е да бираш меѓу змија да те апне или магаре. Туку, ова е меѓу три змии и дваесет магариња, со змии на грбот. Исто ти е. Така што убаво протестирајте*" Јанко Илковски, од емисија емитувана на 25 април.

Професорката од правниот факултет Тања Каракамишева во телефонското јавување во емисијата на ја брани одлуката за аболиција на претседателот Иванов како уставна и законска и го обвинува СДСМ дека преку протестите се обидува насилно да го урне уставниот поредок. Притоа бара укинување на партијата и забрана за нејзино учество на изборите.

> **Пример**: *„И тие не треба да се појават во изборен процес, затоа што спротивно на Уставот делуваат. Тие го рушат уставниот поредок, тие не прават добро за уставниот поредок и како такви не треба да постојат, прво треба да се забранат да постојат на политичката сцена , а второ ако веќе не можеме да ги забраниме тогаш нема да им дадеме право да учествуваат во изборен процес затоа што политичка партија која е легитимна и легална никогаш нема да си дозволи да го брани насилието , нередот кој се создава, хаосот кој се создава, психозата која се создава меѓу граѓаните. Никој жив не може да го брани ваквото деструктивно однесување и ваквото дивеење.* " Тања Каракамишева, од емисијата емитувана на 20 април.

- **Емисија „Миленко лејт најт шоу" - ТВ Канал5**

Во набљудуваниот период анализирани се четири (4) изданија на емисијата „Миленко Лејт најт шоу" со водителот Миленко Неделковски. Сите четири се занимаваат со теми од внатрешнополитичкиот живот на Република Македонија, како и со одредени аспекти на меѓународната актуелна геополитика и нејзиното влијание на домашната политичка сцена. И во овој период како соговорници на Неделковски главно се појавуваат вообичаените личности од земјава, претставени или како аналитичари или како познавачи на приликите и областа за која станува збор, кои честопати и

претходно биле гости во мисиите на Неделковски како Жидас Даскаловски, Денко Скаловски, Филип Петровски, Вангел Божиновски, Наталија Ивчева, Тони Михајловски, Александар Климовски, Александар Пандов. Исклучок е една од емисиите каде што гостин е адмирал Давор Домазет Лошо, геополитички стучњак и аналитичар од Хрватска. За сите четири емисии како заедничка нишка се провлекува исклучително негативниот, демонизирачки приод кон анализата на постапките и на личностите од опозицијата, со користење на познати стереотипи и вообичаен дискредитирачки вокабулар (криминалци, украинско сценарио, нелегално прибавени снимки, соросоиди, анти-Македонци), исто како и на меѓународната заедница. *(„Нема да има мир во Македонија додека не го избркаме Сорос од Македонија.... Зоран Заев е производ на Сорос“).*

Една од емисиите се занимаваше со аболицијата од претседателот Ѓорге Иванов и нејзините импликации врз актуелната политичка криза и во неа главната теза која се обработуваше беше онаа за спрегата на СДСМ (опозицијата) со недефинирани сили однадвор (Сорос, меѓународна заедница, ЕУ) во индуцирањето криза во Македонија со цел симнување од власт на „демократски избраната политичка гарнитура“ заради остварување на пошироки геостратешки агенди.

> **Пример**: *„Македонија е во средиштето на таканаречената асиметрична војна која има за цел уништување на христијанска Европа и таа е денес на браникот на Европа од бранот на бегалци кои се со намера да ја преплават Европа.“...„Главната причина за она што се случува со Македонија денес-протестите и нападот на институциите одвнатре, со цел македонската држава да ослабне до толку да мора да попушти браната кон Европа, а тоа се прави преку волчјите глутници на Сорос“* Домазет Лошо, хрватски аналитичар, емисија од 22 април.

> **Пример**: *„Не се сложувам со Иванов бидејќи мислам дека сите превејани криминалци треба да бидат осудени за своите дела, и да си ја одлежат казната, но имам информација дека Иванов со аболицијата всушност спречил државен пуч бидејќи имам информација дека СЈО подготвувало приведување на една личност (Груевски) и тој тоа со овој потег го осуетил“* Миленко Неделковски, емисија од 15 април.

- **Емисија „24 Анализа“ – ТВ 24 Вести**

Во набљудуваниот период анализирани се осум (8) изданија на емисијата 24 Анализа со различни водители. Во ниту една емисија не е забележан фаворизирачки или напаѓачки однос на водителот или гостите кон политички субјекти. Гости во емисиите емитувани во набљудуваниот период се Љупчо Георгиевски претседател на ВМРО-Народна Партија, Стојан Андов политичар, Дејан Лутовски од Левица, Министер за внатрешни работи од СДСМ Оливер Спасовски, Даниела Рангелова ВМРО ДПМНЕ, Софија Куновска од СДСМ, гостуваат поранешни новинари, членови на граѓански организации и здруженија и поранешниот амбасадор на ЕУ, Ерван Фуере. Теми за дискусија во емисиите сите актуелни прашања околу политичката криза.

- **Емисија „Аргумент“ МТВ2**

Во периодот од 16 април до 6 мај анализирани се три (3) изданија на емисијата „Аргумент“ на МТВ2. Во емисиите гостуваат претставници Џеват Адеми и Арбер Адеми од ДУИ, Едмонд Адеми од СДСМ, Елми Азири од ДР-ДПА, Дритан Сулејмани од Движењето Бесан, новинари и аналитичари Албанци кои дискутираат на актуелните политички теми. Во сите изданија не е забележан фаворизирачки или напаѓачки однос кон политичките субјекти.

- **Емисија „Акцент“ – МТВ1**

Во набљудуваниот период емитувано е едно (1) издание на емисијата Акцент на Македонската радио-телевизија. Гостин е пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ Зоран Илиоски кој дискутира на актуелните политички и економските теми. Водителот напоменува дека во емисијата се поканети и претставници на другите парламентарни партии СДСМ, ДУИ и ДПА, но не се одзвале на поканата. Во емисијата не

е забележан фаворизирачки или напаѓачки однос кон политички субјекти.

- **Емисија „Вин-вин“ – 24 Вести**

Во набљудуваниот период следени се четири (4) изданија на емисијата Вин-вин на новинарката Оливера Трајковска. Соговорници во овие емисии се новинари и универзитетски професори кои се осврнуваат на политичката состојба. Притоа не е забележан неаргументиран напаѓачки, или фаворизирачки однос кон политичките субјекти.

- **Емисија „Топ тема“ – ТВ Телма**

Од емисијата Топ тема во наведениот период анализирани се петнаесет (13) изданија со различни водители. Во изданието на емисијата емитувано на 18 април во кои гостуваат Универзитетските професори Јетон Шасивари, и Јасна Котеска и Бранимир Јовановиќ од партијата Левица од страна на гостите и водителот е забележан напаѓачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ. Ваквиот однос од страна на водителот се забележува во темата која ја определува на почетокот од емисијата, а која гласи:

Пример: „Се враќа граѓанскиот ентузијазам за борба со криминалците во владата. Дали излезот е во повлекувањето на триото, Груевски, Иванов, Мијалков? “ Александар Чомовски, 18 април.

Во останатите изданија на емисијата се задржува критички однос кон политичките субјекти, а притоа како гости во студиото се присутни Зијадин Села од ДР ДПА, Павле Трајанов од ДС, Димитар Апасиев од Левица, критички, про и анти владини коментатори од граѓански здруженија, движења и универзитетски професори кои дискутираат на актуелни политички и економски теми.

- **Емисија „Во центар“ – ТВ Канал 5**

Од емисијата во Центар на новинарот Васко Ефтов во набљудуваниот период се анализирани две (2) изданија. Во двете изданијата на емисијата се обработуваат теми кои не се однесуваат на политичката состојба во Македонија и не се спомнуваат политичките субјекти. Не е забележан негативен, напаѓачки или стереотипизирачки однос.

- **Емисија „Патот кон“ – ТВ Алсат-М**

Во набљудуваниот период анализирани се две (2) изданија од емисијата Патот кон. Во емисиите гостуваат Едмонд Адеми од СДСМ, Артан Груби од ДУИ, Орхан Ибрахими од ДПА и универзитетски професори кои дискутираат за актуелните политички и економски случувања. Во емисиите не е забележан напаѓачки или фаворизирачки однос кон политичките субјекти.

- **Емисија „Дебата“ – ТВ Нова**

Во овој период анализирани се петнаесет (15) изданија на новата емисија „Дебата“ на ТВ Нова. Во емисиите се забележани повеќе негативни и напаѓачки врамувања на политички субјекти, но исклучиво од страна на гостите во емисијата кон СДСМ и кон ДУИ, а позитивни и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и владата. Притоа водителот задржува неутрален однос, но и не ги коментира нападите. Во набљудуваните изданија на емисјата во овој период од претставниците на политичките субјекти гостуваат Зоран Ставревски, министер за финансии и член на ВМРО-ДПМНЕ и Бујар Османи од ДУИ, како и независната пратеничка Солза Грчева. Останатите гости се универзитетски професори, политички коментатори и хрватската европратеничката Маријана Петир. Темите на дискусија ги опфаќаат сите актуелни политички и економски случувања.

- **Емисија „Клик“ – ТВ 21**

Во набљудуваниот период од 16 април до 6 мај анализирани се четири (4) изданија од емисијата Клик. Гости во овие изданија покрај тројцата редовни аналитичари застапени се политички претставници на сите партии на Албанците во Македонија. Во емисиите гостуваат Блерим Беџети, од ДУИ поранешен

министер за правда, Митасим Беќири, член на претседателството на ДПА, Фатмир Бесими, од ДУи зам.премиер во владата на РМ, Луан Треси, портпарол на ДПА, Илми Селами од ДУИ, Фатмир Лимани од ДУИ, Дукаѓин Османи од ДР ДПА, Зијадин Села, лидер на ДР ДПА, Али Ахмети, лидер на ДУИ, Беким Незири од ДУИ, Азем Садику од ДПА. Во сите изданија на Клик не е забележан фаворизирачки или негативен однос кон политичките субјекти. Теми на дискусија се актуелни политички случувања, состојбата во албанската опозиција, евроатланската интеграција на Македонија како и состојбата во медиумите.

- **360 степени – Алсат-М**

Во периодот анализирани се седум (7) изданија на емисијата 360 степени со водителот Васко Попетревски. Во едно од изданијата гостин е Стево Пендаровски од СДСМ. Останатите гости се универзитетски професори, коментатори, новинари, активисти и претставници на граѓански организации кои дискутираат на актуелните политички теми. Во ниту едно од нив не е забележано врамување, ниту фаворизирачки или напаѓачки однос кон на политички субјекти или актери. Во емисиите гостуваат претставници на на невладини организации, аналитичари, активисти, универзитетски професори. Притоа не е забележано врамување на политички субјекти ниту фаворизирачки или негативен однос кон нив.

- **Емисија 200 – Алсат М**

Во набљудуваниот период анализирани се три (3) изданија од емисијата 200 со водителот Назим Рашиди. Во ниту едно од нив не е идентификувано врамување, фаворизирање или негативен однос кон политичките субјекти и актери. Во емисиите гостуваат Радмила Шеќеринска СДСМ, Зијадин Села ДР - ДПА, Бујар Османи ДУИ, Беким Фазлиу ДПА, Рафиз Алити ДУИ кои дискутираат на актуелните политички теми со акцент на улогата на Албанците во овие процеси.

## VI. МЕТОДОЛОГИЈА

### 1) Теоретско - концептуална рамка

Методот што се применува во ова истражување се потпира на теоријата за врамувањето (framing) која објаснува на кој начин медиумите ги врамуваат темите од општествениот и политичкиот живот за кои известуваат. Рамката на известување (news frame) е „централната идеја", или „линијата на приказната" која го организира новинарскиот текст и им дава значење на настаните што во него се редат. Таа е централна организирачка идеја во информативната содржина, која обезбедува контекст и сугерира во што се состои прашањето, преку селектирање, нагласување, исклучување и елаборирање.

Рамката на известување содржи четири аспекти: (1) *Темата* на информативниот прилог – што е вклучена во рамката; (2) *Презентација* – обем и место на прилогот; Покрај овие аспекти, елементи кои се оценуваат од аспект на презентацијата се и фотографиите, цитатите, насловите и поднасловите; (3) *Когнитивни обележја* – детали за тоа што е вклучено во рамката; (4) *Афективни обележја* - тонот на известувањето.

Собирањето податоци за квантитетот на известувањето посветено на различни политички субјекти не дава целосна слика за плурализмот што го претставуваат медиумите. Јавната претстава за политичките партии, кандидати или лидери не се обликува само преку обемот на времето што им се доделува, туку и преку начинот на кој тие се претставени. Оценката на приодот или 'тонот' на известувањето покажува каков е ставот или приодот на медиумот кон конкретниот политички субјект. Меѓутоа, ова не е доволно за да се оцени дали медиумот известува објективно и точно. Континуираното неточно известување е еден од најсериозните недостатоци во медиумското покривање на политичките настани што може да се утврди само со помош на сеопфатна квалитативна анализа, која подразбира пословени методолошки постапки (на пример, споредба на известувањето со реалните настани или следење на известувањето на еден ист настан на повеќе медиуми).

**3) Методолошки приод применет во истражувањето**

Ова истражување има за цел да утврди дали медиумите ги почитуваат професионалните стандарди во известувањето за политичките актери утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија и во кодексите на меѓународните организации. Анализата треба да одговори на следниве истражувачки прашања:

- Колку во вестите се изнесуваат коментари и оценки со кои се фаворизира, односно се напаѓа определено политичко гледиште (неаргументирано или на начин со кој новинарот самиот зазема страна)?
- Кои се најизразените примери на фаворизирање односно демонизирање на политичките субјекти во вестите?
- Кои се најчестите примери на манипулирање со изворите? Дали мислењата на изворите што се наведуваат во вестите се најчесто спротивставени или застапуваат во основа едно исто гледиште?
- Кои политички субјекти се најчесто застапени со директни обраќања во вестите? Дали одделни политички гледишта се премногу застапени, а други се исклучени?
- Дали во вестите се користи манипулативна аудиовизуелна презентација? Кои се нејзините најчести форми?
- Дали во вестите и актуелно-информативните емисии има експлицитни повици на насилство, негативен говор и стереотипизација кон групи?
- Дали во актуелно-информативните емисии се води грижа адекватно да бидат претставени различни и спротивставени гледишта за темата која е предмет на дебата? Дали има фаворизирање односно демонизирање на политичките субјекти од страна на водителите/новинарите?

За да се одговори на овие три истражувачки прашања треба најпрво јасно да се дефинираат концептите "непристрасно" и „балансирано" известување кои всушност тесно се испреплетуваат. Во овој сегмент од анализата, се користат дефинициите и методолошките насоки дадени во *Насоките за медиумска анализа во текот на мисиите за набљудување на изборите*изработени во 2005 година од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), Директоратот за човекови права и Комисијата за демократија преку правото (Венецијанска комисија) на Советот на Европа и Европската комисија.Квантитативниот аспект на балансираноста е поврзан со обемот или времето што радиодифузерот го одвојува во вестите за известувањето на активностите на некој кандидат или организатор на изборна кампања, а квалитативниот со приодот или 'тонот' на известувањето.

Предмет на оваа анализа не е квантитативниот, туку пред се квалитативниот аспект на балансираноста – приодот или начинот на кој медиумите ги „врамуваат" политичките актери за време на изборната кампања. Покрај тоа, предмет на анализа се и сите вести и информативни емисии каде се среќава говор што поттикнува и засилува стереотипи дискриминирачки говор или говор на омраза кон групи и поединци?

Методот што се применува за да се одговори на прашањата за начинот на врамивање на политичките субјекти е *анализа на содржина* која се дефинира комбиниран приод што се фокусира и на квалитативни и на квантитативни аспекти на медиумските прилози/текстови. Дополнително за да е утврди дали во некои содржини има говор на омраза или дискриминирачки говор кон групи и поединци е *критичка дискурзивна анализа*. Тоа е квалитативен приод кој става нагласок на функцијата и значењето на медиумските текстови во конкретниот општествен и политички контекст

Рамката на известувањето на медиумот за конкретниот политички субјект се утврдува откако во прилогот што се анализира ќе се кодира присуството на неколку елементи: употребата на експлицитни оценки на новинарот/редакцијата за релевантниот субјект; манипулативната употреба на филмови, слики и звуци; присуството и селекцијата на директното обраќање на политичкиот субјект; бројот и позицијата на изворите; и главната тема што доминира во прилогот.

**3) Примерок и период на реализација**

Се анализираат сите централни информативни изданија и дел од информативните емисии на телевизиите.

Во примерокот медиуми вклучени во анализата се: МТВ 1, МТВ 2, Сител, Алсат М, Телма, Алфа, Канал 5, 24 вести, ТВ 21 и ТВ Нова.

**4) Истражувачки тим**

Во истражувачкиот тим се вклучени 15 аналитичари и тројца истражувачи од Институтот за комуникациски студии.

**ДЕТАЛНА АНАЛИЗА**
**од следењето на медиумските содржини преку Механизмот**
**за набљудување и реакција при Институтот за комуникациски студии**
**(период: 16 април - 7 мај 2016)**

## 1. Македонска телевизија – Прв сервис

### Прва недела (16 – 22 април 2016)

МТВ 1 во известувачкиот период од 16 до 22 април објави вкупно 91 прилог за актуелните политички настани. Најголем број од прилозите се за: политичката криза и предвремените парламентарни избори (24 прилози), за владините проекти (12 прилози), за протестите (11 прилози), за аболицијта од претседателот Иванов (8 прилози), за работата на СЈО (6 прилози), а активностите на опозицијата (4 прилози), за суспендирањето на одлуките на министрите од опозицијата (2 прилози); за состојбата со бегалците (2 прилози), за медиумите (2 прилози), еден прилог за активностите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски и други теми.
Во 11 прилози забележан е фаворизирачки однос кон власта и владејачката партија, додека во ниту еден нема експлицитен негативен став кон ниту еден политички субјект или поединец.

Коментари и оценки во вестите: Централниот дневник на МТВ1 во анализираниот период и во овој седумдевен период го следи трендот на поблаг тон на фаворизирање. И натаму доминираат афирмативните прилози за работата на Владата и владејачката ВМРО ДПМНЕ (16 април „Здравство: Нов оглас за кофинансирани специјализации“, 18 април „Стара чаршија: Девет дуќани добија нов автентични излози“, „Здравство: Нова опрема за амбулантата во Железарница“,
19 април „Здравство: 10 лекари ќе заминат на специјализација во Белград“,19 април „Детска клиника: Апарат за спречување на колапс на белите дробови“, 20 април „Ќе се набавуваат три електрични локомотиви“, 22 април „Здравство: Нови инвестиции во прилепската болница“). Мал е и бројот на прилози кои ја следат активноста на опозицијата и тие и натаму се однесуваат или на промоција на партијата и програмата (21 април „Јубилеј: 25 годишнина од основањето на СДСМ“), или се критика на некоја владина политика (18 април „Министерство за финансии:Наумов: Не сум добил одлука за потпис“, 20 април „МИОА: Кирацовски: Има притисоци врз администрацијата“, 22 април „МИОА: Кирацовски: Томовска доставила неточен список“).
Во однос на известувањето за дневно – актуелните настани, посебно околу протестите, МТВ1 известува избалансирано, со обезбедување подеднаков информативен простор и за протестите на Протестирам и за оние на ГДОМ, без фаворизирачки или демонизирачки тон кон ниту еден од овие субјекти.
Трендот на објавување на ставоите на сите страни (најчесто двете СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ) е забележително при известувањето и за настаните околу политичката криза и изборите и околу аболицијата.
Во прилогот од 19 април „ВМРО-ДПМНЕ: Ќе се отвора агро-бизнис зона“, телевизијата во телопот назначува дека се работи за партиска активност, иако известувањето во прилогот останува со благ фаворизирачки тон.

Користење извори: И во овој период во прилозите на МТВ1 најчесто се користи еден извор (63 прилози). Во 8 прилози се презентираат два, од кои во 6 тие се истомислечки става, додека во 4 прилози се презентирани три или повеќе мислења за темата, но во 3 тие се со исто гледиште. Во 10

прилози новинарот јасно не презентира извор на информацијата, но содржината не во манипулативни цели, туку е информативна.

<u>Директни обраќања:</u> Во анализираниот период видлив е мал број дирекнит обраќања на лидерите на политичките партии – само две и тоа по едно од лидерите на двете најголеми партии СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ Заев и Груевски.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Во 10 прилози се забележани елементи кои даваат поинаква слика за реалната состојба.
Во прилозите од „Потрошувачка кошница: Добра деловна клима за повисок стандард“ од 16 април и „Германска стопанска комора:75% од фирмите повторно би инвестирале“ и „пензионери на пазар“ од 20 април се манипулира со изворот на информацијата при што во првиот слуачј тоа се неименувани соговорници (пензионер) кој изразува ставови што се на линија на фаворизирачкото информирање во полза на владината политика. Во вториот случај за иста цел е искористена изјава на неименуван германски бизнисмен.
Некритичко пренесување информација има во прилогот од 19 април „ВМРО-ДПМНЕ: Ќе се отвора агро-бизнис зона“, каде информацијата што ја презентира една партија се пренесува како факт.
Визуелна манипулација е забележана во прилогот од 19 април „Реакција СДСМ: Владата не покажа интерес за земјоделците“, каде информацијата ја следи често употребувана снимка од партиското седиште кое едвај се препознава.

<u>Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:</u>

- (16 април оценка на новинар) Подобрата деловна клима обезбедува добри услови за егзистенција. Минималната плата, регресот за годишен одмор и другите мерки се насочени кон намалување на невработеноста. Тука се и мерките за вработување.
- (19 април оценка на новинар) Отворање на агро-бизнис зона најави лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, како еден од зацртаните проекти на партијата
- (20 април) Германска стопанска комора:75% од фирмите повторно би инвестирале

**<u>Втора недела (23 – 28 април 2016)</u>**

МТВ 1 во известувачкиот период од 23 до 28 април објави вкупно 75 прилози во врска со актуелните политички настани. Најголем број од прилозите се за: предвремените избори (20 прилози), владините проекти (11 прилози), протестите (6 прилози), СЈО и случајот Крпач (6 прилози), активностите на опозицијата (3 прилози), активности на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски (2 прилози), медиумите (2 прилози), влијанието на кризата врз економската состојба (2 прилози), аболицијата на претседателот Иванов (1 прилог) и други теми. Во 14 прилози забележан е фаворизирачки однос најмногу кон Владата и во помал обем кон владејачката партија ВМРО ДПМНЕ.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Поблаг тон на фаворизирање во прилозите е карактеристика и за овој анализиран период на вестите на Јавниот сервис. Афирмативното известување е во прилозите кои се однесуваат на работата на Владата (24 април „Мерки: Субвенции за поквалитетен добиток“, 25 април „Здравство: Нова опрема за поликлиниката Чаир“, 25 април „Ѓорче Петров: Реконструкција на главната улица“, 26 април „ФЗОМ: Со новите мерки прегледани 40 илјади осигуреници“, 28 април „Нова апаратура во велешката болница“, 28 април „Синдикати Сигурни работни места и редовна плата“) и за активностите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски (23 април „Предлог-мерка: Субвенции за набавка на високоприносен добиток“, 28 април „Груевски: Кризата ќе заврши, Македонија ќе победи“). И оваа седмица мал е бројот на прилози во кои се известува за активностите на опозицијата (3), но пред се како резултат на нивното отсуство на теренот.

<u>Користење на извори:</u> Во 39 прилози се користи само еден извор на информирање. Во 11 тоа се два извори, но во 8 прилози соговорниците се со исти ставови за темата. Во 6 прилози се цитираат три или повеќе извори, но само во еден тие се спротивставени. Во 5 прилози нема јасно наведен извор.

Директни обраќања: Во вестите на МТВ1 објавени се вкупно 7 директни обраќања на лидери на политички субјекти. Најмногу – 3 се на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски, и по едно на лидерот на СДСм Заев, на ПЕИ Цановски, на ФРОДЕМ, Кекеновски и на ДС Трајанов.

Аудиовизуелна манипулација: Во 7 прилози има елементи на аудиовизуелна манипулација. Главен тип на манипулирање останува во прилозите за владините проекти, каде како субјекти се претставници ан владејачката партија, кои наликуваат на политички маркетинг. Истото важи и за прилозите кои се однесуваат на активностите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски („Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, кој беше во посета на приватна фарма во Сопиште рече дека оваа мерка треба да им овозможи на фармерите...“ од 23 април). Прилогот од 28 април „Груевски: Кризата ќе заврши, Македонија ќе победи “ ги содржи овие манупулативни елементи, но во телопот се назначува дека „Груевски промовира проект на партијата“.

Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:

- ((23 април оценка на новинар) Субвенции за набавка на високоприносен добиток за поголеми приноси на млеко и месо, а со тоа и на поголема заработувачка, предлог-мерка на ВМРО-ДПМНЕ

**Трета недела (2  – 7 мај 2016)**

Во набудувачкиот период од 2 до 7 мај, во централните вести на МТВ1 објавени се вкупно 55 прилози за политички актери и актуелни политички настани. Најмногу од прилозите беа на тема предвеwork избори и политичката криза (17 прилози), протестите и контрасобирите (10 прилози), влијанието на политичката криза врз економијата (4 прилози), владините проекти и инвестиции (3 прилози), активности на опозицијата (3 прилози), аболицијата од Иванов (2 прилози), работата нна СЈО и случајот Крпач (2 прилози), за медиумите 1 прилозг и други актуелни теми.
Во пет од прилозите што се предмет на оваа анализа се забележани елементи на фаворизирање на субјектот, во случајот Владата и владините функционери од ВМРО ДПМНЕ. Нема ниту еден прилог со демонизирачки став кон некој субјект.

Коментари и оценки во вестите:  Веќе втора недела забележителен е поинаков приод во известувањето во вестите на првата програма на Јавниот сервис. Ако минатата недела имаше помал број прилози кои ја фаворизираа власта и конкретно владејачката ВМРО ДПМНЕ, оваа недела бројот на пропагандни прилози (со многу поблаг тон) е само пет од вкупно 55 објавени  (2 мај „Локална самоуправа:Обновено уличното осветлување во Охрид“, 3 мај „ЕК за Македонија: Економијата ќе порасне за 3,5% во 2016 и 2017“, 4 мај „ЕУ: Конференција за западен Балкан во Брисел“, 5 мај „Влада: Државни грантови за самовработување“, 5 мај „Вашингтон: Македонија во Клубот за надворешна политика“).
Сепак, вестите и натаму се анахрони и наликуваат на просто редење на информации за дневните настани. Забелешително е дека во овој период, МТВ1 не објави ниту еден прилог за активностите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, што не беше случај претходно. Телевизијата во вести објави и прилози за најавениот протест во затворот Идризово, за префрлањето на вината мешу функционерите на власта и опозицијата во Министерството за земјоделство во врска со сточната болест јазлеста кожа, додека за протестите и контрасобирте известуваше избалансирано, со подеднаков број прилози и за активностите платформата Протестирам и на здружението ГДОМ. Активностите на опозицијата беа претставени со 3 прилози кои беа реакции на владината политика на задолжувањето и злоупотреби на средства (3 мај „Финансии: Реакции на аукцијата на државни хартии од вредност“, 6 мај „Финансии: Наумов за случувањата на пазарот на капитал“, 7 мај „Земјоделство: Николовски: Има злоупотреба на јапонска помош“).

Користење извори: Најмногу од прилозите (30) се со еден извор на информација. Осум прилози (8) се со три или повеќе извори, но во пет тие се со идентични ставови. Во 4 прилози има два узвори, но само во два тие се спротивставени. Во 7 прилози не се посочува конкретен извор на информации, но тие не се манипулативни.

Директни обраќања: Телевизијата објави вкупно три изјави на лидерти на политички партии, по едно на лидерот на СДСМ Заев, на ДОМ Поповска и на ДС Трајанов.

Аудиовизуелна презентација: Незначителен е бројот на прилози неделава во кои има манипулативни елементи (2). Освен прилогот „ЕК за Македонија: Економијата ќе порасне за 3,5% во 2016 и 2017“ (3 мај) каде се презентираат селектирани податоци кои имаат за цел да ја нагласат успешноста на македонската економија, елементи на манипулација има и во прилогот од 4 мај „ЕУ: Конференција за западен Балкан во Брисел“, каде се манипулира со факти, и некритички се прикажува имиџот на министерот за надворешни работи Попоски и на власта воопсто во подобро светло, а воедно Конференцијата на народните партии во Брисел е претставена како извор на официјални ставови на ЕУ.

## 2. Македонска телевизија – Втор сервис

### Прва недела (16 – 22 април 2016)

На вториот канал од Македонската телевизија се емитувани 70 прилози за политичките субјекти, од кои 31 прилог се за протестите против аболицијата, 7 прилози за изборите, 6 прилози за Специјалното јавно обвинителство, 5 прилози за медиумите, и за други теми. Има 7 прилози за активностите на ДУИ, како и два позитивни и еден критички прилог за Владата.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата ги проследува протестите против аболицијата на Иванов и кризата која во земјата ја создаде таа (18 април: „Протести против одлуката на Иванов и против одржување на изборите на 5 јуни“; “Искршена канцеларијата на претседателот во Тетово“), но и реакциите на актот за аболиција (18 април: „Осуда на одлуката на Иванов од вонпарламентарните партии“), како и пораките од меѓународната заедница (19 април: „Имплементирајте го Пржино, нема нов договор во Виена, вели Коцијанчиќ). Настаните се следат како што се развиваат (19 април: „Во Скопје продолжуваат протестите“; „Аналитичарите очекуваат одложување на изборите“). Во тој стил се покрива и ставот на СДСМ дека за партијата да оди во Виена треба да се повлече аболицијата и одлуката за одржување на изборите на 5 јуни, како и реакцијата на амбасадорите до Иванов (20 април: „Одлуката за аболиција ја продлабочува кризата“). Настаните не се покриваат само информативно, туку и аналитички (20 април: „Аналитичарите сметаат дека САД треба да имаат клучна улога во решавањето на кризата“). Пренесени се и меѓусебните обвинувања на партиите за неуспехот да се одржи средба во Виена, пред се` меѓу ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, но и ставовите на ДПА дека со тоа се загрозуваат интеграциите, како и на помалите партии, дека „Иванов направи пуќ кон СЈО и институциите“. Паралелно се следат собирите на движењето „Протестирам“ и на здружението „ГДОМ“. И натаму на меѓународните пораки во врска со состојбата во Македонија им се дава простор (22 април: „Ситуацијата е многу сериозна, вели Коцијанчиќ по неуспехот на средбата во Виена“), како и на експертските ставови што се обидуваат да понудат решенија (22 април: „Експертите бараат да се свика итна седница на Собранието“). Се пренесуваат и пораките од протестот на Албанците (22 април: „Албанците се денеска тука за целосна еднаквост, за бинационална држава“; „Да се потпише еден нов договор меѓу Албанците и Македонците“)
Забележана е и работата на Специјалното јавно обвинителство, и тоа и за веќе почнатите случаи (20 април: „Случај Трранспортер, притвор за секретарот на општина Битола“), како и за новотворените (21 април: „Случај ТНТ, објектот Космос е урнат незаконски“), но и за проблемите со кои се соочува обвинителството (21 април: „Фетаи: ни се заканувaат со семејствата, но нема да застанеме“).
Партијата ДУИ е пофалена со позитивен прилог (18 април: „Се ангажираме за 24-часовна програма на албански на МТВ и на радио“).

Користење на изворите: Има 36 прилози со еден извор и 20 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција на изворите, а во 7 се забележани извори со спротивставени ставови.

Директни обраќања: Лидерот на СДСМ Зоран Заев е емитуван со едно директно обраќање, како и лидери на помали партии на Албанците.

Аудиовизуелна презентација: Како манипулативна аудиовизулена презентација е забележана појавата на лидерот на ДУИ Али Ахмети два пати помеѓу гостите на реновираните бањи во Дебар, во прилог од 16 април.

## Втора недела (23 – 28 април 2016)

МТВ2 во вестите во анализираниот период објави вкупно 55 прилози за политичката состојба. Најмногу од нив се за аболицијата (13 прилози), за протестите (6 прилози), за изборите (10 прилози), за активностите на СЈО (4 прилози) и за медиумите (4 прилози). Во четири (4) прилози се третираат теми од интерес на албанската заедница, од кои два прилози се со фаворизирачки однос кон ДУИ. Во 4 прилози се изнесуваат ставовите на опозицијата за критички за власта.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата известувачки ги пренесува настаните од политичката криза и протестите против аболицијата, а вниманието е насочено кон можните реакции и санкции на меѓународната заедница, а има и аналитички прилози на таа тема: "Протестите на "протестирам" во 11 - от ден", "САД се загрижени за кризата во Македонија, Иванов да ја повлече одлуката за помилување", , "Уште има време за повлекување на аболицијата", можни се и "санкции за политичарите"(23 април).
Телевизијата во прилогот "Политичката криза во Македонија станува пречка за интеграциите"(24 април), ја пренесува изјавата на бугарскиот министер за надворешни работи. Во вестите од 25 април се информира и за приведувањето на Здравко Савевски од "Левица", и реакциите на Цивил, Студентскиот пленум (28 април).
Во врска со работата на СЈО се пренесуваат нападите од владејачката партија "ВМРО ја обвинува СЈО дека е политички ориентирана и дека носи селективни одлуки", и реакцијата "СДСМ, одговараат, на Груевски му пречат независни институции" (23 април).
Пренесени се и обвинувањата на СДСМ за "бизнис врски со Панама на семејството на Иванов", како и одговорот од Кабинетот на претседателот за тужба (24 април).
Од темите од интерес на албанската заедница се повторува барањето, "Албанците во Македонија, сакаат бинационална држава, велат од партијата на Села"(24 април).
За медиумите се анализира "Извештајот на "Фридом хаус"за слободата на медиумите во кој Македонија е на последно место во регионот", и се пренесуваат експертските мислења дека "тоа е очекувано, земајќи ја предвид ситуацијата во земјата" (27 април).

Користење на изворите: Објавени се вкупно 28 прилози со еден извор и 12 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција на изворите.

Директни обраќања: Нема директни обраќања.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презенатција.

## Трета недела (2 – 7 мај 2016)

Вториот канал на Македонската радио телевизија во известувачкиот период емитуваше 50 прилози поврзани со политичките актери, состојби и процеси. Доминира темата за кризата предизвикана од аболицијата од претседателот Иванов (16 прилози), а потоа следуваат протестите (6 прилози), предвремените избори (4 прилози), медиумите (4 прилози) и други теми. Шест прилози се со албански етнички фокус, четири се промотивни за проекти на Владата, но два се критички кон Владата.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата неутрално и критички известува за настаните од политичката криза (2 мај: „Дали Иванов отиде предалеку со амнестијата"). Се пренесуваат и насловите од странскиот печат (2 мај: „Македонија се врти меѓу западот и истокот"). Редовно се пренесуваат изјавите на политичките актери (3 мај: „Заев не попушта, ќе бараме отстранување на аболицијата од Иванов, вели тој"). Истиот пристап го има и кон протестните собири (4 мај: „Протести: цивилниот сектор продолжува со шарената револуција"), како и кон ставовите на

меѓународните претставници (5 мај: „Орав вели претседателот да ја повлече одлуката за аболиција“. Информациите дека продолжуваат протестите на граѓанското општество и дека од различни страни пристигнуваат барања до претседателот Иванов да ја повлече одлуката за аболиција, за да не се продлабочи политичкатакриза, се пренесуваат и во аредните денови. Аналитички пристап има кон назначувањето специјален пратеник за Македонија од Германија (5 мај: „Според аналитичарите, интервенцијата на Германија  зборува колку е сериозна кризата“). Се информира и за можните економски последици (5 мај: „Кризата и влијанието во економијата: Богов вели дека ако продолжи, ќе ги почувствуваме последиците“.
Во врска со изборите, се информира за тековните случувања (6 мај: „ВМРО-ДПМНЕ остана сама, трите други партии не доставија листи со членови за изборните одбори“).
Покриени беа и настаните по повод светскиот ден на слободата на медиумите, а се пренесе ставот на организацијата Цивил (3 мај: „Македонија е во медиумска темнина“).
Од темите од посебен интерес за Албанците, акцентот беше ставен на наближувањето на годишнината од кумановските настани (5 мај: „Од Дивата населба, велат, ние сме за меморијален марш, а не за протести“.
Меѓу критичките прилози за Владата, емитуван е и еден во врска со нерегуларности во фондовите за земјоделство, на 7 мај.

<u>Користење на изворите:</u> Има 18 прилози со еден извор и уште 15 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција, како и 10 со по два или повеќе различни и спротивставени извори.

<u>Директни обраќања:</u> Емитувано е едно директно обраќање од лидерот на СДСМ, Зоран Заев.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Како манипулативна аудиовизуелна презентација е забележана зумирана слика од Ахмети како држи говор по повод „5 мај, денот на паднатите херои“, во генералната најава од 5 мај, иако  не се споменува неговото име, а за празникот се зборува генерално.

## 3. СИТЕЛ

### <u>**Прва недела (16 – 22 април 2016)**</u>

Во известувачкиот период од 16 до 22 април 2016 година на телевизија Сител се објавени вкупно 75 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на: политичката криза и изборите (21 прилог), на протестите (18 прилози), на новите мерки и проекти на Владата и локалните институции раководени од ВМРО-ДПМНЕ (7 прилози), Аболицијата од претседателот Иванов (6 прилози), промотивните и другите активности на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (5 прилози), работата на Специјалното јавно обвинителство (3 прилози), суспендирањето на одлуките на министрите од опозицијата (2 прилози), за активностите на опозицијата и за бегалската криза по еден прилог и други теми.
Во најголем број известувања за овие теми телевизијата изразуваше позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ, и негативен и демонизирачки примарно кон СДСМ, а во анализираниот период и кон организаторите и учесниците во граѓанските протести против одлуката за аболиција.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> И во текот на овој известувачки период телевизијата имаше фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзините функционери, а негативен, напаѓачки и демонизирачки кон СДСМ. Коментаторска содржина е забележана во 10 прилози кои се со негативен тон на известување кон кон СДСМ и протестите организирани од граѓанското здружение Протестирам.

Најголем број од напаѓачките прилози беа насочени кон лидерот на СДСМ Заев кој е обвинуван дека стои зад “насилни протести“, за “дестабилизација на земјата“, за „федерализација на Македонија“ и за “насилна промена на власта“ (16 април „Заев се гордее со Црвенковски-призна дека давал насоки за насилни протести“, 18 април „Дестабилзиацијата на Македонија во корист на Грција за притисок за промена на името“, 22 април „Дали во позадина на сценариото за дестабилизација е план за

федерализација на Македонија“, 22 април „Македонија е дел од планот на Сорос и СДСМ преку обоена револуција насилно да се промени власта“). Во прилогот од 17 април новинарот го нарекува Заев бомбаш самоубиец („Бомбаш самоубиец никаде и никогаш не донел демократија и социјална правда). Телевизијата интензивно ги следеше протестите против аболицијата од претседателот Иванов и оние што како реакција ги организираше ГДОМ.

Сите прилози емитувани за протестите на Протестирам се напаѓачки, при што се користи фразата „протести организирани од Сорос, СДСМ и Беса“ (18 април „Продолжуваат насилните протести на СДСМ, Сорос и Беса против изборите“,19 април „Од петок на протестите на СДСМ, сорос и Беса се придружува и УЧК: Во четврток ГДОМ ги организира најмасовните протести досега“, додека собирот на ГДОМ се нарекува „народен“ (19 април „Протестите на ГДОМ далеку помасовни - за во четврток се најавува најмасовниот протест досега за избори и крај на кризата“, 22 април „Народот решително бара избори за излез од кризата. Масовен протест на ГДОМ“).

Следењето на активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски продолжува со ист интензитет како во периодот додека беше премиер. Притоа се алудира на целосна симбиоза меѓу државата и партијата (17 април “Науката, преку земодјелски советници“,18 април „Земјоделскиот советник ќе овозможи поквалитетни и поконкурентни земјоделци“,19 април „Груевски најави уште еден мега- проект за земјоделците“, 18 април „Две семејства од Кратово го решија станбеното прашање“).

Телевизијата продолжи и со трендот на давање збор на опозицијата, иако бројот на прилозите емитувани во овој период е помал.

<u>Користење извори:</u> Најмногу од новинарските прилози се со еден извор на информација (36 прилози). Во 10 прилози се користени повеќе од две мислења, а во 8 тие се на иста линија. Во 10 прилози се цитираат два извори, но во 7 од нив тие се истомислечки. Во 3 прилози, новинарот не се повикува на ниту еден извор.

<u>Директни обраќања</u>: Во анализираниот период објавени се вкупно 9 директни обраќања на политички лидерти. Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски беше застапен со пет директни обраќања, додека останатите 4 се на лидерот на СДСМ Зоран Заев.

<u>Аудиовизуелна презентација</u>: Во 33 прилози во анализираниот период има елементи на аудиовизуелна манипулација. Емитувањето промотивни содржини за Никола Груевски, партијата ВМРО-ДПМНЕ, како и за работата на институциите раководени од нејзини кадри, остануваат еден вид на аудиовизуелна манипулација.

Забележани се и други примери. Беа емитувани стари изјави на лидерот на СДСМ од 2008 година, и стаоро писмо на Џорџ Сорос (16 април „Заев се гордее со Црвенковски-призна дека давал насоки за насилни протести“, 22 април „Македонија е дел од планот на сорос и СДСМ преку обоена револуција насилно да се промени власта“)како и изјави кои се врамуваат во поинаков контекст (17 април „Лидерите од регионот загрижени за Македонија, констатираат наметната криза и посакуваат мирна разврска“, 21 април „Лидерската средба во Виена е откажана- Заев стави крај на можноста за реализација на договорот“)

Телевизијата продолжува да објавува прилози кои ги темели на неаруметирани информации од извори како што се нерелевантни портали, социјални мрежи и анкети (18 април „ Нетпрес: Дестабилзиацијата на Македонија во корист на Грција за притисок за промена на името“, 21 април „Курир: Функционери и членови на СДСМ и СОРОС во уништување и хулиганство“,19 април „Јавни личности и истакнати уметници реагираат на вандализмот“, 19 април „Граѓаните се противат на демолирањето на спомениците и државните институции“).

Визуелна манипулација има во прилогот од 16 април „Хан најави нов обид заедно со европратениците да ги седнат македонските партиски лидери на иста маса“, каде информацијата е проследена со видео материјал од протестите во Скопје, иако во изјавата на меѓународниот претставник во ниту еден дел

тие не се споменуваат.

Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:

- (16 април оценка новинар) Заев вчеравечер и јавно призна дека давал насоки за насилни протести, кои завршија со каменување на полицијата и народната канцеларија на претседателот Иванов, демолирани медиуми и повредени новинари, а целосно осквернавена беше и порта Македонија.
- (17 април оценка новинар) Земјоделските совтеници ќе бидат огромна поддршка за земјоделците. Тие се задоволни велат дека најновиот проект ќе значи дека во иднина тие ќе се занимаваат само со производство, а се друго ќе биде работа на советници кои ќе ги плаќа државата.
- (17 април најава коментар) Тие така наречени бомби практично го означија Зоран Заев како бомбаш самоубиец. Тоа го цени премиерот тогашен а сегашен претседател на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски дадено интервју овие денови.
- (17 април оценка новинар) Заев креира криза водејќи се од личните, а не од државните интереси, порача лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски. Токму затоа, според него Заев се соочува со изборни порази, а ако се се појави тоа ќе се повтори и на изборите на 5 јуни
- (18 април оценка новинар) По примерот на хулиганите на СДСМ и СОРОС, кои пред пет дена ја демолираа Народната канцеларија на претседателот Ѓорѓе Иванов во Скопје, денеска непознати лица ја искршија претседателската канцеларија во Тетово
- (18 април оценка новинар) Нетпрес со слики открива учество на еден од најредовните демонстранти од Солун кој учествува на насилните протести во грчкиот град. 54 годишниот Марвакис Атанисиос вчера е забележан на улиците во Битола како фотографира и учествува на протестот кој е организиран од лидерот на СДСМ Зоран Заев
- (18 април оценка новинар) Петрови и Петкови пред два месеци има средба со Груевски. Се пожалија дека со години не може да си го решат станбеното прашање. Тој им вети дека ќе бидат разгледани процедурите за трајно решавање на нивниот проблем.
- (19 април оценка новинар) Граѓаните со убедлива поддршка и во поголем број кажаа Да за избори на 5 јуни. Битола, Штип, Велес масовно рекоа НЕ за сценаријата за продолжување на кризата и бескрајната агонија во Македонија.
- (21 април оценка новинар) Речиси сите улици, сите главни булевари вечерва водат кон законодавниот дом каде што всушност е и лежиштето на демократијата во една држава
- (22 април оценка новинар) Насилството на улиците, нападите врз полиција и глумењето жртви се само дел од тактиките и стратегиите кој што може да се најдат во учебниците на Белградската агенција Канвас, а секојдневно можеме да ги видиме на протестите на СДСМ и СОРОС

**Втора недела (23 – 28 април 2016)**

Во анализираниот период Сител објави 67 прилози за актуелните политички случувања и политичките субјекти. Најзастапени теми беа предвремените парламентарни избори (17 прилози), проектите на Владата (11 прилози), протестите (8 прилози), активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (5 прилози), Специјалното јавно обвинителство и смртта на Коста Крпач (3 прилози), аболицијата на претседателот Иванов (3 прилози), тезите за федерализација на државата (2 прилога),активностите на опозицијата (2 прилога), тезите за економски проблеми поради политичката криза (1 прилози) и други теми. Во најголем дел во известувањата на овие теми е (23 прилози) забележан фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон здружението ГДОМ, и негативен и демонизирачки (19 прилози) кон СДСМ, СЈО, фондацијата Сорос.

Коментари и оценки во вестите: Во анализираниот период телевизијата продолжи со фаворизирачкиот став кон власта и владејачката партија. Прилозите за проектите на Владата и натаму се доминантни во централниот дневник преку промовирање на апарати во здравствените институции (23 април), реконструкции на улици (23 април), земјоделски мерки (25 април), грантови за самовработување (25 април). Продолжи и следењето на активностите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски кој оваа анализирана седмица промовирање проекти од земјоделството
(23 април "Груевски со уште еден мегапроект во земјоделието", 24 април „Нови државни пари за

подобро земјоделие и ефикасен аграр, државата дава 80% од цената за вископриносен добиток“, 28 април „Груевски со мега проект: Од град во село за нов почеток“).

Силен демонизирачки и негативен став оваа телевизија изразува во прилозите кои се однесуваа на протестите, кон опозицијата, кон платформата Протестирам, Сорос и Беса и кон сите субјекти кои учествуваа во нив, нарекувајќи ги вандали и хулигани, а протестите “директен удар врз македонскиот национален идентитет и украинско сценарио на опозицијата (27 април „Сквернавењето и вандализирањето на спомениците е директен удар врз македонскиот национален идентитет, 27 април „Сценариото за украинизација на Македонија“). Протестите на поддршка за Шарената револуција, оваа телевизија ги нарекува “наводни“ и „театар со малку публика за потреби на домашната пропаганда (24 април). Негативен став и клеветничко тон во известувањето има во прилозите за смртта на Коста Крпач, при што СЈО се претставува како продолжена рака на СДСМ (23 април), и директно се посочува на ова аинституција како причина за смртта (27 април „Самоубиство во Скопје- пукал во комбе, па се застрелал , мислел дека го следат и снимаат од СЈО“). Телевизијата не известуваше за најавите за можни санкции од ЕУ и САД за политичари и функционери од власта и владејачката партија, туку ја замени со тезата дека опозицијата создава паника кај граѓаните преку ширење гласини за девалвација (27 април „Шпекулациите за девалвација се јавуваат пред секои избори - изворот е во штабот на СДСМ“). Телевизијата објави и 15 анализи со коментаторски елементи, сите со демонизирачки односи кон опозицијата и кон сите субјекти кои изразуваа антивладини ставови. За разлика од претходните недели, оваа телевизијата во вестите објави само два прилози за активностите на опозицијата, обара се критика на политиката на Владата за задолжување, што се должи на отсуството од терен на опозицијата која најави бојкот на изборите.

<u>Користење на извори:</u> Во 38 прилози има само еден извор на информирање. Во 16 прилози се цитираат два извори од кои во 14 тие се со исти позиции. Во 7 прилози се посочуваат три или повеќе извори, но во 5 тие се со исто гледишта. Во два прилози нема посочено извор на информирање.

<u>Директни обраќања:</u> Објавени се вкупно 9 обраќаа на лидерите на политичките партии. Од нив, најмногу – 6 се на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски, две се на лидерот на СДСМ Заев и едно на лидерот на ГРОМ Јакимовски.

<u>Аудиовизуелна манипулација:</u> Во 31 прилог има манипулативни елементи. Следењето на активностите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски останува една од најчестите манипулации во известувањето на оваа телевизија, преку остуството на границата меѓу партиски и владин проект, бидејќи со наративот Груевски се претставува во улога на промотор на проекти кои со сигурбост ќе се остварат (23 април „Груевски со уште еден мегапроект во земјоделието“). Друг тип на манипулација е и некритичкото пренесување на информации од други медиуми (весници и портали): 25 април „РЕПУБЛИКА: Започна сценариото на Заев за виткање на кичмата на државата“, 25 април „КУРИР: Сопругот на Шекеринска исто како и Заев за „Глобал“ и Верушевски за „Пуч“ не поднел барање за повлекување на амнестијата“. Во неколку прилози телевизија објавува изјави од меѓународни претрставници и соопштенија од институции чија содржина ја врамува во контекст на поддршка на власта, а критика на опозицијата (26 април „Кофи: Гласачката кутија е најдобриот судија за едно демократско општество“, 26 април Република: Мега скандал - Заев создава криза и фатен како договарал федерализација на Македонија“, 28 април „Мониторинг мисија на ПССЕ: Бојкотот на СДСМ е спротивен на демократските вредности“ 27 април „Сценариото за украинизација на Македонија, се спроведува и во Црна Гора, во Босна, а почна и во Хрватска“). Принцип на врамување на стари изјави во нов, замислен контекс има и во прилозите од 26 април „Земјоделските советници ќе го забрзаат развојот на аграрот“ (изјава на Груевски) и од 27 април „Комплетно е пречистен избирачкиот список, СДСМ бара да им се увид за партиски потреби“ (стара изјава на Заев).
Има и прилози со напаѓачки став кон опозицијат, каде не се повикува на никаков извор (27 април „Самоубиство во Скопје- пукал во комбе, па се застрелал , мислел дека го следат и снимаат од СЈО“.

<u>Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:</u>

- (23 април анализа коментар) Низата политички настапи на Специјалното јавното обвинителство ја стопи и онака малата доверба на Катица Јанева меѓу граѓаните.

- (23 април најава коментар) ТВ Сител одбива да ги коментира обидите на СДСМ да се изврши притисок врз објективното информирање на нашите новинари. Оној од кој треба да се бара одговор по овие изјави за креирање меѓуетнички тензии е Зоран Заев и неговите радикални соработници
- (24 април најава коментар) Македонија има криза, наметната е веќе точно за дефинирани цели и потреби, кризата е проблем со кој се занимаваме ние Македонците бидејќи најмногу не боли, кризата е наметната од потребата на СДСМ да добие власт без избори притоа користејќи легални и нелегални средства што можете да го видите секој ден
- (24 април оценка новинар) Демонстранциите организирани од СДСМ, Сорос и Беса од ден на ден имаат се помалку поддржувачи. Тоа е резултатот од насилното однесување на хулиганите
- (24 април најава коментар „Одмазда врз претседателот Ѓорге Иванов. Имено Петре Шилегов човек кој ви име на СДСМ објави дека некои членови од неговото пошироко семејство имале деловни контакти со фирми, значи немаат тие сметки, со фирми кои биле регистрирани на т.н. панамски банки.
- (24 април оценка новинар) Нова епоха во развојот на земјоделството во земјава. Изминатиов период владеачката партија презентираше нови проекти за земјоделците, со кои се повеќе се стимулира развојот на аграрот
- (27 април анализа коментар) Скврнавењето и вандализирањето на спомениците е директен удар врз македонскиот национален идентитет
- (27 април најава) Индустријата и пркоси на политичката криза. За три месеци од почетокот на годинава статистика измери двоцифрен раст а најсолидни резултати покажува преработувачката индустрија
- (27 април генерална најава) Политиката на СДСМ се темели на создавање на проблеми во самата држава. Бараат санкции за владата, шпекулираат со откажување кредити од Светска банка и шират гласини за девалвација за да се создава паника меѓу граѓаните
- (27 април оценка новинар) Според познавачите, се работи за редовна предизборна тактика на СДСМ, која оваа година е проширена и со гласините дека се несигурни штедните влогови
- (27 април оценка новинар) Коста Крпач е дел од акција на СЈО после која акција тој неколкупати посетувал психијатар доживеал сопствени тортури и ја загубил концетрацијата, а веројатно и волјата за живот
- (28 април ) оценка новинар Политичката криза ќе се реши а ние ќе излезе посилни. Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ со силна порака
- (28 април оценка новинар) Според нивните сведочења, Крпач трпел постојани притисоци и закани од страна на тимот на Катица Јанева и често бил повикуван на разговор во Специјалното јавно обвинителство

**<u>Трета недела (2 – 7 мај 2016)</u>**

Во набљудувачкиот период Сител во централниот Дневник објави вкупно 70 прилози на теми за политичките актери и случувања. Најголем фокус имаше на: предвремените парламентарни избори (20 прилози), на владините проекти и инвестиции (11 прилози), на протестите и контрасобирите (6 прилози), на активностите на опозицијата (4 прилози), на работата на СЈО и случајот Крпач (3 прилози), промоциите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски (3 прилози), и за аболицијата (1 прилог), за медиумите (1 прилог) и за кризата и економијата 1 прилог. Во 14 прилози има нагласено пофално и фаворизирачко известување за власта и ВМРО ДПМНЕ, како и за активностите на здружението ГДОМ, додека во 21 прилог нагласено негативно, демонизирачки се информира за СДСМ, СЈО, демонстрантите против аболицијата на Иванов и за министерот з авнатрешни работи Оливер Спасовски од редот на опозицијата.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Според содржината, вестите на Сител наликуваат на партиска машинерија во полза на власта и владејачката партија. Во сите прилози видлив е фаворизирачкиот став кон политиката на владејачката ВМРО ДПМНЕ, додека исклучително негативен став се зазема во однос на политиката на опозцијата („По две години протести СДСМ не објавија и не презентираа ниту еден конкретен политичко економски предлог од интерес за граѓаните. За тоа време другата политичка страна предводена од Груевски и ВМРО ДПМНЕ само во последните месец дена

промовираше пет големи проекти од инфраструктурата, социјалниот живот, земјоделието и здравството“- генерална најава 2 мај)

Во 15 прилози, сите демонизирачки кон опозицијата и сите оние субјекти кои имаат антивладин став, има коментаторски елементи.

Опозицијата (СДСМ и претседателот на партијата Заев) и СЈО остануваат главен таргет во демонизирачките прилози (3 мај „Политичките аналитичари постојано предупредуваа дека политичката криза во Македонија може да прерасне и во безбедносен ризик за државата, поради несериозниот однос на опозицијата“,

4 мај „Курир: Лицемерие на СДСМ, наутро се поклонуваат, навечер ги фарбаат спомениците“). Негативниот однос кон СЈО и обвинителите е експлицитен со тоа што новинарите изразуваат отворен став против, бидејќи со неговото формирање е прекршен законот и „еве ги последиците“ (2 мај случај Крпач), и дека „после се, беше само прашање на ден кога ќе се појават жртви на Специјалното јавно обвинителство, прашање е дали ова ќе биде и последната жртва“ (2 мај анализа/коментар).

Од почетокот на протестите против аболицијатасе и учесниците во нив, кои и во овој набљудувачки период сеословуваат како “хулигани“, „соросоиди“, „вандали“, притоа промовирајќи ја тезата дека „Западот е против нас“, со тоа што „Брисел ги финансира да ја урнат државата“ (7 мај „Странците од Брисел го частат ЗНМ и Селмани со нови 200 000 евра, за другите ништо“, 6 мај "Курир: Сорос троши по 15.000 евра на ден за уривање на Македонија, а ЗНМ доби 200.000 евра од ЕУ за партиска пропаганда“)

Телевизијата отворено ја промовира тезата дека на 5 јуни може да с еодржат фер и демократски избори, подготвени според сите стандарди. Во коментар на телевизјата (7 мај "Дали ќе има избори на петти јуни- да треба да има оти и законот вели така и не може да биде поинаку“), освен тезата дека опозицијата не сака избори на 5 јуни, се истакнува и друга теза, без аргументи и без повуикување на никакви извори, а камо ли релевантни дека двете албански политички партии одлуката дали ќе се појават на избори ќе ја носат по наредба до Тирана: „Кога почна тој пресврт?Почна пред десетина дена кога ДУИ и ДПА беа во Тирана со Албанија да се договораат дали на избори да излезат или да не излезат. По се изгледа дека од Тирана им е советувано да не излезат . Тоа што им е советувано од Тирана веројатно е советувано и од неколку други места“.

Опозицијата во вестите оваа недела има мала застапеност и тоа се главно реакции на функционерите во однос на задолжувањето.

Позитивната слика на земјава продолжува преку пропагандните прилози за владините проекти (2 мај „Охрид блесна со ново улично осветлување“, 2 мај „Гевгелија е подготвена за проектот „Купи куќа за млади“, 6 мај Македонија трета земја во Источна Европа според гринфилд инвесиции по глава на жител“). И покрај непојавувањето во јавноста во овој период, и натаму се известува за ветувањата на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски ( проектот град- село, и стари изјави за унапредување на земјоделството).

<u>Користење извори:</u> Во 38 прилози има само еден извор на информација. Во 11 се наведуваат три или повеќе извори но во 7 тие се на иста линија. Во 9 прилози има два извори, но во 8 од нив тие се исто позиционирани. Во три прлози нема наведено конкретен извор на информацијата.

<u>Директни обраќања</u>: Објавени се вкупно 7 обраќања на лидерти на политички партии. Од нив две по две с ена лидерите на ВМРО ДПМНЕ Груевски и на СДСМ Заев, додека по едно е на ДОМ Поповска, на ДС Трајанов и на ДУИ Ахмети.

<u>Аудиовизуелна презентација</u>: Манипулативни елементи има во 19 прилози.

Доминантен тип на манипулативна аудиовизуелна презентација беше емитувањето промотивни содржини за Владата и за лидерот Никола Груевски. Друг карактеристичен случај е кога протестите се врамуваат како насилство (3 мај „Насилните демонстрати направиле 15 илјади евра штета со кршењето на канцеларијата на претседателот“,5 мај „Минатиот 5 мај хулиганите од СДСМ жестоко ја нападнаа полицијата“).

Како манипулативни се забележани и прилозите во кои телевизијата се повикува на изјави на

странски политичари и експерти, кои имаат ставови што се на иста линија со власта ( и владејачката партија), а кои се појавуваат и во други неколку телевизии, во ист ден и со исти тези (2 мај „Лука Волонте: Изборите треба да се одржат, левичарските партии не смеат да ги отфрлаат само затоа што ќе изгубат",
4 мај „Жозеф Дол:Во Македонија опозицијата прави театар , избори мора да има").
4 мај Курир: Лицемерие на СДСМ, наутро се поклонуваат, навечер ги фарбаат споменициите
Телевизијата продолжи и со објавување на прилози во кои некритички се пренесуваат информации објавени во портали или весници кои важат за блиски до валста (6 мај "Курир": Сорос троши по 15.000 евра на ден за уривање на Македонија, а ЗНМ доби 200.000 евра од ЕУ за партиска пропаганда",
7 мај „Странците од Брисел го части ЗНМ и Селмани со нови 200 000 евра, за другите ништо", 5 мај „СЈО молчи дали пријавило закани врз сведокот Крпач – Дневник).

<u>Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:</u>

- (2 мај најава /коментар) За само еден месец Груевски и ВМРО ДПМНЕ објавија проекти и начин како да ги спроведат кои вообичаено се проекти кои ги троши една влада за еден мандат, а не за еден месец
- (2 мај оценка новинар) Сите кои ќе одлучат да ја искористат мерката која пред извесно време ја најави претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски д аго напуштат градот и да се преселат на село ќе добијат низа поволности. Ова мерка е последна во низата проекти за подобрување во земјоделството.
- (2 мај најава/ коментар) И еве повторно се бара од Македонија да го прекрши сопствениот Устав за да воведела правна држава. Тоа е нонсенс. Не може да прекршите основен закон од кој прозилегуваат сите други закони за да воведете законитост. Ние еднаш го прекршивме законот кога направивме СЈО. Еве ги последиците
- (2 мај анализа /коментар) После се, беше само прашање на ден кога ќе се појават жртви на Специјалното јавно обвинителство, прашање е дали ова ќе биде и последната жртва.
- (3 мај оценка новинар) Изјавата на опозицискиот лидер е само дополнување на неговата пракса на константно менување на ставови. Заев кој денеска бара правда од Судот, воопшто не потсетува на Заев кој пред 10 месеци истиот тој суд не го признаваше.
- (4 мај оценка/ новинар) Не може, а да не се забележи лицемерието на опозиционерите затоа што наутро положуваат цвеќе на споменици а навечер нивните активисти со боја вандалски ги уништуваат
- (6 мај оценка новинар) Фондацијата Сорос за една година потрошила над 5 милиони и 300 илјади евра за потплаќања, стимулирање на незаводолство и рушење на демократски избрана влада, пишува Курир повикувајќи се на финансискиот извештај на фондацијата
- (7 мај најава/коментар) Одиме со вести кои досега не размазија бидејќи често ги гледавме а тоа се нови фабрики , нови инвестиции, нови работни места. ... Затоа ќе одиме со оваа вест како за почеток, и сама по себе е добра, бидејќи се плашиме дека со политиката на СДСМ и Зоран Заев а тоа е политика за целата држава полошо а за нив подобро овие вести би можело да ги има се помалку
- (7 мај најава/ коментар) А кризата која ја создаде СДСМ по системот колку за сите полошо толку за нив подобро Македонија досега ја чини 170 милиони евра. Оваа не е наша проценка ова го велат експертите и упатените од НБРМ
- (7 мај анализа /коментар) Фондацијата СОРОС троши по 15,000 евра на ден за рушење на демократски избраната влада и подршка на СДСМ
- (7 мај најава /коментар) Соросоидите ја прашаа пратеничката Петир дали во нејзината земја или во ЕУ амнестираат луѓе осомничени за криминал. Прашањето доцни најмалку 7 години, имено пред седум години требаше да прашаат кога Зоран Заев беше амнестиран од тогашниот претседател и партиски шеф на Заев, Бранко Црвенковски за кражба на 8 милиони евра. Вака ем седум години доцнат, ем 8 милиони евра останаа кај Заев.

## 4. ТЕЛМА

**<u>Прва недела (16 – 22 април 2016)</u>**

Телма во овој период објави вкупно 76 прилози за настани на актуелни политички теми. Најголем број од прилозите оваа телевизија во вестите се за: протестите (26 прилози), политичката криза и изборите (17 прилози), аболицијата и реакциите (8 прилози), работата на СЈО (5 прилози), суспендирањето на одлуките на министрите од опозицијата (2), медиумите (1 прилог) и други теми.
Во ниту еден од емитуваните прилози и најавите нема изразен новинарски став, а известувањето е неутрално, критички и аргументирано.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Избалансираноста во известувањето и натаму доминира во вестите на оваа телевизија. Во анализираниот период прилозите се или известувачки или се аналитички (5 прилози). Централните вести на оваа телевизија во анализираниот период започнуваа со информации за политичката криза или за аболицијата од претседателот Иванов на политичари осомничени за кривични дела. За граѓанските протести организирани од Протестирам и за протестите на Граѓанското здружение за одбрана на Македонија (ГДОМ) телевизијата известуваше избалансирано, со подеднаква застапеност, преку пренесување на информации од теренот (јавувања во живо на репортерите), додека коментарите за нивната (не) оправданост, спротивставените ставови „за“ и „против“ беа презентирани во анализите: 19 април „Протести и контрапротести“, 22 април „Повикот на ГДОМ е опасен“. Единствен коментаторски тон е забележан во прилогот објавен на 17 април што е извадок од емисијата КОД посветен на тврдењето на претседателот Иванов изнесен во интервјуто со главните уредници на телевизиите, дека двајца политички лидери се соочуваат со закани за нивна ликвидација, но но не со интентзитет на пропаганда или демонизирање на некој политички субјект.

<u>Користење на изворите:</u> Во оваа седмица, најмногу од прилозите имаат по еден извор (28), во 21 прилог има два извори, но во 14 тие се со единствено гледиште, додека во 12 прилози се наведени три или повеќе извори, од кои во 7 тие се спротивставени.

<u>Директни обраќања:</u> Во анализираниот период објавени се вкупно 10 обраќања на лидери на политички партии. Најмногу објавени изјави во вестите (4) се на лидерот на СДСМ Заев, потоа на ВМРО ДПМНЕ Груевски (2), 2 изјави се од лидерот на Движењето за рефора ДПА Зијадин Села и по една на лидерите на ДС Трајанов и на Достоинство Ангелов.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Ниту еден новинарски прилог не е со малициозна манипулација за демонизирање или во партиска пропаганда.

**<u>Втора недела (23 – 28 април 2016)</u>**

Во известувачкиот период телевизијата Телма објави 59 прилози за политичките актери и процеси. Најголем број од прилозите се за: предвремените избори (16 прилози), за протестите (15 прилози), за СЈО (4 прилози), аболицијата од претседателот Иванов (2 прилози), најавите за можни санкции од меѓународната заедница и можните економски последици од политичката криза (4 прилози), за медимите (2 прилози), за поврзаноста на семејството на претседателот Иванов со Панама (2 прилози) и други теми. Во известувањето за овие теми телевизијата имаше неутрален или критички пристап кон политичките субјекти.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Новинарите и водителите на централните вести на Телма се воздржуваат од давање свои оценки и коментари во прилозите и во најавите. Освен известувачкиот пристап во дневните настани, Телма за разлика од повеќето други телевизии на актуелните настани пристапува и проблемски (5 анализи), соочувајќи експертски ставови: „Бишев: Евентуалните санкции ќе го намалат кредитирањето“ (23 април), „Шарената револуција, став на демонстрантите„ (25 април), „Поскапе еврото во менувачниците“, (26 април).

Користење на извори: Во анализираниот период телевизијата во вестите објави најмногу прилози кои имаа два извори – 20 прилози. Од нив во 10 ставовите на соговорниците се судираа, додека во исто толку – 10, тие беа на иста позиција. Во 14 прилози телевизијата посочуваше по три или повеќе извори, од кои во 8 тие беа со спротивставени гледишта. Во 17 прилози има само еден извор.

Директни обраќања: Објавени се вкупно 5 обраќања на лидерти на полтиички партии. Најмногу, две изјави има од лидерот на СДСМ Заев, додека по една од лидеот на ВМРО ДПМНЕ Груевски, на ДС Трајанов и на ФРОДЕМ, Кекеновски.

Нема примери на аудиовизуелна манипулација.

**Трета недела (2 – 7 мај 2016)**

Во шесте анализирани дена, телевизија Телма објави вкупно 65 прилози кои се однесуваат на политички актери и случувања. Најголем број од прилозите ги третираа темите: за протестите (14 прилози), за предвремените избори (11 прилози), за мерките што банките ги преземаа како реакција на политичката криза (5 прилози), за работата на СЈО поврзана со случајот Крпач (4 прилози), за настани поврзани со аболицијата од Иванов (4 прилози), за активностите на опозицијата (2 прилози), за медиумите еден и други теми. Во ниту еден од прилозите нема елементи на фаворизирачко или демонизирачко известување за ниту еден субјект. Напротив во повеќето прилози е присутен неутрално- критички став.

Коментари и оценки во вестите: Во вестите на телевизија Телма не се одразува новинарски став кој би бил фаворизирачки или демонизирачки кон некој субјект. Во петте анализирани дена објавени се две анализи на актуелни теми (5 мај „Една година од протестите против полициската бруталност“, 7 мај „На македонската политичка сцена владее инфантилност и незрелост, сметаат академиците Ферид Мухиќ и Катица Ќулафкова“), додека останатите прилози се известувачки во кои повремено се вклучуваат експертски ставови за актуелни теми. Во однос на темите за кои се известува, Телма во контекст на граѓанските протести и контрапротести кои траат речиси еден месец, секојдневно известува за оние што се во организација на платформата Протестирам (Шарена револуција), но не и за собирите на здружението ГДОМ. Во овој известувачки период објавени се и два прилози во кои се изразува ставот на опозицијата (4 мај “Опозицијата го обвинува Груевски за каматните стапки“, 6 мај „Наумов со отворено писмо до Ставревски“).

Користење извори: Прилозите на Телма најмногу с ебазираат на еден извор – 20 прилози. По 17 прилози се со два извори, при што тие главно се совпаќаат со мислењата, а исто толку (17 прилози) се со три или повеќе извори, кои исто така во поголем дел се истомислечки. Пет прилози се без извори, односно извор на информацијата се новинарите (репортер) кои известуваат директно од некој настан.

Директни обраќања: Во вестите оваа недела објавени се вкупно 3 обраќања на лидерти на политички партии. Од нив две се на лидерот на СДСМ Заев и едно на претседателот на Достоинство Ангелов.

Аудиовизуелна презентација: Нема аудиовизуелна манипулација.

## 5. ТВ21 (на македонски јазик)

**Прва недела (16 – 22 април 2016)**

ТВ 21 во вестите на македонски јазик во периодот од 16 до 22 април објави вкупно 102 прилози за политичките настани. Најголем број прилози се објавени за: изборите и политичката криза (23 прилози), за протестите (21 прилог), за аболицијата (14 прилози), за суспендирањето на одлуките на министрите од опозицијата (3 прилози), за работата на СЈО (3 прилози), за владини проекти (2

прилози), за активностите на оппзицијата (2 прилози), за односите Грција- Македонија (3 прилози), за медиумите (1 прилог) и други теми.
Во два прилози кои се однесуваат на активности на владини функционери има позитивен тон на известување (17 април „Тодоров 100 кофинансирани специјализации за невработени“, 18 април „Ќе се менува изгледот на Старата чаршија Кучи: Да уживаме во овој убав ден“).

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата неделава покриваше многу различни теми. Кај актуелните настани, како изборите, аболицијата и протестите телевизијата известуваше избалансирано без нагласен новинарски став, ниту во прилозите, ниту во најавите. Во овој период објавени се 12 анализи кои произлегуват од дневните настани: (16 април „Има ли услови за избори на 5 јуни?“ 22 април „Персонални санкции за политичката елита Виена пропадна-Обрачот за Македонија се потесен“, 17 април „Аболиција Рауфи: Иванов да ги помилува лицата од монтираните случаи“, 19 април „Безбедност на протестите Експерти: Непотребно е зголеменото полициско присуство“, „21 април Протести и контрапротести Повик за избегнување на насилството“)со соочување на спротивставени мислења на експерти. Телевизијата објави два прилози во кои се промовираат одредени владини проекти, и исто толку (2) во кои беа презентирани ставовите на опозицијата, и двата се критика на одредена владина политика: 17 април „Кире Наумов: Измените на Законот за ДДВ треба да паднат на Уставен суд“, 20 април „Кирацовски обвинува: Се врши политички притисок врз вработени во Охрид“). Беа објавени и два прилози кои се од интерес посебно на албанската заедница - спогодбата преминувањето на границата со Косово со лични карти и средбата на министерот за економија од редовите на ДУИ со претставници на оваа партија.

Користење извори: Во 53 прилози користен е само еден извор. Во 19 прилози се соочуваат две мислења, но во 14 од нив тие се на исто стојалиште. Во 16 прилози има соочени три или повеќе мислења, при што подеднакво во по 8 тие се единствени, а во исто толку тие се контра – ставови.
Во 10 прилози, новинарот не посочува конкретен извор, но информацијата не е манипулативна туку информативна.

Директни обраќања: Во вестите на македонски јазик на оваа телевизија, во анализираниот период се објавени вкупно 9 обраќања. Забележително е дека тие во најголем број се изјави на лидерти на албанските политички партии: по две изјави се на лидерот на ДУИ Ахмети и на лидерот на Движењето за реформа во ДПА Села, додека по една изјава на лидерите на ДПА Тачи, на НДП Мемети, на на Унитети Острени. Две изјави се објавени и од лидерот на СДСМ Заев.

Аудиовизуелна презентација: Единствен случај што може да се смета за манипулативно презентиран е од 17 април „Тодоров: 100 кофинансирани специјализации за невработени“, каде соопштението е пренесено без дистанца.

**Втора недела (23 – 28 април 2016)**

ТВ 21 во вестите на македонски јазик во периодот од 23 до 28 април објави вкупно 88 прилози за политички настани. Најзастапени беа темите во врска со предвремените избори (17 прилози), протестите (11 прилози), аболицијата од претседателот Иванов (5 прилози), најавите за можни санкции поради политичката криза (3 прилози), Специјалното јавно обвинителство заедно со случајот Крпач (3 прилози), за активностите на опозицијата (3 прилози), проектите на Владата (2 прилози), ситуацијатасо бегалците (2 прилози) и други теми. Во ниту еден о прилозите нема изразен став на новинарот.

Коментари и оценки во вестите: Со тоа што бројот на прилози со нагласен новинарски апологетски и демонизирачки став отсуствува, може да се заклучи дека телевизијата за актуелните настани известувала избалансирано, а аналитичките прилози се со неутрална критика, преку користење повеќе спротивставени ставови за одредено прашање.
Оваа недела, во вестите на македонски јазик се објавени два прилози поврзани со активности на Владата (поврзување на катастарот на Македонија и Албанија и за индустрискиот раст во земјата), но во ниту еден од нив енма ниту фаворизаирачки, ниту демонизирачки новинарски став. Темите во 9 анализи објавени неделава се однесуваат на актуелните настани: 23 април „Невладините организации

и протестите Граѓанското општество не може да ги надмине етничките бариери“, 24 април „Предупредувања за санкции Политичките партии со различни коментари“, 26 април „ЕУ притиска за решение Датумот на изборите - жешка тема“, 26 април „Светска банка Заеми за општините во Македонија само по избори“.
Три прилози е однесуваат на активностите на претставници ан опозицијата и тоа се критики за работата на Владата (25 април „Нови прозивки на Николовски Незаконско работење во Агенцијата за развој на земјоделството“, 26 април „Кире Наумов И денеска не задолжија со нови 1,2 милиони евра“, 26 април „Кирацовски: Груевски со сомнителни тендери Милиони евра за фирми блиски до власта“).

<u>Користење на извори:</u> Во Најголем број од прилозите 28 користен е само еден извор. Во 23 прилози се посочуваат два извори од кои во 14 тиое се со единствено гледиште, додек во 4 изворите се со спротивставени ставови. Во 6 прилози има три или повеќе извори, од кои во 4 тие се со различни гледишта. Во 11 прилози не се поеочува изворот на информацијата, но таа не е со манипулативна содржина.

<u>Директни обраќања:</u> Во вестите се објавени вкупно 7 обраќања и тоа по едно од лидери на различни политички партии: Стојанче Ангелов, Зоран Заев, Фиат Цановски, Павле Трајанов, Јове Кекеновски, Никола Груевски и Здравко Савески (Левица).

<u>Нема аудиовизуелна манипулација</u>

**<u>Трета недела (2 – 7 мај 2016)</u>**

Во анализираниот период од 5 дена, телевизијата ТВ21 во вестите на македонски јазик објави вкупно 79 прилози кои се однесуваа на актуелни политички настани и актери. Најголем фокус е ставен на предвремените парламентарни избори (13 прилози), на протестите и контрасобирите (11 прилози), аболицијата (6 прилози), работата на СЈо и слулајот Крпач и Транспортер (5 прилози), влијанието на политичката криза врз економијата (4 прилози плус 2 за задолжувањето), можните санкции од ЕУ (3 прилози), протестот на затворениците (3 прилози), мигрантската криза (2 прилози), опозицијата 1 прилог како и медиумите еден прилог и други теми. Оваа недела телевизијата објави и 6 прилози кои обработуваа теми од интерес на албанската заедница (судењата за Диво населење, 15 години од настаните во Слупчане и внатрепартиските избори во НДП).

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Во ниту еден од објавените прилози нема изразен новинарски став, ниту фаворизирачки ниту демонизирачки кон субјектот за кој се известува. Известувањето е избалансирано, со благ критички тон, посебно во темите кои се од интерес на албанската заедница (2 мај „Липково 15 години по вооружениот конфликт Жителите: Немаме елементарни услови за живот“, 7 мај „Клик Плус“ дебата „Диво населење“ - една година потоа“). Темите се покриваат преку вести или извештаи и анализи (7 оваа недела), во кои се анализираат разни аспекти на актуелните настани : 2 мај „Експерти: Безбедносната состојба алармантна? Ангелов: Граѓаните сакаат живот без страв“, 4 мај „НБРМ ја затега монетарната политика Економисти: Ова е сигнал дека НБРМ ќе го брани денарот“, 6мај „Пазарите полупразни Намалена ли е куповната моќ на граѓаните?“).
Протестите на платформата Протестирам и здружението ГДОМ се следат секојдневно, но тука се забележува неизбалансираност, бидејќи информациите за протестите против аболицијата од претседателот Иванов се поприсутни во вестите.

<u>Користење извори:</u> Најголем број од прилозите се без прецизно наведен извор на информацијата (20). Ова најмногу се должи на тоа што на 4 мај, веројатно до технички причини (не беше наведено) вестите беа главно најава – вест што ги читаше презентерот.
Во 11 прилози има два извори, но во 8 тие се поклопуваат во ставовите, додека во 14 прилози има три или повеќе изјави, а во 7 тие се спротивставени, додека во исто толкав број тие се идентични.

<u>Директни обраќања:</u> Во анализираните пет дена телевизијата објави само две изјави на партиски лидери – по едно на лидерот на Достоинство Ангелов и на НДП Вејсел Мемеди.

Аудиовизуелна презентација: Нема аудиовизуелна манипулација.

## 6. ТВ21 (вести на албански јазик)

**Прва недела (16 – 22 април 2016)**

Телевизијата во известувачкиот период емитуваше 84 прилози во врска со политички теми и субјекти. За протестите е емитуван 21 прилог, уште 14 прилози за аболицијата и 5 за други аспекти од политичката криза, потоа 14 прилози за предвремените избори, 4 прилози за активностите на Специјалното јавно обвинителство и 6 прилози за теми од интерес на Албанците. Има и 5 прилози за препукувања меѓу министрите на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ.
Два од емитуваните прилози се критички кон Владата, а еден е позитивен за ДУИ.

Коментари и оценки во вестите: Аболицијата и кризата предизвикана од неа го заземаат речиси целиот простор на вестите на телевизијата (16 април: „После Скопје и Битола, протести и во Струмица“), но се известува и за меѓународните реакции (16 април: „Хан: без фер избори, ЕК нема да ја признае идната Влада“), како и реакциите на самите протести (17 април: „СДСМ вели Македонија е на нозе во одбрана на уставниот поредок“; 18 април: „Продолжува револтот по улиците, протести во неколку градови“). Барањето решение за политичката криза е исто така во фокусот (18 април: „ЕУ го потврди состанокот во Виена“), но и нејзиниот ефект врз целото општество (19 април: „Амнестија од Иванов бараат затворениците и се закануваат со радикализација на револтот“).

На 20 април се пренесуваат изјавите на Заев дека за СДСМ да оди во Виена треба „Иванов да ја укине аболицијата нарачана од Груевски и да се одложат изборите“, но и одговорот од Трајко Вељаноски дека нема можност да се повика Собранието. Емитувана е и пораката од Ахмети дека „на Албанците им дошло преку нос од партиските интереси на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ“. Но покриени се и меѓународните пораки до Иванов, „со помилувањето го поткопавте владеењето на правото“. Загриженоста од можен судир исто така беше тема во медиумо (21 април: „Скопје денеска е арена, полицијата подготвена за протестите на двата блока“). Во врска со најавениот собир на Албанците, се вели дека не е во нивни интерес да протестираат без претходен договор со СДСМ. Сепак и нивната активност се покри следниот ден (22 април: „Црвено-црн протест пред Собранието, со барање за бинационална држава, за службен албански на целата територија, за дефинирање нова држава“). Продолжи и следењето на т.н. шарена револуција.

Во врска со новиот случај од Специјалното јавно обвинителство се пренесуваат основните информации (21 април: „Уривањето на Космос е нарачано од Груевски“), но и неговата реакција дека СЈО ма чиста партиска реторика, како и ставот на СДСМ дека Македонија е во криза за Груевски да не оди во затвор.

Се пренесуваат и критички информации кон Владата (19 април: „Ново задолжување од 3,2 милони евра од домашните кредитори“; 20 април: „Македонија со најлоша позиција во регионот според Репортери без граници“).

Користење на изворите: Беа емитувани 31 прилог со еден извор и 10 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција на изворите, а преостантите 36 се со различни или спротивставени ставови на изворите.

Директни обраќања: Има по едно директно обраќање од лидерите на СДСМ Зоран Заев, на ДУИ Али Ахмети и на ДПА Мендух Тачи, и од лидери на помали партии на Албанците.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

**Втора недела (23 – 28 април 2016)**

Телевизијата ТВ 21 во вестите на албански јазик објави 65 прилози кои се однесуваат на политичките

субјекти, од кои: за аболицијата (13 прилози), за протестите (15 прилози), за изборите (8 прилози), за медиумите (4 прилози), за работата на СЈО (3 прилози). Пет (5) од прилозите се на теми од интерес на албанската заедница, додека во два (2) прилози има фаворизирачки став кон владината политика, додека еден е со критички тон. Во 4 прилози, е презентиран критичкиот став на опозициски претставници за работењето на Владата.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата неутрално критички известува за кризата предизвикана од аболицијата и протестите против неа: "Шарената революција, герила- акција за боење на барокот"(23 април), "Протестирам оди кон радикализација на револтот, ГДОМ против вандализмот на улици" (24 април), "Протестот во 12 - от ден, демонстрантите не се откажуваат од шарената револуција", "Приведен Савевски од "Левица", полицијата ги следи тие што мислат поинаку" (25 април),"ХК бараат да не се ограничи слободата на протести"(26 април).
На темата политичка криза и избори се пренесуваат ставовите за евентуални санкции од ЕУ и САД против претставници на власта и владејачката партија ("Најавите за санкции од ЕУ и САД, тешки денови за Македонија, предвидуваат аналитичарите"од 24 април), како и радикални ставови од здруженија кои за кризата ја обвинуваат меѓународната заедница (Македонски манифест: за кризата во Македонија ја обвинуваат меѓународната заедница" 25 април). Се пренесува и анализата "Битка до смрт, наместо договор" на германскиот весник "Франкфурт Алемагне Цајтунг" (26 април), и ставот на австриски експерт за балканот, "Груевски или на власт или во затвор"(27 април).

Се следат и препукувањата околу датумот на избори: „Датумот на изборите, ЕУ инсистира лидерите во Скопје да најдаат решение" (26 април), "СДСМ велат изборниот список не е прочистен" , „ВМРО: СДСМ продолжува да ги избегнува изборите"(27 април), "МОСТ и Цивил со еден став, нема услови за веродостојни избори на 5 јуни"(28 април).

Се следи и работата на СЈО и препукувањата на партиите околу неговата улога, посебно во врска со убиството во Капиштец на еден од помилуваните од списокот на Иванов: "СЈО има сомнежи за самоубиството на Крпач, има докази дека е вршен притисок врз него" (28 април). Од темите од интерес на албанската заедница се известува за поставувањето на споменици на албански дејци во центарот на Скопје (25 април). Во контекст на кризата има аналитички прилог, „Граѓанското општество не може да ги надмине етничките бариери"(23 април), а во прилогот за протестот на Албанците пред Собрание од Движењето за реформи во ДПА на Села на кризата и се дава етнички предзнак (24 април).

Во прилогот „Груевски со сомнителни тендери, милиони евра за компаниите блиски до власта" се критикува владината политика. Телевизијата го пренесе и извештајот на МОДЕМ, каде се наведува дека "ТВ21 известува на неутрален-критички начин", за разлика од "провладините медиуми како Сител, Канал 5 и др", ( 28 април).

Користење на изворите: Во 24 прилози се користи еден извор, додека во 15 прилози се цитираат со два и повеќе извори, но со единствена позиција на изворите.

Директни обраќања: Има по едно директно обраќање од Груевски и Заев.

Аудиовизуелна презентација: Нема манипулативна аудиовизуелна презентација.

**Трета недела (2 – 7 мај 2016)**

Телевизијата во известувачкиот период во вестите на албански јазик емитуваше 76 прилози во врска со политички субјекти, процеси или состојби. Најзастапени беа темите поврзани со аболицијата од претседателот Иванов (15 прилози), потоа протестите (13 прилози), економските последици од кризата (6 прилози), изборите (6 прилози), Специјалното јавно обвинителство (4 прилози), медиумите (4 прилози) и други теми. Беа емитувани 9 прилози со посебен албански етнички фокус, и 7 прилози критички кон Владата.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата неутрално критички известува за политичката криза (3 мај: „Протестите на шарената револуција во четвртата недела“). Протестите се следеа секојдневно (4 мај: „Шарената револуција во 16-от ден, против избори без прочистен избирачки список“). Се пренесуваат ставовите на меѓународните претставници (5 мај: „Бејли и Орав велат дека политичката криза зависи од одлуката на Иванов“; „Според претседавачот на ЕУ, нема минимални услови за фер избори“. Беа следени сите видови активности поврзани со аболицијата (5 мај: „Во Битола, герила акција за честитки на аболицијата на Талевски“).

Се известува за обидите на странците и на партиите за решавање на кризата, се пренесува изјава од лидерот на СДСМ Заев (3 мај: „Бараме повлекување на аболицијата и повикување на Собранието за да се исполнат условите за фер избори“.

Исто така, се известува и за различни последици од политичката криза (2 мај: „Според експертите, безбедносната ситуација во земјата е алармантна“; „Можна е и меѓународна изолација на Македонија како притисок за повлекувањето на помилувањето“. Главните настани и теми поврзани со политичката состојба постојано беа во фокусот (4 мај: „Германија именуваше специјален пратеник за земјата“; „МКГ смета дека Македонија е опасна и за регионот“. Се пренесуваа и предупредувањата за економски последици (5 мај: „Од НБМ алармираат дека кризата влијае на намалувањето на економскиот раст“.

Темите од посебен интерес на Албанците беа во знакот на ОНА (2 мај: „Одбележување на 15 години од конфликтот во 2001 година“), а се најавува и годишнината од кумановските настани (4 мај: „Дивата населба со спомен марш, жителите најавуваат бојкот на политичките протести“).
Емитувани се и критички прилози за задолжувањата на Владата (3 мај: „Јавниот долг во првите четири месеци достигна 4,3 милиарди евра“), а се пренесуваат и критиките од функционерите на опозицијата за работата на власта (7 мај: „Николовски, заменик министерот за земјоделие, бара одговорност за парите од јапонскиот фонд, 50 илјади евра за фирма која нема канцеларија“).
Поводот со денот на медиумите беше искористен за да се фрли светло и врз оваа тема (3 мај: „На Меѓународниот ден на медиумите, ЗНМ повторува дека не се почитува слободата на изразување“). Се пренесуваат и експертски ставови (3 мај: „Македонија е во медиумски мрак, власта и сопствениците на медиумите се главни виновници“).

Користење на изворите: Во 25 прилози се користи еден извор, а во 15 прилози со два или повеќе извори, но со единствена позиција. Во најголем број прилози, 27, се користат по два или повеќе извори со различни или спротивставени гледишта.

Директни обраќања: Во целиот период е емитувано само едно директно обраќање, од лидерот на СДСМ Зоран Заев.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

## 7. АЛСАТ М (вести на албански јазик)

**Прва недела (16 – 22 април 2016)**

Телевизијата Алсат М во вестите на албански јазик објави 91 прилог поврзани со политичките актери и состојби. Најмногу се известуваше за протестите на улиците (26 прилози), како и за другите случувања и реакции поврзани со аболицијата од претседателот Иванов (18 прилози), потоа се емитуваа 10 прилози за изборите, 8 прилози за Специјалното јавно обвинителство и 3 прилози за медиумите. Седум прилози се емитуваа за теми од интерес на Албанците.
Во најголем дел од известувањата за овие теми телевизијата има неутрален однос кон субјектите.

Коментари и оценки во вестите: Во четири прилози е забележан критички однос кон ДУИ и во еден кон Владата. Вестите се целосно во знакот на протестите против аболицијата (16 април:

„Продолжуваат протестите против одлуката на Иванов“; „Ако Иванов ти прости, Талевски, Битола нема да ти прости“). За политичката ситуација се известува сеопфатно, се пренесуваат пораките од Брисел (16 април: Хан вели без слободни избори не ја признаваме новата Влада“), а застапени се и експертските ставови („16 април: „Одлуката на Иванов ги ризикува интеграциите“).
Тоа продолжува и следниот ден, кога експертите предупредуваат на „политички и економски последици“. На 18 април, кога беше најавена средба на лидерите во Виена, се пренесе и повикот од цивилниот сектор да продолжат протестите („во Куманово протести против власта, во Тетово демолирана канцеларијата на претседателот“). Интензивно се покриваше оваа тема и понатаму (19 април: „Граѓаните не запираат, протести има секој ден“; „против диктатурата и грабежот“). Се известува за средбата на амбасадорите со претседателот (19 април: „Амбасадорите на Иванов: го закопавте владеењето на правото“). Продолжува консултирањето аналитичари околу актуелните прашања (19 април: „Одлагањето на изборите станува неопходно оти ескалира ситуацијата“).

Како што се развиваше ситуацијата, соодветно на тоа продолжи и покривањето на настаните (20 април: „СДСМ средбата во Виена ја условува со одлагање на изборите и укинување на аболицијата“), и на реакциите (20 април: „ВМРО-ДПМНЕ: Заев сака продлабочување на кризата“), како и на меѓународните пораки (20 април: „ЕК бараат спроведување на договорот од Пржино“). Паралелно се покриваа различните граѓански собири (21 април: „Протести и контрапротести во Скопје“; „Поддржувачите на власта пуштаа патриотски песни“; „Во Гостивар против одлуката за помилување симболично запалија свеќи“). Иста беше состојбата и на 22 април, кога се известуваше не само за тоа дека продолжиле протестите против помилувањата, туку и за протестот на Албанците кои барале рамноправност во уставот и редефинирање на државата.

Проследени се и активностите на Специјалното јавно обвинителство (19 април: „Транспортер, притвор за еден осомничен“; 21 април: „Рушењето на Космос е незаконско, Помилувањето го спаси Груевски“). Се пренесува и изјавата на обвинителката Фатиме Фетаи (21 април: „Правдата е врвен интерес на Македонија, а не неказнивоста).

Критиките кон Владата се однесуваат на задолжувањата (18 април: „Утре ново задолжување од 3,2 милиони евра; „16 април: За 10 госдини изнесени 5,9 милијарди евра“).

Се известува и за извештајот за медиумите на организацијата Репортери без граници (20 април: „Слободата на медиуми во тешка сосотојба, Македонија е на 118 место од 180 држави“).

<u>Користење на изворите:</u> Емитуван е 31 прилог со еден извор и уште 19 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција на изворите. Во 34 прилози се застапени извори со различни или спротивставени ставови.

<u>Директни обраќања:</u> По едно директно обраќање се емитувани од лидерите на СДСМ Зоран Заев и на ДУИ Али Ахмети, како и од лидери на помали партии на Албанците.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

**<u>Втора недела (23 – 28 април 2016)</u>**

Телевизијата во вестите на албански јазик објави вкупно 74 прилози кои се однесуваат на политички субјекти и настани. За аболицијата има 11 прилози, за протестите против аболицијата има 11 прилози, за економските последици од кризата и најавените санкции има 11 прилози и уште 11 прилози има за избори. За СЈО има 6 прилози, за медиуми има 4 прилози, критички за Влада има 3 прилози, како и 7 прилози на теми од интерес на Албанците.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата критички неутрално ги проследува настаните и ситуацијата предизвикана од аболицијата, а внимание се посветува на економските последици од кризата: “Најави за санкции, САД го повикува Иванов да ја укине аболицијата“, е генералната најава за прилогот “Санкциите кон властите се потребен чекор“ (23 април), “Ефектите од санкциите“, “Кризата го намалува кредитирањето на компаниите“(23 април).

Протестите се резимирани во прилогот “Шарената револуција наспроти сендвич контра револуцијата“, додека “ едните со патриотски песни се за библиска Македонија, другите со “Фатиме“ се за демократска Македонија“, “Приведен е Савевски од “Левица“(25 април), “Судовите ослободуваат криминалци, а ги притвораат оние кои протестираат против таквите одлуки, вели омбдусманот“(28 април).

За влијанието на кризата врз економската состојба телевизијата известува во прилозите “ЕУ не негира санкции кон властите, можните санкции го ризикуваат извозот“и “Економската криза тропа на вратата на Македонија“ (26 април), како и одгворот од НБРМ “Богов; нема да дозволиме обезвреднување на денарот“(26 април).

Се следат и партиските препукувања за датумот на изборите: “СДСМ: изборниот список не е прочистен“(27), “ДУИ не оди на избори ако не учествуваат сите“(27 април), како и ставот на ИФЕС дека нема време до 5 јуни да се прочисти списокот, да се проверат 40 илјади граѓани (26 април), и на невладините Цивил и Мост.

Се следи и работата на СЈО и препукувањата на партиите: „ВМРО ја напаѓа СЈО“(23 април), „СДСМ: На Груевски му пречат независните институции“ (23 април).

За состојбата во медиумите, се известува за извепштајот на “Фридом Хаус: Медиумите не се слободни“(27 април), а се пренесуваат и ставовите на експертите според кои “Слободата на медиумите е жална“(28 април).

Во прилогот од 26 април “Неуспешна кампањата на Владата за здрава храна“, се критикува владината политика, при што наративот го следи видое материја каде Груевски е снимен како јаде бурек.

Користење на изворите: Во 17 прилози има еден извор, додека во 22 прилози има два и повеќе извори, но со единствена позиција на зиворите.

Директни обраќања: Има две директни обраќања и двете од лидерот на ДУИ Ахмети.

Аудиовизуелна презентација: Генерално не се користи со манипулативно аудиовизуелна презентација.

**Трета недела (2 – 7 мај 2016)**

Телевизијата во известувачкиот период емитуваше 62 прилози во врска со политичките субјекти, процеси или состојби во вестите на албански јазик. Доминираат протестите (14 прилози), потоа обидите за преговори да се реши кризата (9 прилози), аболицијата од претседателот Иванов (7 прилози), предвремените избори (7 прилози), економските последици од кризата (5 прилози), Специјалното јавно обвинителство (5 прилози), медиумите (2 прилога) и други теми.
Во најголем дел од известувањето за овие теми телевизијата има неутрален или критички однос кон состојбите.

Коментари и оценки во вестите: Протестите против аболицијата и обидите за решавање на кризата, за кои се известува неутрално критички, се главни теми на телевизијата (3 мај: „Шарената револуција се враќа на улиците, се бара одложување на изборите, укинување на аболицијата на 50 криминалци, и против криминалната власт“). Настаните се следат секојдневно (4 мај: „Со Фуере против диктаторски избори на 5 јуни“), и се покриваат различните видови на протест (5 мај: „Герила активисти на Талевски му ја честитаа аболицијата“. Тоа продолжува до последниот ден (7 мај: „Продолжуваат протестите на шарената револуција, се бараат нови чисти политичари и криминалците да завршат во Идризово“).

Паралелно со протестите се известува и за обидите за решавање на кризата (5 мај: „Холандија бара повлекување на помилувањето, и вели дека нема услови за избори на 5 јуни“). Кај оваа тема во

фокусот се меѓународните активности (4 мај: „Од Берлин праќаат специјален посредник“), но и домашните (6 мај: „Партиите на средби за одлагање на изборите и за укинување на аболицијата, амбасадорите велат дека е крајно време за договор“). Се пренесуваат и ставовите на партиите (6 мај: „Од СДСМ тврдат дека ВМРО-ДПМНЕ бара амнестијата на Иванов да важи до изборите“), и тоа од двата политички и етнички блока (6 мај: „ДУИ најавува враќање на старата Влада со ВМРО-ДПМНЕ, ако пропадне договорот“).

Се обработува и темата за различните економски, безбедносни и други последици од политичката криза, се пласираат (6 мај: „Македонија е на праг на економска изолација“; „Економскиот пад ќе го клекне Груевски на колена“). И тука се користат прогнозите на светските организации (3 мај: „МКГ, земјата ја ставаат покрај Сирија и Ирак“).

Од темите од албански интерес посебно се истакнуваа тие поврзани со ОНА (2 мај: „Се одбележува 15 години од конфликтот во 2001 година, а статусот на поранешните борци на ОНА се` уште не е решен“.

Има критички прилози против задолжувањата на власта.

<u>Користење на изворите:</u> Емитувани се 18 прилози со еден извор и уште 22 прилози со два и повеќе извори, но со единствена позиција на изворите. Преостанатите 15 прилози се со по два или повеќе извори што се спротивставуваат.

<u>Директни обраќања:</u> Во целиот период се емитуваа само две директни обраќања, двете од лидерот на СДСМ, Зоран Заев.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Не се користи манипулативна аудиовизуелна презентација.

## 8. АЛСАТ М (на македонски јазик)

### <u>Прва недела (16 – 22 април 2016)</u>

Во известувачкиот период од 16 до 22 април телевизијата Алсат М во вестите на македонски јазик емитуваше вкупно 84 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најзастапени теми беа: протестите на различни субјекти на улиците (21 прилог), аболицијата од претседателот Иванов, која ги поттикна уличните собири (10 прилози), пропаднатите преговори за разрешување на политичката криза (9 прилози), подготовките за избори (8 прилози), случаите на Специјалното јавно обвинителство (8 прилози) и други теми. Во најголем дел од известувањата за овие теми не е забележан никаков однос кон политичките субјекти.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата генерално не изразува фаворизирачки или демонизирачки однос кон ниту еден политички субјект, ниту употребува коментаторски содржини во вестите. Најзастапените теми во нејзините информативни содржини соодветствуваа со главните политички теми во општеството, кои се од јавен интерес.

(1) Се пренесуваат пред се` критички ставови во врска со политичката криза, кои понекогаш не се насочени кон ниеден политички субјект (17 април: „Европската унија прати порака дека е можно привремено да ги суспендира македонските аспирации а со тоа и европските пари за земјата. Така академикот Абдулменаф Беџети ја толкува изјавата на еврокомесарот за проширување Јоханес Хан“), а во други случаи се критикуваат конкретни политичкли потези, во прв план аболицијата од Иванов (17 април: „Владеењето на правото е темелен принцип за европските општества, па затоа и одлуката за масовна аболиција на лица опфатени со сериозни истраги е нормално да предизвика жестоки на меѓународните претставници, смета универзитетскиот професор Денко Малески“). Се пренесуваат и ставови кои нудат решенија, на пример тој на професорот Осман Кадриу (19 април: „Кадриу: Да се свика вонредна седница на Собранието“), кој вели дека во земјата има вонредна состојба, што е

доволна основа за парламентот да заседава.
(2) За протестите се известуваше непристрасно, но екстензивно и сеопфатно. Се пренесуваа барањата на демонстрантите, се анкетираа учесници и се информираше за гаѓањето со бои на фасадите, кое не се нарекуваше „вандализирање“, туку „шарена револуција“. Се покриваа протестите на неформалното движење „Протестирам“ и во Скопје и во други градови. Сеопфатно и објективно, без шпекулирање, беше покриен и собирот на ГДОМ на 21 април. Неутрално кон фаворизирачки се известуваше и за протестот на партиите и здруженијата на Албанците, кој не беше окарактеризиран како националистички (22 април: „Граѓани - Албанци ги поплавија улиците на главниот град за да го изразат револтот кон политиките на власт. Тие исто така бараат правда и рамноправен третман од институциите“).

(3) Иако во помал обем, поради другите актуелности, телевизијата продолжи со праксата да известува за теми што се од посебен интерес за Албанците, од тоа дека е руинирано најстарото училиште на албански јазик во кое се` уште учат околу 200 деца во лоши услови (17 април), преку сторија за модернизација на Битпазар (19 април: „Многу ветувања, а ич работа. Проектот се` уште тапка во место“), се` до презентацијата на извештајот на Фондот за здравствено осигурување на албански јазик (20 април: „Податоците кои беа презентирани на албански јазик беа многу ограничени. Директорот на фондот Орхан Рамадани, површно го претстави годишниот извештај на албански, по говорот на македонски, кој траеше 20 минути. Истиот за две минути го претстави на албански“).

<u>Користење на изворите:</u> Во 35 прилози се користи по еден извор, во 22 по два или повеќе извори чии позиции се меѓусебно усогласени или неутрални, а во 19 по два или повеќе извори со спротивставени гледишта. Во 10 прилози беа користени мислења на аналитичари и експерти, од кои во 5 прилози тие беа или единствен извор или единствен аналитичар, и уште во 5 прилози по двајца или повеќе експерти чии позиции беа блиски. Иако презентираните ставови беа аргументирани, сепак не беше забележан прилог со спротивставени аналитички гледишта.

<u>Директни обраќања:</u> Беа емитувани релативно мал број обраќања од лидерите на политичките субјекти, и тоа две од претседателот на Движењето за реформи на ДПА Зијадин Села, и по едно од претседателите на СДСМ Зоран Заев, на НДП Весел Мемеди, и на ПЕИ Фијат Цаноски, кој зборуваше како оштетен со уривањето на градежниот комплекс „Космос“.

<u>Аудиовизуелна презентација</u>: Нема манипулации.

**<u>Втора недела (23 – 28 април 2016)</u>**

Во известувачкиот период од 23 до 28 април телевизијата Алсат М во вестите на македонски јазик емитуваше вкупно 76 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најзастапени беа темите во врска со предвремените избори (14 прилози), протестите (14 прилози), аболицијата од претседателот Иванов (7 прилози), најавите за можни санкции поради политичката криза (5 прилози), шпекулациите за можни економски проблеми поради политичката криза (4 прилози), Специјалното јавно обвинителство (4 прилози и дополнително 3 прилози за смртта на Коста Крпач) и други теми. Во голем број прилози се поклопуваа по две или повеќе поврзани теми (изборите, аболицијата, протестите, санкциите итн). Во најголем дел од известувањата за овие теми не е забележан експлицитен однос кон политичките субјекти. Умерен фаворизирачки однос е забележан кон протестите на неформалната иницијатива „Протестирам“.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата генерално не изразува фаворизирачки или демонизирачки однос кон ниту еден политички субјект, ниту употребува коментаторски содржини во вестите.

(1) Исклучок во овој мониториран период беше известувањето за протестите и за контрапротестите. Екстензивно се покриваа протестите на неформалната платформа „Протестирам“, со по неколку прилози дневно за тоа каде се` имало собири и што се случувало. Известувањето беше главно со неутрален тон, но со повремен фаворизирачки призвук (23 април: „Нема правда-нема мир. Оставка. Дванаесетти ден овие пароли ечат низ скопските улици“). Од друга страна, не се известуваше за

собирите на здружението ГДОМ. Телевизијата експлицитно го искажа својот став во врска со протестите и контрапротестите, во коментар емитуван во вестите, со наслов „Шарена и сендвич контрареволуција“ (23 април: „Демонстрантите фрлаат боја кон спомениците, бараат европска Македонија, додека контрадемонстрантите пејат патриотски песни и зборуваат за библиска Македонија. Во која насока се движи Македонија“).

(2) Во врска со тезата за можни меѓународни санкции врз државата ако не се реши политичката криза, се известува како тие да се реална опасност, а не само неофицијална најава (26 април: „Економската криза чука на порти. Ако унијата воведе санкции, ќе биде загрозен 77 отсто од македонскиот извоз“). Телевизијата, сепак, признава дека не го темели овој начин на известување врз цврсти факти (26 април: „Иако не ги обелоденува, тоа не значи дека Брисел и се откажува од можноста за воведување рестриктивни мерки кон земјава по новонастанатата ситуација“). Се информира и за шпекулациите во врска со стабилноста на денарот и сигурноста на штедните влогови поради политичката криза, но се пренесуваат смирувачки пораки (27 април: „Банките тврдат парите на граѓаните се безбедни“).

(3) Телевизијата редовно и соодветно информира за подготовките за предвремените парламентарни избори, укажувајќи дека постојат проблеми во врска со нивното одржување (25 април: „Иако се` уште не се знае дали Министерството за внатрешни работи веќе ги проверило сите сомнителни имиња од списокот, се очекува ДИК да го објави бројот на граѓаните со право на глас“). Се пренесуваат пред се` тврдењата дека условите не се исполнети (26 април: „Избирачкиот список не може да се прочисти навреме за на 5 јуни да се одржат кредибилни избори. Ова се вели во извештајот на експертот на ИФЕС Џон Арон“).

(4) Надвор од главните политички случувања, се задржува албанскиот етнички фокус. Преостанатиот простор во вестите во поголем дел е искористен за теми што се од посебен интерес на Албанците, како на пример употребата на јазикот (23 април: „Веб-страниците на различните министерства го игнорираат албанскиот јазик“), информативните табли (24 април: „За Македонија, Албанија продолжува да биде „народна република“. Таблите кон границата се` уште се од комунистичко време“). Се известува дека има застој во проектите за кои се вели дека се „од интерес на Албанците“. Но ова не им се атрибуира само на проекти што природно имаат етнички карактер, како изградбата на албанскиот театар, туку на некои што се од општ интерес, како реконструкцијата на Битпазар во Скопје. Сепак, тоа не беа единствените теми на кои им се отстапи простор. Медиумот го задржа критичкиот однос кон владините политики, наместо само да ги пренесува информациите од државните институции (26 април: „Владата во ветер фрли 456 илјади евра со кампањата за здрава исхрана и здрав живот. Само по две години откако се дадоа парите, резултатите покажаа дека граѓаните се дебели и се разболуваат поради лошата исхрана. Ваквите резултати не ги објави опозицијата, туку државните институции, кои направија пресек на резултатите од прегледите на матичните лекари“).

<u>Користење на изворите:</u> Во 29 прилози се користи по еден извор, во 22 по два или повеќе извори со спротивставени гледишта, а во 20 прилози по два или повеќе извори чии позиции се меѓусебно усогласени или неутрални. Експертски или аналитички мислења се користат во три прилога и запазен е принципот да се слушнат различни мислења.

<u>Директни обраќања:</u> Емитувани се само две директни обраќања, по едно од лидерите на Достоинство Стојанче Ангелов и на ПЕИ Фијат Цаноски. Не беа емитувани обраќања од лидерите на големите политички партии, со исклучок на Али Ахмети, од кого двапати беше реемитувана стара изјава во врска со датумот на изборите.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

**<u>Трета недела (2 – 7 мај 2016)</u>**

Во известувачкиот период од 2 до 7 мај телевизијата Алсат М во вестите на македонски јазик емитуваше вкупно 61 прилог што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најзастапени беа темите во врска со протестите на улиците (12 прилози), предвремените

парламентарни избори (9 прилози), обидите и шпекулациите за меѓупартиски преговори (8 прилози), состојбите со економијата (5 прилози), аболицијата, со фокус на протестот во затворот Идризово (4 прилози), Специјалното јавно обвинителство, со случајот на Коста Крпач во центарот на вниманието (4 прилози) и други теми.
Во најголем дел од известувањата за овие теми не е забележан експлицитен однос кон политичките субјекти.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата генерално не изразува фаворизирачки или демонизирачки однос кон ниту еден политички субјект, ниту употребува коментаторски содржини во вестите. Забележан е еден редок пример на еднострано известување, кога се пренесува обвинување од дополнителниот заменик-министер за земјоделство Љупчо Николовски од СДСМ во врска со користењетодонации од Јапонија (7 мај: „Јапонска помош, обвинувања за злоупотреби“), но не и одговорот од заменик-министерот Ванчо Костадиновски од ВМРО-ДПМНЕ, кој го имаше на повеќето други медиуми.

(1) Известувањето во врска со политичката криза е неутрално, сеопфатно и аналитично. Генерално, се пренесува како течат обидите да се обноват меѓупартиските преговори и кои се ставовите на различните страни (5 мај: „Меѓународната заедница има силен став да ја реши македонската криза, сметаат аналитичарите“). Редовно се пренесуваат сите клучни информации во врска со оваа тема, како назначувањето специјален претставник од Германија за Македонија, писмото од холандското Министерство за надворешни работи во кое се оценува дека нема услови за избори на 5 јуни итн. Сличен е и пристапот кон темите што подетално се занимаваат со прашањето за предвремените парламентарни избори, како истечениот рок за поднесување предлози за членови на избирачките одбори.

(2) Кај покривањето на протестите е забележан благ фаворизирачки однос кон шарената револуција, кој најчесто се изразува преку речникот во извештаите (3 мај: „Оставка! Робија! Нема правда, нема мир! Овие повици по неколкудневна пауза, од вечерва пак се слушаат во Скопје“, како и преку пренесувањето на позитивни ставови за овие појави (2 мај: „Социологот Татјана Стојановска смета дека протестите се продукт на граѓанското општество, според медиумскиот експерт Жанета Трајковска треба да се почитува презумпцијата на невиност на привеените демонстранти“. За протестите на ГДОМ се информира многу помалку, а со учесниците во шарената револуција се прават и анкети.

(3) Албанскиот етнички фокус се забележува во покривањето на темата за нерешениот статус на борците на ОНА (2 мај: „Презирани, злоупотребувани, убивани, затворани.Ова е сликата со поранешните припадници на ОНА, 15 години по завршувањето на конфликтот во 2001, раскажува Валдим Ибрахими, поранешен припадник на ОНА“). Но има случаи кога низ етничка призма се гледаат и темите што се актуелни, како на пример изборите. На пример, посебно се издвојува какви проблеми имаат Албанците да се кандидираат за пратеници во дијаспората, иако тие не се многу различни од општите проблеми во тој процес (3 мај: „Поранешни кандидати за пратеници од дијаспората бараат да се отстранат сите нерегуларности евидентирани на минатите избори. Во спротивно велат, ќе биде тешко иселениците Албанци да учествуваат на таквите избори“).

<u>Користење на изворите:</u> Во 31 прилог се користат по два или повеќе извори чии позиции се меѓусебно усогласени или неутрални, во 17 прилози по еден извор, а во само 5 прилози по два или повеќе извори со спротивставени гледишта. Во осум прилози се користени мислења на аналитичари или експерти, од кои во четири прилози тие биле или единствен извор или единствен аналитичар, во три прилози по двајца или повеќе што не се спротивставуваат, и во еден прилог со спротивставени позиции.

<u>Директни обраќања:</u> Емитувани се мал број директни обраќања и тоа две од лидерот на СДСМ Зоран Заев и по едно од лидерите на НДП Весел Мемеди и на Достоинство Стојанче Ангелов.

<u>Аудиовизуелна презентација</u>: Телевизијата генерално не користи манипулативна аудиовизуелна презентација. Сепак, во мониторираниот период се забележани два инцидентни случаја.

Во прилог за правата на ветераните од ОНА (2 мај) е емитуван кадар од војник како излегува од ров и вперува оружје, за кој не е јасно кога и како е направен.

Прилогот за тајни преговори меѓу партиите (6 мај) е покриен пред се` со кадри од протестите на шарената револуција, иако тој не се однесуваше директно на нив.

## 9. 24 ВЕСТИ

**<u>Прва недела (16 – 22 април 2016)</u>**

Во текот на известувачкиот период од 12 до 18 март телевизијата 24 Вести објави 105 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најзастапени теми беа протестите и граѓанските собири (15 прилози), аболицијата од претседателот Иванов, која ги поттикна протестите (12 приилози), преговорите за излез од политичката криза, кои пропаднаа (11 прилози), случаите на Специјалното јавно обвинителство (7 прилози), подготовките за избори (6 прилози) и други теми.
Во известувањето за овие теми телевизијата имаше информативен, аналитички или критички пристап кон политичките субјекти.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата не користи коментаторски елементи, ниту изразува експлицитен фаворизирачки или напаѓачки однос кон политичките субјекти во својата информативна програма. Изборот на темите и нивното покривање беа соодветни со актуелните случувања во општеството, кои беа од јавен интерес.

(1) Со голем број прилози, интензивно се покриваа темите во врска со протестите на движењето „Протестирам“ и на здружението ГДОМ, како и на албанската опозиција, и на студентите по медицина. Известувањето од сите овие настани беше сеопфатно и неутрално, со анкети на учесниците и со пренесување различни ставови. Се известуваше за гаѓањето на објектите од проектот „Скопје 2014“ со боја, но без критика од телевизијата. Во врска со централниот собир на ГДОМ на 21 април, најмногу внимание им се посвети на транспарентите против ЕУ и НАТО што се појавија, за кои организаторите тврдеа дека им биле подметнати.

(2) Телевизијата им посвети големо внимание и на другите аспекти на аболицијата, како главен фактор што придонесе кон влошување на политичката криза. Се пренесуваа барањата за откажување од аболиција, коментарите на различни субјекти за овој чин, но се нудеа и излезни решенија (17 април: „Дел од правните експерти со кои контактираше 24 вести велат дека излезот може да биде во уставниот суд“). Пристапот кон оваа тема генерално беше критички (18 април: „Дали во брзање претседателот Ѓорге Иванов донесе одлука за помилување на друга Фатиме Фетаи, наместо специјалната обвинителка“). Во врска со оваа тема беше забележан и неумесен телоп (20 април: „Пишман претседател?“).

(3) Иако емитуваше релативно мал број прилози на темата јавен долг (3 прилози), телевизијата го задржа својот карактеристичен критички однос кон задолжувањето (19 април: „До крајот на месецопв нема раздолжување, а закажано е и уште едно задолжување на домашниот пазар за следниот вторник“). Силен критички став се изразуваше и кон антикорупциската комисија, и тоа кон нејзината работа општо (17 април: „Во последниот извештај на комисијата се посочува дека лани бил решен само еден предмет за спречување на корупција во политиката. Чесни политичари или затаен механизам за откривање на корупцијата“), како и кон смената на претседателското место, каде што како нов претседател беше назначен Игор Тантурорвски (20 април: „Наследникот на Миленков, пак, е познат како донатор за кампањата на ВМРО-ДПМНЕ на последните избори“).

(4) Во период кога на дел други телевизии на големо се промовираа нови проекти за развој на земјоделството што ги најавуваше претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, телевизијата, наместо тоа, пренесе став од синдикален лидер какви се ефектите од досегашните мерки (21 април: „Субвенциите не стигнуваат до вистинските земјоделци, обвинува Ристе Велков, претседател на

Синдикатот на земјоделските производители. Според него, со субвенциите наместо да има зголемување на земјоделското производство, на терен состојбата е поинаква. Се намалуваат и земјоделските површини, и производството“).

Користење на изворите: Во 42 прилози се користи по еден извор, во 24 по два или повеќе извори со спротивставени ставови, а во 16 по два или повеќе извори чии позиции се едногласни или неутрални едни кон други. Во 10 прилози беа користени мислења на аналитичари и експерти, од кои во 8 прилози тие беа или единствен извор или единствен аналитичар, во еден прилог има двајца аналитичари со спротивставени мислења, и во уште еден, исто така двајца, но со слични позиции.

Директни обраќања: Беа емитувани релативно мал број директни обраќања и тоа по две од лидерите на СДСМ Зоран Заев и на Достоинство Стојанче Ангелов, како и по едно од претседателите на ДР-ДПА Зијадин Села и на ПЕИ Фијат Цаноски, кој зборуваше како оштетен во уривањето на Космос.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

**Втора недела (23 – 28 март 2016)**

Во текот на известувачкиот период од 23 до 28 април телевизијата 24 Вести објави 92 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најмногу внимание телевизијата посвети на протестите (15 прилози), аболицијата од претседателот Иванов (11 прилози), предвремените избори (10 прилози), најавите за можни санкции од меѓународната заедница (7 прилози), можните економски последици од политичката криза (7 прилози), задолжувањата и јавниот долг (4 прилози), Специјалното јавно обвинителство (2 прилога и дополнително 2 прилога за смртта на Коста Крпач) и други теми. Во голем број прилози се поклопуваа по две или повеќе поврзани теми (изборите, аболицијата, протестите, санкциите итн).Во известувањето за овие теми телевизијата имаше неутрален или критички пристап кон политичките субјекти.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата генерално не користи коментаторски елементи во вестите, ниту изразува фаворизирачки или напаѓачки однос кон политичките актери.

(1) Аболицијата на 56 лица од претседателот Иванов, која ја усложни политичката криза, и натаму е меѓу главните теми што ги покрива медиумот. Притоа се пренесуваат пред се` критики за одлуката и повици таа да се повлече, од странски и од домашни фактори (24 април: „Иванов и натаму молчи на барањата за повлекување на аболицијата. Специјалната обвинителка Ленче Ристовска му порача дека се` уште чекаат одговор од каде му се информациите за случаите“). Се консултираат различни експерти по ова прашање и се сугерираат решенија што одат во таа насока (24 април: „Додека претседателот Иванов бара помош од партиите за повлекување на аболицијата, експертската јавност смета дека како што ја објавил, така може и да ја повлече“). Во контекст на овие случувања, редовно се следи и приказната со барањата од осудениците во затворите да бидат помилувани, која што го засилува критичкиот ефект на медиумот кон оваа одлука, сугерирајќи нееднаквост пред законите (24 април: Над стотина затворечинички од утре најавуваат дека започнуваат штрајк со глад поради тоа што претседателот Иванов одби да ги помилува“.

(2) Протестите, кои беа директно предизвикани од одлуката за аболиција, и кои продолжија во мониторираниот период, исто така редовно се следеа и интензивно се известуваше за нив. Телевизијата и` пристапи на оваа тема информативно и сеопфатно, без да покаже експлицитен однос. Во нејзините прилози, учесниците ниту беа нарекувани „хулигани“, ниту „демолираа“ (25 април: „Шарената револуција досега остави жиг на државни институции, Владата, но и на поголем дел од споменициите, дел од проектот Скопје 2014“). Но засилени критики се пренесуваа откако беа уапсени учесници на протестот (28 април: „Студенти се во притвор поради слободна мисла, додека аболицирани криминалци се на слобода, реагираат од студентскиот пленум“). Редок показател на заземање позитивен наспроти негативен став во врска со протестите и контрапротестите организирани од здружението ГДОМ, беше пренесеното интервју на поранешниот медијатор во политичките преговори Питер Ванхауте за неделникот Фокус (28 април: „Ванхауте: Контра-

демонстрантите ја бранат партијата на власт“), во кое тој вели дека на едната страна гледал борба за владеење на правото, а од другата гледал само националисти и луѓе што ја бранат партијата на власт.
(3) Иако во мониторираниот период немаше никакви конкретни најави за санкции од меѓународната заедница врз Македонија поради политичката криза, а од Европската унија одговараа дека тоа прашање засега е во зоната на шпекулациите, телевизијата и` посвети големо внимание на оваа тема. Се консултираа разни соговорници и се пренесуваа ставови за тоа што би можело да се случи (23 април: „Европската Унија и Соединетите Американски Држави имаат инструменти со кој можат да бараат казна за поединци политичари и институции сметаат експертите“), кој се` би почувствувал проблеми (26 април: „Стопанската комора стравува дека санкциите од Европската унија ќе удрат по бизнисот. Можно е отпуштање на работници и губење на странските партнери“), какви би биле последиците (23 април: „Според поранешниот претседателна Собранието Стојан Андов, ќе значи суспендирање на трговските договори што Македонија ги има со земјите на унијата“) и друго. Се известуваше и за другите шпекулации во врска со последиците од политичката криза врз економијата, како можната девалвација на денарот, повлекување штедни влогови итн. Се пренесува дека во јавноста постојат такви стравувања, но се емитуваат и смирувачки пораки (27 април: „Се зголемува и бројот на граѓани што сакаат или се интересираат дали да ги повлечат штедните влогови. Но според податоците од Народната банка, овој пораст е незначителен“.

Користење на изворите: Во најголемиот број прилози (43) се користи по еден извор, потоа следуваат прилозите со по два или повеќе извори чии позиции не се судираат (19) и на крај се тие со различни или спротивставени ставови (16). Телевизијата користи мислења од експерти и од аналитичари во 8 прилози, од кои во 4 прилози тие се или единствен извор или единствен аналитичар, во 3 прилози се со спротивставени ставови, а во 1 прилог се на иста позиција. Забележан е еден случај на манипулација со изворите, прилог од 26 април се најавува со „аналитичарите велат“, а консултиран е само еден.

Директни обраќања: Беа емитувани само три директни обраќања од само двајца лидери на партии, и тоа Стојанче Ангелов од Достоинство (2 обраќања) и Фијат Цаноски од ПЕИ (1 обраќање). Беа отсутни лидерите на големите партии.

Аудиовизуелна презентација: Примерите со манипулативна аудиовизуелна презентација на телевизијата се инцидентни, но во оваа мониторирана недела беше забележан еден. Во прилог од 24 април се вели „Македонците од Мелбурн бараат оставка од Иванов, поддршка за СЈО и за правна држава“, како да има консензус кај македонската заедница таму, што не е точно. Во кадарот е прикажана само фотографија од десетина луѓе како протестираат.

## Трета недела (2 – 7 мај 2016)

Во текот на известувачкиот период од 2 до 7 мај телевизијата 24 Вести објави 87 прилози што се однесуваат на политичките актери, процеси или состојби. Најмногу внимание телевизијата посвети на протестите (12 прилози), прашањето за предвремените избори (7 прилози), обидите за преговори меѓу партиите (7 прилози), Специјалното обвинителство со фокус на случајот на Коста Крпач (6 прилози), состојбите со економијата (6 прилози), јавниот долг (4 прилози), аболицијата и барањата на затворениците од Идризово (4 прилози), медиумите (3 прилози) и други теми.
Во известувањето за овие теми телевизијата имаше неутрален или критички пристап кон политичките субјекти.

Коментари и оценки во вестите: Телевизијата генерално не користи коментаторски елементи во вестите, ниту изразува фаворизирачки или напаѓачки однос кон политичките актери.

(1) Во актуелниот мониториран период беше забележано зачестено споменување на партијата СДСМ, како на пример нејзино ставање во контекст кога се известуваше за други настани, и тоа за штрајкот во грчката фирма Актор (4 мај: „Фирмата Актор е вплеткана во афера уште од пред две години, кога СДСМ објави дека од сметката на грчката фира незаконски се изнесени 3,5 милиони евра“) и за штрајкот во Јавното сообраќајно претпријатие (4 мај: “Во мај минатата година, пак, десетина шофери на ЈСП ги паркираа државните автобуси пред седиштето на СДСМ на Бихаќка“). Беше пренесено и

соопштение од СДСМ во кое имаше предизборни ветувања (2 мај: „Програмата на СДСМ предвидува систем кој ќе обезбеди пристојни, безбедни и хумани работни места за сите работници во Македонија“. Сепак, ова беше далеку од класично фаворизирање.

(2) Неутрално, сеопфатно и аналитички се известува во врска со развојот на политичката криза. Во преден план се обидите на претставниците на меѓународната заедница да поттикнат изнаоѓање решение, што се сугерира дека може да се стори дури и преку драстични мерки (2 мај: „Кои мерки би ги преземале, од Европската комисија не прецизираат, но во јавноста се` погласни се предупредувањата за можни санкции, особено по одлуката на претседателот Иванов за општа амнестија“). Се известува и за силни притисоци со повикување на тајни извори (3 мај: „Роковите се стеснуваат, дипломатскиот притисок се зголемува...Дипломатски извори за 24 вести велат партиите се многу креативни околу можното решение, но засега нема поместување кон компромис“), а се пренесуваат и директните пораки (5 мај: „Холандија како претседавач на европската унија упати писмо до лидерите на партиите дека договорот од Пржино мора да го исполнат. Истовремено е посочено дека услови за кредибилни избори нема“), како и оценките на меѓународните организации (3 мај: „Експертите посочуваат дека немањето визија да се излезе од оваа криза, и` дава право на МКГ дека во Македонија може да се случат и посериозни закани“).

(3) Иако се најзастапена тема, известувањето во врска со протестите е информативно и неутрално, главно преку јавување во живо со најава каде ќе се одржи следниот протест и која е клучната порака (5 мај: „Со ова демонстрантите испратија порака дека фонтаната е црвена во име на сите жртви на режимот“). Се известува и за други аспекти од оваа тема, како за судските процеси против уапсените демонстранти, но и за герила-акцијата против градоначалникот Талевски (5 мај: „Битолска герила акција - Честито аболиција, градоначалниче!“). Повеќе се информира за протестите на „Протестирам“, отколку на ГДОМ.

(4) Неутрално, сеопфатно и аналитички се известува за развојот на состојбите поврзани со одржувањето на предвремените парламентарни избори. Се информира за роковите за пријавување претставници во избирачките одбори, како и за ставовите на партиите во врска со нивното учество (6 мај: „ВМРО-ДПМНЕ не исклучува да одат сами на избори, придружувани од сателитските мали партии“).

(5) Фокусот во известувањето за работата на Специјалното јавно обвинителство е на два случаја: смртта на Коста Крпач, и обвинувањето против градоначалникот на Битола Владимир Талевски во случајот „Транспортер“. Прилозите се информативни, без фаворизирање и демонизирање на ниту една од засегнатите страни.

(6) Телевизијата вообичаено емитува критички прилози за различни теми што не мора да се поврзани со главните политички случувања. Една од нив беше состојбата со медиумите (3 мај: „Затворени медиуми, уапсени новинари, прислушувани и следени, закани по живот. Македонија тоне според индексот на медиумски слободи“). Критичкиот однос генерално се формира и преку пренесување информации за неповолни состојби, како за штрајковите во Актор, во ЈСП, најавата за штрајк во АРМ, потоа дебати и трибини како таа на Трибунус Цивилис, ставови на меѓународни организации (4 мај: „Според Транспаренси Интернешнал, случувањата во Македонија се вклопуваат со дефиницијата на меѓународната организација за висока корупција“) и други. Не изостануваат ниту авторските прилози од овој тип (4 мај: „Зошто на конзерваторскиот центар му требаат дури четири години да го реновира просторот од 120 квадратни метри, каде се поставени фотографиите од животот на Гоце Делчев, нема конкретен одговор“). Вообичаено, во овој тип содржини спаѓа и информирањето во врска со јавниот долг.

<u>Користење на изворите:</u> Во најголемиот број прилози (31) се користи по еден извор, потоа следуваат прилозите со по два или повеќе извори чии позиции не се судираат (24) и на крај се тие со различни или спротивставени ставови (15). Телевизијата користи мислења од експерти и од аналитичари во 6 прилози, од кои во 4 прилози тие се или единствен извор или единствен аналитичар, во еден прилог се со единствен став, а во уште еден со спротивставени гледишта.

Директни обраќања: Со по едно директно обраќање беа застапени лидерите на СДСМ Зоран Заев, на ДОМ Лилјана Поповска, на ДС Павле Трајанов, на Титови леви сили Слободан Угриновски и на Достоинство Стојанче Ангелов. Беше емитувана и една стара изјава од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски.

Аудиовизуелна презентација: Не е забележана манипулативна аудиовизуелна презентација.

## 10. АЛФА ТВ

**Прва недела (16 – 22 април 2016)**

Во известувачкиот период од 16 до 22 април на телевизија Алфа се објавени вкупно 99 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на: протестите, контрапротестите и другите јавни собири (20 прилози), проектите и мерките на Владата и на други институции раководени од кадри на ВМРО-ДПМНЕ (11 прилози), неуспешните политички преговори (7 прилози), прашањата околу предвремените избори (7 прилози), активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (7 прилози), аболицијата од претседателот Иванов (6 прилози), случаите на Специјалното јавно обвинителство (4 прилози), мигрантската криза (3 прилози) и на други теми.
Во најголем број известувања за овие теми телевизијата изразуваше позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и генерално кон поддржувачите на власта, и негативен и демонизирачки кон СДСМ и кон противниците на власта кои не се дел од опозициската партија и коалиција.

Коментари и оценки во вестите: Силен фаворизирачки однос се изразува кон ВМРО-ДПМНЕ во 37 случаи и кон Граѓанското движење за одбрана на Македонија во 7 случаи. Негативен, напаѓачки и демонизирачки однос е забележан во 31 случај кон СДСМ, во 4 случаи кон фондацијата Отворено општество (Сорос), а во поединечни случаи и кон други субјекти (Питер Ванхауте, Александар Чичаковски, ЗНМ, партијата Беса итн). Што се однесува до коментаторските содржини, тие почесто се сретнуваат во напаѓачките содржини кон СДСМ, во 12 случаи (16 април: „Продолжува деструкцијата и уништувањето на протестите на СДСМ“) и поретко во фаворизирачките кон ВМРО-ДПМНЕ, во 3 случаи (20 април: „И покрај се сите анкети за рејтингот на партиите покажуваат убедливо водство на ВМРО ДПМНЕ пред СДСМ и особено пред Никола Груевски пред Зоран Заев“).

(1) Изминатиов период беше редок пример кога во една мониторирана недела известувањата за проектите и мерките на Владата не беа најзастапена тема на телевизијата. Наместо тоа, интензивно се известуваше за сите протести што се случуваа во земјата, со отворен негативен и демонизирачки пристап кон активностите на неформалното здружение „Протестирам“ и со пофален и фаворизирачки пристап кон собирите на ГДОМ. Првите беа „хулигани“ (16 април: „И синоќа бевме сведоци на хулиганско однесување. Сега таргет на хулиганите беше порта Македонија и други објекти“), а вторите „народот“ (22 април: „Народот побара крај на кризата и избори на 5 јуни“). Постојано се инсистира на врска меѓу протестите против аболицијата и СДСМ и Сорос, па дури се поврзуваат и со протестите на Албанците и се конструира сценарио за федерализација, иако ниту се нуди доволно поткрепа за тие тези, ниту се консултира втората страна (19 април: „Инаку на протестантите на СДСМ и СОРОС вчера им се приклучи и албанското движење Беса, истото кое неодамна побара редефинирање на Макеоднија, а дополнително во петок ќе протестираат и ветераните на УЧК“). Од друга страна, не се споменува никаква поврзаност меѓу собирите на ГДОМ и ВМРО-ДПМНЕ. Најсилно се напаѓаше, како што се вели, „уништувањето на културното наследство“, односно гаѓањето со боја и јајца на објекти од проектот „Скопје 2014“ (19 април: „Газење по историјата и плукање по борците на државноста. Историчарите и граѓаните со осуда за насилните протести“.

(2) Во врска со самиот чин на аболиција, кој ги поттикна протестите, се известуваше главно неутрално и информативно, затоа кој побарал од претседателот Ѓорге Иванов да биде укинато помилувањето за него (16 април: „Работев чесно и совесно во интерес на безбедноста на својата

земја. Поранешниот директор на УБК Сашо Мијалков јавно побара , претседателот Иванов да ја повече аболицијата за него“).

(3) Околу подготовката на предвремените парламентарни избори, исто така се известуваше со неутрален тон, како ситуацијата да е сосема нормална и да нема ништо спорно во врска со одржувањето на изборите на 5 јуни. Со исклучок на дел прилози каде што се напаѓаше опозицијата ( 16 април, пренесени ставови од американски аналитичар: „Зоран Заев, лидерот на опозицијата, бега од избори“).

(4) На сличен начин беше покриена и темата околу политичките преговори, кои беа закажани, но пропаднаа. Се известуваше информативно и неутрално, се` до моментот кога Заев најавува дека нема да оди, а оттогаш тој се напаѓа дека ја продолжува кризата(20 април: „Два дена молк, па два нови услови. Зоран Заев се заканува дека нема да оди на лидерска . За ВМРО-ДПМНЕ ова е само уште еден чин на деструктивната политика на СДСМ и паничното бегање од соочување со граѓаните“).

(5) Продолжи и следењето на активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски. Беа пренесени делови од негово интервју за друга телевизија (Канал 5), и меѓу кои беа емитувани и негови изјави што содржеа елементи на говор на омраза кон лидерот на опозицијата Зоран Заев (17 април: „Заев се однесува во овој период како човек, бомбаш самоубиец. Ние не можеме да се согласиме, да бидеме ставени во исти кош со еден класичен криминалец како што е Заев, со еден нотoрен лажго, со еден патолошки лажго“). Интензивно се известуваше за неговите најави на нови проекти, пред се` во земјоделството, и повторно не се правеше разлика дека тој настапува како партиски лидер, а не како државен, односно дека не станува збор за најави, туку за предизборни ветувања (19 април: „По примерот на Холандија, ќе се гради Агро бизнис зона во Макеоднија. Нов мега проект за земјоделците кој го промовиташе лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски. Објектот ќе почне да се гради кон крајот на годината, а се очекува д апочне со работа во 2018 година“). Груевски дури беше претставен и како добар владетел што им го решавал станбеното прашање на луѓето.

(6) Известувањето за нови мерки и проекти на Владата беше секојдневно застапено, но ретко ударно пласирано (20 април: „Продолжува обновата на возниот парк ан МЖ. Објаен е тендер за набавка на 3 нови електрични локомотиви, инвестиција од околу 7 милиони евра, реше министерот за транспорт и врски кој го пушти во употреба новиот локален пат Николиќ – Дојран.“

(7) Известувањето за новиот случај отворен од Специјалното јавно обвинителство, наречен „ТНТ“, во кое како обвинет се најде и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, во основа беше информативно и неутрално, со пренесување на сите реакции, освен тие на Фијат Цаноски. За разлика од поранешните известувања за СЈО, овојпат изостана негативниот однос. Но исто така, за разлика од поранешните случаи што ги отвори ова обвинителство, последниот не успеа да се пробие како главна тема во медиумите, поради другите случувања, за кои беше забележана пристрасност.

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите (63 прилози) има само по еден извор, а во речиси половина од нив (26 прилози) тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Потоа следуваат прилозите со два или повеќе извора чии ставови не се судираат (23 прилози), и е емитуван само еден прилог во кој изворите имаат спротивставени позиции. Во 3 прилога некритички се пренесуваат напаѓачки содржини од други медиуми (18 април, пренесено од Нетпрес: „Меѓу демонстрантите на синоќешните протести во Битола имало и Грци“).

<u>Директни обраќања:</u> Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски е застапен со 6 директни обраќања, а лидерот на СДСМ Зоран Заев со 2 обраќања. По едно обраќање се емитувани од првите луѓе на ДУИ Али Ахмети, на ГРОМ Стевчо Јакимовски и на ДР-ДПА, Зијадин Села.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Забележани се неколку случаи на манипулативна аудиовизуелна презентација:

(1) Недостиг на аргументи: се вели дека претседателот на ДИК Александар Чичаковски веднаш штом

ја напуштил седницата на комисијата бил „уловен со камера“ дека се сретнал со поранешниот медијатор Питер Ванхауте (16 април), но не е емитуван кадар што би го поткрепил тоа.

(2) Извртување на фактите: се вели дека Заев „рече дека е горд што неговите демонстранти ја оштетиле Порта Македонија“, но во прикажаниот негов статус од фејсбук (16 април) не го пишува тоа, туку само „горд сум на граѓаните на Скопје“

(3) Произволно толкување: се вели дека Заев „давал насоки за насилни протести“ (16 април), но таква експлицитна порака не се сретнува во неговиот говор

(4) Политички маркетинг со злоупотреба на ранливи категории: емитуван е прилог според кој Груевски лично им го решил стамбеното прашање на две семејства во социјален ризик (18 април: „Во Кратово беа доделени клучевите за 2 стана. Ова се случи за два месеца откако семејствата Петрови и петкови ги презентираа своите проблеми пред лидерот на ВМРО ДПМНЕ“)

<u>Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:</u>

- (17 април, генерална најава): Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ најави нов мега проект за земјоделците, на државен трошок ќе добијат советници кои ќе имаат обврска да ги упатат во тајните за најдобар принос, квалитет и добивка
- (21 април, анализа/коментар): Поддршка за таканаречената шарена револуција преку уништување и насилство. Функционери и членови на СДСМ и СОРОС во првите редови, буквално директно учествуваат во напад над полицијата, уништување на споменици, институции
- (22 април, најава/коментар): Во достоинствена атмосфера 60.000 граѓани побараа крај на кризата и избори на 5 јуни. Со голем патриотски набој и многу национални обележја Македонците од целата држава повикаа на прекин на ширењето на омраза и ставање крај на најавите за украински сценарија

**<u>Втора недела (23 – 28 април 2016)</u>**

Во известувачкиот период од 23 до 28 април на телевизија Алфа се објавени вкупно 70 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на проектите и мерките на Владата и на институциите раководени од ВМРО-ДПМНЕ (13 прилози), протестите (9 прилози), предвремените избори (7 прилози), активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (6 прилози), тезите за можни економски проблеми поради политичката криза (5 прилози), Специјалното јавно обвинителство и смртта на Коста Крпач (4 прилози), тезите за можна федерализација на Македонија (4 прилози), аболицијата од претседателот Иванов (3 прилози) и други теми.
Во најголем број известувања за овие теми телевизијата изразуваше позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон организацијата ГДОМ, и негативен и демонизирачки кон СДСМ, но и кон Специјалното јавно обвинителство, Сорос, платформата Протестирам и кон други субјекти што искажале антивладини ставови.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата во вкупно 34 случаи изразила позитивен и фаворизирачки однос кон партијата ВМРО-ДПМНЕ и во 2 случаја кон ГДОМ. Во 22 случаи е забележан негативен и напаѓачки однос кон СДСМ, во 7 случаи кон Специјалното јавно обвинителство, во 4 случаи кон протестите против аболицијата, а во по 2 случаја кон Сорос и кон партијата Левица. Коментаторска содржина е забележана во 11 демонизирачки прилози кон СДСМ (26 април: „Опозициската СДСМ не бира средства да ја стави во своја функција наелектризираната политичка ситуација во Македонија“) и во 4 фаворизирачки кон ВМРО-ДПМНЕ.

(1) Вестите на телевизијата се вратија во својот стандарден формат, во кој доминираат промотивните содржини за проектите и мерките на претставниците на власта. Во прв план повторно беа активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, кој во овој период води кампања за привлекување земјоделски гласачи, преку нудење мерки и проекти што би им помогнале на

земјоделците. Но кон најавите на Груевски не се пристапува како кон предизборни ветувања, туку како кон веќе донесени одлуки од државата (23 април: „Засилена поддршка за земјоделците, ќе се субвенционираат сточарите“). Нив ги објаснува претставник на Владата (24 април: „А колкави ќе бидат бенефитите од оваа мерка детално образложи заменик-министерот за земјоделство Ванчо Костадиновски“), па дури се пренесува дека дело од нив веќе се ставени во некоја процедура (26 април: „Веќе се подготвува нацрт текст за законско решение за проектот што го најави лидерот на ВМРО-ДПМНЕ“). Со тоа телевизијата целосно ја брише линијата меѓу државата и партијата, и ја прави беспредметна одредбата од договорот од Пржино според која премиерот на Владата се повлекува пред изборите, бидејќи со овој тип прилози се сугерира дека тој се` уште ги носи одлуките и нему се` уште му се реферира. Груевски, освен што најавуваше нови мерки, исто така присуствуваше и на свечености по повод изведување локални проекти, како реконструкцијата на улицата Ѓорче Петров (25 април: „Увид денеска направија претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски и градоначалниците на градот Скопје и на општината Ѓорче Петров“). Меѓу другите прилози за владините проекти, мерки и новини, во кои не беше присутен првиот човек на ВМРО-ДПМНЕ, главно станува збор за промоција на нова медицинска опрема и услуги (25 април: „Пет апарати во одделот за физикална терапија, биохемиски анализатор како и нов апарат за ехо кардиографија од неодамна се во функција во поликлиниката во Чаир“), но не изостанаа ниту прилозите во кои редовните обврски на институциите се претставуваат како достигнување (23 април: „Започна реконструкција на улицата Сарај“).

(2) Карактеристично беше покривањето на протестите. Телевизијата заземе силен негативен однос кон активностите на платформата „Протестирам“ (25 април: „Наместо разговор и дијалог, продлабочување на кризата, сето платено од Сорос, реализирано од СДСМ“), и ги фаворизираше собирите на ГДОМ (27 април: „Во истовреме ГДОМ одржува народни собири во Кавадарци, Битола, Кичево, Радовиш и во Охрид“). Тоа беше засилено и со манипулативната аудиовизуелна презентација, во која од протестите од т.н. шарена револуција се прикажуваа само сцени со насилство (гаѓање споменици, туркање со полицијата, палењето на народната канцеларија на претседателот), додека од ГДОМ само масовни сцени со снимки од дрон. На ГДОМ му беше признат граѓански статус, додека за „Протестирам“ се тврдеше дека е во врска со опозицијата и со други субјекти. Најсилен негативен говор беше забележан при пренесувањето на анализите од неделникот Република, според кои протестите се дел од сценарио за дестабилизација, а потоа и за федерализација на државата (26 април: „Смена на името, знамето, државната химна, дводомен парламент , претседател Албанец. Зоран Заев договара федерализација на Македонија, објави порталот Република“). На оваа теорија медиумот и` посвети големо внимание. И тука има манипулација со аудиовизуелните елементи, бидејќи македонските и албанските знамиња што се вејат заедно на антивладините протести, се прикажуваат како „аргумент“ за федерализација.

(3) Продолжува фаворизирањето на 5 јуни како изборен датум. Поголем дел прилози на оваа тема се пренесуваат речиси како технички информации до каде се подготовките, без да се поврзат со поширокиот политички контекст во кој има многу поголеми проблеми од техничките услови, во врска со одржувањето на изборите (27 април: „ДИК доцна синоќа со 6 гласа ЗА и 1 против го усвои извештајот од вкрстените, теренските и административните проверки на избирачкиот список“). Во овој поглед карактереистично беше известувањето од прес-конференцијата на делегацијата на ПССЕ, која иако упати критики кон многу прашања, како медиумите, аболицијата и други, на телевизијата Алфа беше пренесен само искажан став против бојкотот на изборите (28 април: „Парламентароното собрание на советот на Европа загрижено за највите за бојкот на СДСМ и размислите на ДУИ во оваа насока) за кој не може да се утврди контекстот.

(4) Не се споменуваше теоријата за можни санкции врз земјата ако не се најде решение за политичката криза. Но се обработуваше другата тема во врска со можни економски последици од политичките состојби, односно теориите за девалвација на денарот, масовно повлекување на банкарските депозити, и раст на побарувачката на евра. Главно се упатуваа пораки дека нема реална основа за паника, но темата се искористи и за напад врз опозицијата (27 април: „Сценариото за девалвација на денарот и раст на еврото е веќе видено, но добро осмислено сценарио на СДСМ, сметаат дел од политичките аналитичари“).

Користење на изворите: Во најголем дел од прилозите (35 прилози) има само по еден извор, а во една третина од нив (12 прилози) тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Потоа следуваат прилозите со два или повеќе извора чии ставови не се судираат (21 прилог), а во повеќе од половина од нив (12 прилози) станува збор за двајца или повеќе функционери од ВМРО-ДПМНЕ кои меѓусебно се поддржуваат или се надополнуваат. Само во 5 прилози имало спротивставени позиции. Телевизијата во 6 случаи како извор користеше текстови објавени во други медиуми и портали, со напаѓачка содржина.

Директни обраќања: Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски беше емитуван со повеќе обраќања отколку што тој имаше јавни настапи во текот на мониторираната недела (вкупно 6 обраќања). Неговата најава за нови мерки за сточарите беше повторувана три дена. Од лидерот на СДСМ Зоран Заев не беше емитувано обраќање од актуелниот период, но двапати беше реемитувана негова стара изјава во врска со учењето на албанскиот јазик, која беше употребена против него. Едно обраќање имаше и од првиот човек на ГРОМ Стевчо Јакимовски.

Аудиовизуелна презентација: Во известувачкиот период, повторно најчест тип на манипулативна аудиовизуелна презентација беше емитувањето политички маркетинг во корист на власта како дел од информативната програма. Забележани се уште неколку карактеристични примери.
(1) Во извештај од трибина на организацијата Македонски манифест, на која беа изнесени ставови против ЕУ, НАТО, Специјалното обвинителство, опозицијата и други субјекти (25 април), паралелно се емитуваа и кадри од народен собир на организацијата ГДОМ, создавајќи впечаток за масовна поддршка на тие ставови.
(2) Опозицијата се обвинува дека сака да го сруши денарот со ширење паника преку „проопозициски експерти“ (26 април), но никој не е именуван
(3) Дури и границите на политичкиот маркетинг беа надминати во прилог од 27 април, во кој вестите послужија како огласник на Владата, со објавувањето цел оглас за давање земјоделско земјиште под закуп, со услови и рокови, како информативен прилог.
(4) Во еден од прилозите за протестите (27 април) се емитува ставот на Валентина Божиновска, која е претставена како да се обраќа во својство на претседател на Комисијата за односи со верските заедници, но таа зборува со амблемот на ВМРО-ДПМНЕ зад неа, бидејќи обраќањето и` е веднаш по конференција на Унијата на жени на таа партија.

Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:

(23 април, извештај): Се зголемуваат проектите за земјоделците. Овој пат, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски при на посетата на сточарска фарма во село Нова Брезница го најави проектот „поддршка од 80 отсто за набавка на високо приносен добиток“ кој се однесува на земјоделците кои се занимаваат со одгледување на стока.
(24 април, најава на прилог): Протестите на шарената револуција се обид за дестабилизација на државата и желба дополнително да се одложат изборите, пишува италијанскиот политичар Лука Волонте
(26 април, анализа/коментар): Сценариото е јасно, да се создаде криза, а потоа како што изјави Заев пред 8 години, државата да ја подвитка кичмата за да постигне решение со името, пишува Република.
(28 април, најава на прилог): Владата почнува процес на огромно инвестирање во модернизацијата на АРМ најави премиерот за спроведување избори, Емил Димитриев

**Трета недела (2 – 7 мај 2016)**

Во известувачкиот период од 2 до 7 мај на телевизија Алфа се објавени вкупно 65 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најмногу внимание телевизијата им посвети на проектите и мерките на Владата и на институциите раководени од ВМРО-ДПМНЕ (16 прилози), предвремените избри (9 прилози), состојбите со економијата (6 прилози), Специјалното јавно обвинителство (4 прилози), обидите за преговори (3 прилози), протестите (3 прилози), потсетување на активностите на Никола Груевски (3 прилози) и други теми.
Во најголем број известувања за овие теми телевизијата изразуваше позитивен и фаворизирачки

однос кон ВМРО-ДПМНЕ, и негативен и демонизирачки кон СДСМ, но и кон Специјалното јавно обвинителство и фондацијата на Сорос.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата во вкупно 29 случаи изразила позитивен и фаворизирачки однос кон партијата ВМРО-ДПМНЕ. Во 15 случаи е забележан негативен и напаѓачки однос кон СДСМ, во 5 случаи кон Специјалното јавно обвинителство, и во 2 случаја кон Сорос. Коментаторска содржина е забележана во 8 демонизирачки прилози кон СДСМ ((3 мај: „Заев против Заев. Лидерот на СДСМ иако до пред некој ден тврдеше дека не го признава судот обвинението против него во случајот Пуч, денеска се појави прв во судот") и во 4 фаворизирачки кон ВМРО-ДПМНЕ (4 мај: „Економијата се поттикнува пред се преку капиталните инвестици односно преку вложувањата во инфраструктурата").

(1) И покрај тоа што државата поминува низ драматичен период, телевизијата повторно најмногу известуваше за проектите и мерките на Владата и на другите институции раководени од кадри на ВМРО-ДПМНЕ. Главно станува збор за помали проекти (4 мај: „Министерот Мисајловски денес исто така истакна дека следната година ќе се започне и со изградба на регионалниот пат од Старо до Ново Коњарево во должина од 4 километри и инвестиција од 1,3 милиони евра). За овој тип прилози беше карактеристичен крајно фаворизирачкиот тон (4 мај: „Во градот под Маркови кули владее голем интерес за владиниот капитален проект со гасификација како природен, еколошки и евтин енергенс"). Дел проекти беа од здравствениот сектор. Редовно се следат зачестените активности на министерот Никола Тодоров во промоцијта на нови апарати (5 мај: „Набавен е нов ЕЕГ апарат за потребите на Заводот за ментално здравје на деца и младинци во Скопје. Со него сериозно се подобрува можноста за дијагностика"). Дел од информативниот простор всушност беше отстапен како огласникг за Владата (5 мај: „Огласот за самовработување е отворен уште 15 дена, а со него и шансата да добиете неповратен грант од владата од 3 000 евра и редица други поволности").

(2) Фактот дека претседателот на ВМРО-ДПМНЕ немаше јавен настап во текот на известувачкиот период, не беше пречка тој да биде значително застапен во вестите, преку повторување на проектите што веќе ги најавил (2 мај: „Мега проекти за унапредување на македонскиот аграр. Програмата на владејачката ВМРО-ДПМНЕ со низа мерки за македонските земјоделци"). Неговите мерки се анализираа како да се официјално донесени, а не како предизборни ветувања (4 мај: „Според експертите ваквите негативни демогравски тенденции ќе се променат преку новиот проект - Од град во село, за нов почеток"). Не отсуствуваше ниту изразувањето задоволство од неговите најави (6 април: „Проектите, субвенциите и мерките во земјоделието, се поголем поттик за земјоделците. Тоа го покажува зголемената заинтересираност за веќе постојните мерки Млад земјоделец и 50-50, кои ги најави претседателот на ВМРО-ДПМНЕ").

(3) Во врска со политичката криза, повремено се пренесуваа иницијативите на меѓународната заедница да издејствуваат решение преку нова политичка средба, но опозицијата беше претставена како кочничар (3 мај: „Меѓународната заедница зад затворени врати се обидува да изврши притисок врз политичките партии пред се` СДСМ, да се седне на заедничка маса и конечно да се најде решение за излез од кризата"). Но повеќе простор се одвојува за да се создаде впечаток на широка меѓународна поддршка за позициите на владејачката партија и против активностите на опозицијата. Тоа се прави преку пренесување ставови на поединци, како италијанскиот политичар Лука Волонте (2 мај: „Најпопуларниот лидер во земјата е поранешниот, а можеби и следен премиер, Никола Груевски. Под негово водство земјата покажа одличен економски раст: 3,7 отсто. Најголемиот раст на Балканот. Секој социјален, здравствен и образовен параметар видно се подобри"), и хрватската европратеничка Маријана Петир (5 мај: „На Македонија не и` се потребни никакви тутори-амбасадори. Политичарите и народот се доволно способни да ја водат својата земја, порача во Скопје хрватската европратеничка Маријана Петир, која е децидна: на власт се доаѓа на избори, со програма"), Карл фон Хабсбург, и особено Жозеф Дол (4 мај: „Претседателот на најголемата политичка партија во Европа, Европската народна партија, Жозеф Дол, испрати силна порака против она што го прави опозицијата во Македонија, нарекувајќи го театар"). За Дол се вели дека раководи со партија во која членуваат германската канцеларка Меркел, европските лидери Туск и Јункер, како и еврокомесарот Хан, со што манипулативно се сугерира дека неговата изнесена позиција не е лична, туку колективна и ги вклучува некои од највлијателните политичари во Европа.

(4) За економската состојба се известува спротивставено, во зависност од поводот. Во дел прилози се претставува позитивна слика (3 мај: „Македонската економија и покрај сите удари успеа да преживее, па дури и да руши рекорди. Според најновиот извештај на ЕК, нашата економија ќе расте за 3,5 отсто годинава, и уште толку следната. Со што Македонија се рангира во топ петте земји во Европа“). Во други, пак, се пренесуваат загрижувачки пораки (5 мај: „Избори за крај на агонијата. Народната банка предупреди - доколку политичката криза продолжи, ќе следи драстичен пад на предвидениот економски раст, пад на инвестициите, помал извоз и намалени девизни резерви“).

(5) Телевизијата не известуваше редовно за текот на протестите од шарената револуција, но емитуваше неколку демонизирачки прилози за нив. Еден од тие прилози се однесуваше на годишнината од почетокот на протестите минатата година (5 мај: „Точно една година под превезот на граѓански протест беше организиран насилен упад во објектот на Владата, во кој беа нападнати со павер елементи и метални шипки беа повредени десетици припадници на безбедносните сили. Истовремено според безбедносните проценки терористтие од Диво Насеље токму тогаш влегле во државата користејќи ја силната ангажираност на македонската полиција“). Друг, пак, е обвинувачки дека протестите се фингирани и не изразуваат автентично незадоволство (7 мај: „Колку чини самопрогласената шарена револуција, организациите под капа на Сорос трошат по 15.000 евра на ден“).

(6) Во фокусот на известувањето за Специјалното јавно обвинителство е случајот со смртта на Коста Крпач, аболицирано лице од претседателот Иванов. Продолжуваат сугестиите дека Крпач бил малтретиран од СЈО (3 мај: „Во меѓувреме експертите и јавноста бараат одговор од Специјалното обвинителство зошто тие барале претрес кај Крпач, а не барале никаков претрес кај СДСМ или Заев за да се види дали има преслушкувани матерјали кај нив“.

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите (30 прилози) има само по еден извор. Потоа следуваат прилозите со два или повеќе извора чии ставови не се судираат (18 прилози), а на крај се тие каде што изворите се со спротивставени позиции (5 прилози). Само во мал број прилози (14) како единствени соговорници се јавуваа претставници на партијата ВМРО-ДПМНЕ или на нејзини претставници од државните институции. Забележано е и користењето недефинирани извори како „коментираат познавачите“.

<u>Директни обраќања:</u> Беше емитувано само едно директно обраќање од актуелниот период, од лидерот на СДСМ Зоран Заев, и уште една негова стара изјава. Две стари изјави беа емитувани и од претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Беа забележани неколку случаи на манипулативна аудиовизуелна презентација.
(1) Скриен политички маркетинг: преку приказна за иселеник од Германија (5 мај) што се вратил да инвестира во своето делчевско село, се промовираат мерките и проектите за руралните средини што ги најавуваше лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски. Но неговото име не е споменато, туку само се вели дека тоа се мерки што ќе се воведат наскоро.
(2) Селективно известување: во извештајот за реконструкцијата на патот од Битола до Ресен (5 мај) не е емитувана изјавата од битолскиот градоначалник Владимир Талевски, кон кого активисти фрлаа лажни евра додека зборуваше и му ја честитаа аболицијата. За настанот се извести како да не се случило ништо невообичаено.
(3) Уште еден случај на селективно известување: во извештајот за конференцијата во МАНУ во врска со евроинтеграциите на Македонија (6 мај) не е вклучено обраќањето на евроамбасадорот Аиво Орав, кој изнесе голем број критики кон состојбите во земјата.
(4) Во прилог што се состоеше од анкета меѓу граѓани во врска со датумот за избори, се вели дека дел од граѓаните „се прашуваат и дали некаде во светот има опозиција која посотјано бара но и постојано бега од избори“ (7 мај), но не е емитувана соодветна изјава од ниеден граѓанин.

<u>Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:</u>

- (3 мај, анализа/коментар): Откако Пуч го зеде во своја надлежност специјалната обвинителка Катица Јанева, таа почна да купува време и бараше одложување на рочиштата
- (4 мај, најава/коментар): И делегација на СДСМ положи венец на споменикот на Гоце Делчев на плоштадот Макеоднија кој е дел од проектот Скопје 2014, нп на проопозициските протести токму спомениците се мета на напади
- (4 мај, аналитичко-репортажен прилог): Со проектот кој го најави претседателот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски, ќе се субвенционира трошокот за купување, обнова или изградба на куќа до 6.000 евра, бенефиции за бесплатно државно земјоделско земјиште до три хектари, како и еднократна месечна субвенција од по 15.000 денари во тек на 18 месеци.
- (6 мај, извештај): Пензионерите кои се сместени во Негорски Бањи - Гевгелија, презадоволни од проектите наменети за нив. Бесплатната бањско-климатска рекреација е еден од најпозитивните и најприфатените проекти од страна на корисниците на пензија, истакна заменик-министерот Спасов.

# 11. КАНАЛ 5

**<u>Прва недела (16 – 22 април 2016)</u>**

Во известувачкиот период од 16 до 22 април 2016 година на телевизијата Канал 5 се објавени вкупно 78 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најзастапени теми беа: протестите и граѓанските собири на улиците (19 прилози), пропаднатите преговори за излез од кризата (11 прилози), активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (8 прилози, од кои 5 прилози од интервју дадено за телевизијата), проектите и мерките на Владата и на други институции раководени од кадри на ВМРО-ДПМНЕ (6 прилози), новиот случај на СЈО (4 прилози) и други теми.
Во најголем дел во известувањата на овие теми е забележан фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и општо кон поддржувачите на власта, и негативен и демонизирачки кон СДСМ и кон противниците на владејачката партија

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Во текот на известувачкиот период побројни беа негативните и демонизирачки прилози за СДСМ (25 прилози), отколку позитивните и фаворизирачки за ВМРО-ДПМНЕ (19 прилози), што е спротивно на изминатите мониторирани недели, кога доминирале пофалните содржини за владејачката партија. Истото се однесува и за прилозите со коментаторска содржина, од кои 9 се насочени против СДСМ, а 2 во поддршка на ВМРО-ДПМНЕ. Цел на напади се и фондацијата Отворено општество (Сорос) во 4 прилози, и движењето „Протестирам“ во 3 прилози.

(1) Карактеристично за вестите на Канал 5 во мониторираната недела беше дека се емитуваа четири интервјуа со високи претставници на ВМРО-ДПМНЕ, кои добија отворена можност, дури и поттик, да ги напаѓаат СДСМ и други критичари на власта. Во прв план беше самиот лидер на партијата Никола Груевски, кој гостуваше во студиото на 16 април. Во 21-минутното интервју, дури 16 минути беше оставен да го напаѓа опозицискиот лидер Зоран Заев дури и со погрдни зборови („Не можеме да се согласиме да бидеме ставени во ист кош со еден класичен криминалец каков што е Заев, со еден ноторен лажго, со еден патолошки лажго, спремен да си ја продаде државата и државните интереси заради негов личен интерес. Со човек кој што е бескичмењак“). Прашањата се главно апологетски, како „дали политичката криза може да има голем удар врз економијата“. На крајот му беше дадена шанса и да се пофали со нови проекти („Вие во вашите излагања пред граѓаните најавувате најголема политичка програма“), кога тој го најави воведувањето земјоделски советници. Пет прилози беа емитувани во следните денови со извадоци од интервјуто, а од се` што кажа Груевски и што главно се однесуваше на актуелната политичка ситуација, најразработена беше темата за земјоделските советници. И за овој, и за другиот проект за земјоделците што го најави Груевски (агроберза), се известуваше без да се прави разлика дали тој настапува од име на својата партија и дава предизборни ветувања, или од име на државата и најавува нови решенија. Во сличен тон помина и интервјуто со министерот Никола Тодоров (19 април), кој беше дури поттикнуван да ја напаѓа опозицијата, со

прашања како „Како ги коментирате овие насилни протести и скврнавењето на спомениците низ Скопје“, или забелешки како „СДСМ се во власта, се во Владата, а сепак работат спротивно на Законот за Влада. Има една теорија дека сакаат што подолго да се задржат во власта без избори, втората теорија е дека крајната цел е да се промени името на Македонија, односно да се попушти пред Грција, третото сценарио е многу страшното сценарио дека ќе влеземе во украинското сценарио“. Со градоначалникот Коце Трајановски се разговараше пред неговиот кабинет на 21 април, каде што исто така му се сугерираа напаѓачки прашања, од типот „ Зошто толкав гнев се истура врз спомениците, дали е ова удар врз симболите на независна Македонија“. Негативните констатации во врска со СДСМ на новинарите и на уредниците, на кои се очекуваше да се надоврзат гостите, продолжија и во интервјуто со заменик-министерот Митко Чавков на 22 април („Токму во ова студио, тука седеше Спасовски кога рече дека нема да ги пичитува одлуките на Управниот суд, затоа што тој смета дека не се во право“; „Сведоци сме овие денови што ни се случува по улиците на Скопје каде што се демолираат, односно се скврнават објекти, споменици, каде што масата напаѓа полицајци. Што презема МВР против сите овие насилници“; „Во медиумите излезе и веста дека телохранител што бил близок до Заев и Спасовски, нападнал полицаец. Дали е познат тој сторител и дали се санкционирани“). Во изминатите мониторирани недели на Канал 5 беа проследени интервјуа со високи претставници на опозицијата, кон кои односот беше сосема спротивен.

(2) Интензивно се известуваше за протестите и граѓанските собири што се случуваа во текот на неделата, но во прв план беа протестите на движењето „Протестирам“ поттикнати од групната аболиција што ја прогласи претседателот Иванов, како и контрапротестите на здружението ГДОМ. Но пристапот кон овие два субјекта беше сосема различен. Учесниците на протестите на „Протестирам“ беа нарекувани хулигани, се инсинуираше директна врска, дури и контрола, меѓу нив и СДСМ (16 април: Инаку за време на насилните протести организирани од опозицијата, изминатите денови неколку полициски службеници беа изложени на сериозни напади со камења, запалени бакли, и разни други тврди предмети, при што неколкумина од нив беа повредени), па дури и поврзаност со албански национализам и со планови за федерализација на Македонија (19 април: „Скврнавењето и уништувањето на културните споменици на вчерашните протести на опозицијата и денеска наиде на жестоки реакции во јавноста. На протестите на СДСМ во петок ќе им се приклучи и УЧК“). Известувањето за собирите на ГДОМ, особено за централниот на 21 април, повеќе беше маркетиншко отколку репортажно, со снимки од дрон, со емитување на химната, и со многу пофални зборови (22 април: „На најбројниот собир досега пред Собранието, од над 60.000 грла се слушнаа пораките: нема да дозволиме да се остварат црните сценарија. „Да“ за избори на 5 јуни, „не“ за деструкции, порача масата народ оранизирана од ГДОМ“). Иако во петокот на 22 април се одржаа два сосема одвоени протеста, од кои едниот имаше албански етнички предзнак, а другиот граѓански, телевизијата продолжи со нивното поврзување (22 април: А наспроти се` ова што го видовме претходно, кон опозициските протести попладнево се приклучија и воените ветерани на УЧК, Здружението на поранешни политички затвореници Албанци, како и Движењето за реформи на ДПА. Побараа федерализација на Македонија и целосни права на Албанците“).

(3) Во врска со преговорите околу политичката криза, кои пропаднаа, како и со новиот случај што го отвори Специјалното јавно обвинителство, „ТНТ“, во кое е осомничен и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, известувањето беше сеопфатно, коректно и неутрално, со пренесување на ставовите на различни засегнати страни.

(4) Иако со многу помал број прилози од вообичаено, продолжи и известувањето за нови мерки и проекти од институциите со кои раководат кадри од ВМРО-ДПМНЕ. Голем дел од нив беа од локален карактер (17 април: „Се гради нова патека, се поставуваат и клупи, а локалната самоуправа започна со уредување на просторот околу езерото Младост“). Не изостана ниту прикажувањето на редовните обврски на институциите како достигнување на власта (20 април: „После речиси цела деценија, село Николиќ се поврзува со нов асфалт, од селото до клучката кај Дојран“).

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите се користи еден извор (50 прилози), од кои во една третина (17 прилози), тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Од прилозите каде што се користат два или повеќе извори, тие почесто се согласуваат или имаат барем неутрален однос едни кон други (17 прилози). Најмалку прилози се емитувани (4 прилози) во кои

изворите имаат различни или спротивставени стојалишта. Во 5 случаи телевизијата некритички пренесуваше напаѓачки и клеветнички содржини против опозицијата или против други субјекти, од веб-портали или од други медиуми (17 април, пренесено од Курир: „ИСИС уништуваше спомен обележја во Палмира, Зоран Заев во Скопје").

Директни обраќања: Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ беше најмногу застапен со 7 обраќања, пред лидерот на СДСМ Зоран Заев со 2. По едно обраќање беше емитувано од првите луѓе на ДУИ Али Ахмети, на ГРОМ Стевчо Јакимовски и на ДР-ДПА Зијадин Села.

Аудиовизуелна презентација: Забележани се повеќе случаи на манипулативна аудиовизуелна презентација:
(1) Се вели „лидерот на СДСМ дал поддршка за грчкиот предлог за името", но тоа го нема во неговите изјави (16 април)
(2) Политички маркетинг во кој се злоупотребуваат социјално ранливи лица. Емитуван е прилог (18 април), во кој се вели дека две семејства од Кратово добиле социјални станови само еден месец откако го побарале тоа од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски.

Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:

- (17 април, најава на прилог): Груевски промовираше нов проект за земјоделците - земјоделски советници.
- (18 април, пренесено соопштение): Сакаме ли и ние да завршиме како Египет, Сирија и Украина? Македонски манифест инсистира државните институции на Република Македонија да ја укинат активноста на соросовите деструктивни активности, бидејќи е повеќе од очигледно дека тие подолго време се насочени против македонскиот суверенитет и идентитет
- (20 април, извештај): Мисајловски вели дека со историски најголемите инвестиции во железницата, драстично ќе се подобрат условите за транспорт на патници и стоки, а тоа веќе и се докажало со пуштање во употреба на пристигнатите возови

**Втора недела (23 – 28 април 2016)**

Во известувачкиот период од 23 до 28 април 2016 година на телевизијата Канал 5 се објавени вкупно 71 прилог кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најзастапени теми беа предвремените парламентарни избори (11 прилози), протестите (10 прилози), проектите и мерките на Владата и на другите институции раководени од ВМРО-ДПМНЕ (9 прилози), активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (6 прилози), Специјалното јавно обвинителство и смртта на Коста Крпач (4 прилози), тезите за економски проблеми поради политичката криза (3 прилози), тезите за федерализација на државата (2 прилога) и други теми.
Во најголем дел во известувањата на овие теми е забележан фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон здружението ГДОМ, и негативен и демонизирачки кон СДСМ и кон други субјекти што изразиле антивладини ставови и позиции.

Коментари и оценки во вестите: Во текот на известувачкиот период телевизијата имаше фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзините функционери во 27 прилози и кон ГДОМ во 2 прилога, а негативен, напаѓачки и демонизирачки во 15 прилози кон СДСМ, во 10 прилози кон платформата „Протестирам", во 4 прилози кон СЈО, во 3 прилози кон Сорос итн. Што се однесува до коментаторските содржини, тие се сретнуваат во 6 напаѓачки прилози кон СДСМ и во 3 пофални кон ВМРО-ДПМНЕ. Според бројот на прилозите, телевизијата прави баланс меѓу политичкиот маркетинг во корист на власта и информирањето за актуелните теми. Но според содржината, таа е целосно негативно настроена кон опозицијата и силно ја фаворизира власта.

(1) Негативниот говор најчесто се сретнува во известувањето за протестите (24 април: „Хулиганите удрија по релјефите и спомен-обележјата на Илинденците и преродбениците"). Тие се придружени со манипулативна селекција на кадри, со која од протестите на платформата „Протестирам" се прикажуваат само насилни кадри од гаѓање на спомениците со боја и со јајца, а од собирите на ГДОМ кадри од висока позиција, со многу луѓе и знамиња. Протестите против аболицијата, освен како

насилни, се прикажуваат и како нарачани (24 април, пренесена колумна од италијанскиот политичар Лука Волонте: „Деновиве кога се зборива за шарена револуција во Македонија, односно има протестни движења спонзорирани од Институтот Отворено општество на Сорос, Радио Либерти, Балкан Инсајт, Призма и други невладини, како и од УСАИД“). Тие исто така се поврзуваат и со теорија на заговор што ја објави неделникот Република, а ја пренесе телевизијата во два последователни прилога, според која зад протестите стои обид за дестабилизација, со цел понатамошно редефинирање на државата (26 април: „Црното сценарио за федерализација на Македонија почна да се остварува. Ќе се свитка ли и кичмата за името“). И тука е забележана манипулација со аудиовизуелната презентација, така што веењето на македонското и албанското знаме заедно на протести се става во контекст на тезата за федерализација.

(2) Темата за предврмените парламентарни избори беше најзастапена. Се фаворизираше тезата дека условите се исполнети и дека на Македонија и` е неопходно да ги одржи изборите на 5 јуни, без понатамошно одложување (27 април: „Преку дијалог да се дојде до завршување на кризата со изборите што се предвидени на 5 јуни, изјави за ТВ Нова министерот за финансии Зоран Ставрески“). Во поддршката на оваа теза дури се манипулираше со искажаните ставови на дел меѓународни претставници, како делегацијата од Парламентарното собрание на Советот на Европа, од која селективно беа пренесени само изјавите во врска со бојкотот на избори (28 април: „Бојкотот на изборите е спротивен на демократијата, изјави делегацијата на Советот на Европа по дводневната проценка на преидизборната атмосфера во земјава“), но не и нивните критики во врска со аболицијата, медиумите и други актуелни состојби.

(3) Известувањето за активностите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Груевски се врати во стариот формат, во кој тој се прикажува како носител на одлуките (28 април: „Од град во село за нов почеток, лидерот на ВМРО ДПМНЕ промовираше нов мега проект за сите кој ќе одлучат од град да се преселат во село, без разлика дали претходно направиле миграција од село во град“), авторитет кому му се реферира (25 април: „Градоначалникот Коце Трајановски пред претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски информираше дека во сите општини тече реализација на најмалку два капитални проекти“), но и како некој што е подготвен да разговара со граѓаните директно за нивните барања и потреби, и навидум спонтано, иако со прикачен микрофон на него, и со телевизиски микрофони меѓу соговорниците. Изедначувањето на партијата и државата преку покривање на активностите на Груевски оди толку далеку, што неговите најавени мерки се третираат како да ги најавила државата и со сигурност ќе се случат, се консултираат експерти и се анализираат ефектите, иако во овој момент и во овие околности тие може да се гледаат само како предизборни ветувања од лидер на партија. Се врати и поинтензивното известување за владините мерки и проекти, исто така со промотивен и пофален речник (25 април: „Од почетокот на следната недела стартуваат владините бесплатни обуки за странски јазици за млади до 29 години. Бенефитите од бесплатните обуки се повеќекратни“).

(4) Не се известуваше во врска со гласините за можни санкции против Република Македонија ако не се најде решение на политичката криза. Се известуваше за другиот аспект од можните влијанија на политичката состојба врз економијата, односно повлекувањето штедни влогови, купување девизи и ризикот од девалвација на денарот. Се упатуваа главно смирувачки пораки, но и напаѓачки кон опозицијата дека ја создавала паниката (27 април: „Според порталот Курир, СДСМ пред секои избори користи тактика за девалвација на денарот“).

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите се користи еден извор (34 прилози), од кои во речиси половина (16 прилози), тој извор е претставник на Владата или на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Од прилозите каде што се користат два или повеќе извори, тие почесто се согласуваат или имаат барем неутрален однос едни кон други (19 прилози), а во нешто помалку од половина од нив (9 прилози) станува збор за по двајца или повеќе претставници на власта или на владејачката партија како се надополнуваат. Само 6 прилози се емитувани во кои изворите се спротивставени. Во 3 прилози како извор се појавуваат текстови од портали, со напаѓачка содржина (23 април: „СДСМ ги порачува и диктира пресовите на Катица Јанева, пишува порталот Нетпрес“).

<u>Директни обраќања:</u> Најзастапен, со 7 директни обраќања беше лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, но од нив 3 пати беше повторувана неговата најава за нови мерки за сточарите, и еднаш беше пренесена стара

изјава за мерки за земјоделците. По едно обраќање беше емитувано од претседателите на ГРОМ Стевчо Јакимовски и на ПЕИ Фијат Цаноски. Немаше обраќање од актуелниот период на лидерот на СДСМ Зоран Заев, но двапати беше емитувана негова стара изјава во врска со учењето на албанскиот јазик, која беше искористена против него.

Аудиовизуелна презентација: Манипулативната аудиовизуелна презентација беше застапена во повеќе прилози од сите доминантни теми покриени од телевизијата. Најчест тип беше емитувањето промотивни содржини за функционерите од партијата ВМРО-ДПМНЕ и за нејзиниот лидер Груевски како дел од вестите. Но се манипулираше и со известувањето за протестите, преку селекцијата на кадрите (само насилни за „Протестирам“, а масовни за ГДОМ, потоа злоупотреба на кадри со македонски и албански знамиња заедно), како и за изборите (селективно пренесување изјави).

Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:

- (23 април, најава на прилог): Дали Зоран Заев договорил трампа на територијата на Македонија? Кој е неговиот договор со радикалните албански структури кои заговараат федерализација и бинационалност на државата? Прашуваат од партијата на Стевчо Јакимовски
- (24 април, коментар): Вчерашното скврнавење е само уште едно во низата на протестантите на СДСМ и Сорос
- (26 април, најава на прилог): Интензивно се гради нов објект на Македонска филхармонија. Вработените радосни зашто од јануари 2017 година ќе работат во репрезентативен објект, на кој се чекаше цели 70 години
- (28 април, извештај): Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски денеска го промовираше мегапроектот кој ќе треба драстично да ја подобри социо-економската состојба во државата

**Трета недела (2 – 7 мај 2016)**

Во известувачкиот период од 2 до 7 мај 2016 година на телевизијата Канал 5 се објавени вкупно 65 прилози кои се однесуваат на политичките актери, случувања или состојби. Најзастапени теми беа предвремените парламентарни избори (10 прилози), протестите (7 прилози), проектите и мерките на Владата и на другите институции раководени од ВМРО-ДПМНЕ (5 прилози), Специјалното јавно обвинителство и истрагата за Коста Крпач (5 прилози), потсетувања за мерките најавени од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (4 прилози), состојбите со економијата (3 прилози).
Во најголем дел во известувањата на овие теми е забележан фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон здружението ГДОМ, и негативен и демонизирачки кон СДСМ, Специјалното обвинителство, фондацијата Сорос, платформата Протестирам и други.

Коментари и оценки во вестите: Во текот на известувачкиот период телевизијата имаше фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзините функционери во 15 прилози и кон ГДОМ во 1 прилог, а негативен, напаѓачки и демонизирачки во 13 прилози кон СДСМ, во 4 прилози кон СЈО, во 4 прилози кон Сорос итн. Што се однесува до коментаторските содржини, тие се сретнуваат во 9 напаѓачки прилози кон СДСМ и во 2 пофални кон ВМРО-ДПМНЕ (6 мај: „Врвен интерес е излегување од кризата преку одржување избори на кои граѓаните ќе одлучат кому ќе му ја дадат довербата да ја води Македонија. Ова е приоритет на ВМРО-ДПМНЕ“).

(1) Содржини со силни елементи на политички маркетинг во корист на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски се емитуваа во недела во која тој немаше ниту едно обраќање во јавноста. Така, кога нема нови мерки, повторно се промовираат старите. За проектот „Од град во село за нов почеток“ се прават статистички анализи што укажуваат зошто е потребен и колку ќе биде корисен (4 мај: „Подобрување на демографската слика во руралните средини се очекува да овозможи проектот „Од град во слео за нов почеток“ кој минатата недела го најави лидерот на владејачклата партија, а кој опфаќа сет мерки за поттик на населението градскиот асфалт да го замени со природните убавини“). Не е јасно зошто еден медиум би правел ваква анализа за предизборно ветување на партиски лидер.

Ова не е мерка најавена од државата. Но не само што се рекламираат проектите на Груевски, туку се рекламира и нивното рекламирање (2 мај: „Мега-проектот за подобрување на условите во земјоделскиот сектор анализиран и во специјалната емисија за земјоделците, Бразди, која се емитува секоја недела наутро на Канал 5“. Пристапот е идентичен како и претходно: мерките се третираат како најави од државен авторитет, а не како ветувања од партиски лидер.

(2) Известувањето за политичката криза генерално се состоеше од пренесувањето ставови на европски политичари кои што ги фаворизираат позициите на власта и ги напаѓаат тие на опозицијата, пред се` поврзани со изборите. Меѓу вклучените поединци е италијанскиот политичар Лука Волонте (2 мај: „Но Заев сака повторно да ги одложи изборите, па затоа според Волонте ги поддржува манифестациите на улиците“). Се прави обид да се зголеми кредибилноста на овие личности, како што беше случајот со Маријана Петир (3 мај: „Изборите во Македонија на 5 јуни се еднствен демократски стандард за доаѓање на власт, вели Маријана Петир, претседателката на неформалната група „Пријатели на Македонија“ во Европскиот парламент, и една од највлијателните европратенички од најбројната Европска народна партија“). Тоа е уште повеќе засилено во случајот со Жозеф Дол, кој ја обвини опозицијата дека прави театар (4 мај: „Дол, кој е претседател на најголемата политичка партија во Европа, чиј член е германската канцеларка Меркел, европските лидери Туск и Жан Клод Јункер, како и еврокомесарот Хан...“). Некои од овие политичари не се штедеа во заземањето страна, како на пример Австриецот Карл фој Хабсбург, и сето тоа се пренесуваше, (7 мај: „Тој вели дека ако ја погледне политичката сцена во Македонија, и Никола Груевски, и претседателот Ѓорге Иванов, плаќаат цена поради тоа што е апсолутно исправно тоа што го прават, и за тоа што се држат до владеењето на правото и на Уставот“).

(3) Настрана содржините посветени на Груевски, беа емитувани релативно мал број прилози за проекти и мерки на власта, и тие главно се состоеја од локални зафати (4 мај: „Туристичките убавини на подбеласичките села ќе бидат подостапни за туристите со асфалтен пат од крајот на летово ќе се поврзат Мокринските извори со Смоларските водопади, пат што ќе поврзе 12 населени места“). Дел од просторот беше отстапен и за огласување за Владата (5 мај: „Процедурата за аплицирање е едноставна. Се состои од поднесување барање за учество во проектот, од невработеното лице до Агенцијата за вработување, по што кандидатот ќе мине еднодневна обука за пополнување прашалник со наведување нацрт-план на бизнисот кој има намера да го воспостави“).

(4) Исто така, имаше мал број прилози и во врска со протестите, кои до одреден степен беа информативни или умерено напаѓачки, (3 мај: „Судење за двајца демонстранти кои ја уништија канцеларијата на претседателот. Ќе се спојат ли рочиштата за сите вандали?“), како и умерено фаворизирачки (4 мај: „Граѓанското движење за одбрана на Македонија вечерва од народните собири во девет града, јасно ќе порачаат: изборите се единственото решение за крај на агонијата во која се наоѓа Македонија“). Кон крајот на мониторираната недела, нападите се засилија со прилози во кои протестите се прикажува како платени и наместени (6 мај: „Каде ги трошеле петте милиони евра од фондацијата Сорос? Тензии, уривање демократски избрана влада, финансирање медиуми“; 7 мај: „Лицата кои ги уништуваат спомениците низ Скопје, одлично заработуваат. Илјадници евра за вработените активисти“).

(5) Работата на Специјалното јавно обвинителство се опсервира пред се` преку случајот на Коста Крпач, а тенденцијата е главно напаѓачка, и се обвинува СЈО дека е одговорно за неговата смрт (2 мај: „Универзитетскиот професор Оливер Андонов во колумна посочува дека СЈО има одговорност за смртта на Крпач, поради, како што наведува, тортурата на која бил изложен од страна на обвинителството“; (5 мај: „Начинот на работата на специјалните обвинители деновиве стана проблематичен и во случајот со Коста Крпач, кој изврши самоубиство во својот стан во Скопје“).

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите се користи еден извор (33 прилози). Од прилозите каде што се користат два или повеќе извори, тие почесто се согласуваат или имаат барем неутрален однос едни кон други (13 прилози), а поретко се спротивставени (8 прилози). Во само 11 прилози претставниците на ВМРО-ДПМНЕ и на државните институции раководени од нив се јавуваат како единствен извор. Но продолжува пренесувањето текстови од интернет-портали (4 прилози) со напаѓачка содржина (2 мај: „Платеници од странски држави директно им помагаат на

СДСМ и на опозицискиот лидер Зоран Заев во вандализирањето на македонските спомен-обележја, пишува порталот Журнал“)

Директни обраќања: Беше емитувано само едно директно обраќање од актуелниот период и тоа од лидерот на СДСМ Зоран Заев, како и една негова стара изјава. Беа емитувани уште три стари изјави од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски.

Аудиовизуелна презентација: Забележани се случаи на манипулативна аудиовизуелна презентација.
(1) Скриена пропаганда: преку приказна за иселеник од Германија (5 мај) што се вратил да инвестира во своето делчевско село, се промовираат мерките и проектите за руралните средини што ги најавуваше лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, а се емитува и негова изјава за потсетување.
(2) Во најавата за краток но сеопфатен и коректен прилог во врска со ставовите на партиите околу изборите (6 мај), се чита речиси цело соопштение на ВМРО-ДПМНЕ, со сите напаѓачки и негативниелементи во него, а има по само неколку збора за другите.

Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:

- (2 мај, аналитичко-репортажен прилог): Проектот „Од град во село за нов почеток“ следи како заокружување на претходно најавените проекти од страна на Груевски во земјоделството, и е слична со мерките од овој вид кој ги има и во земјите од ЕУ.
- (2 мај, анализа/коментар): Инаку во двонеделните протести организирани од опозицијата и од соросовите организации, беа осквернавени голем број на значајни македонски обележја.
- (6 мај, најава/коментар): За жал, заради паничниот страв на СДСМ од немањето поддршка за нивните деструктувни политики, предвремените парламентарни избори еднаш веќе се откажаа. Со тоа, СДСМ се промовираше во единствената опозициска партија во светот, која бега и се плаши од избори, велат од ВМРО-ДПМНЕ.
- (7 мај, најава/коментар): Намалениот раст на економијата поради политичката Кризата креирана од СДСМ ќе ја чини државата 170 милиони евра проценуваат експертите

## 12. ТВ НОВА

### Прва недела (16 – 22 април 2016)

ТВ Нова во анализираниот период објави вкупно 88 прилози за актуелни политички настани и субјекти. Најмногу се информираше за: протестите (33 прилози), изборите (22 прилози), за суспендирањето на одлуките на министрите од опозицијата (4 прилози), за аболицијата (3 прилози), за владините проекти (3 прилози), за работата на СЈО (2 прилози) и за активностите на Груевски (2 прилози). Во 22 прилози е забележан фаворизирачки пропаганден тон, додека во 17 негативен, демонизирачки тон на известување. Фаворизирањето е кон политиката на власта и владејачката партија, додека негативниот, во некои случаи и навредлив тон е јасно насочен кон опозицијата.

Коментари и оценки во вестите: Според бројот на прилози, во вестите на телевизијата во мониторираниот период доминирале прилозите со позитивна и фаворизирачка содржина за Владата и ВМРО-ДПМНЕ (22 прилози) пред тие во кои се искажува негативен и демонизирачки однос кон СДСМ (17 прилози). Во еден е вклучена коментаторска содржина, (22 април „Албанската емиграција имала состанок со Заев“) во која лидерот на опозицијата се напаѓа за наводен заговор за дестабилизација на земјата. Најголем дел од прилозите кои содржат новинарска оценка се однесувата на политичката криза и на протестите кои од една страна ги организира граѓанската иницијатива Протестирам и од друга, ГДОМ. Телевизија јасно преку новинарски коментари во прилозите ја застапува тезата зад која стои и владејачката ВМРО ДПМНЕ дека е можно на 5 јуни да се одржат фер избори, како и тоа дека опозицијата прави се да ги одложи. Притоа во тој контекст демонизирачки однос има кон лидерот на СДСМ Заев кој се обвинува дека стои зад наводни анти државни сценарија (16 април „Заев горд на Црвенковски кој го смени знамето и името“, 22 април„ Албанската емиграција имала состанок со Заев“).

Во покривањето на протестите прилозите со напаѓачка содржина се кон демонстрантите кои се нарекуваат „вандали и хулигани“ и се директни беа директни, без никаква ограда, и со јасно заземена страна (16 април „Насилниците на СДСМ ја осквернавија Порта Македонија“,19 април „Дивеењето не сопира“), а во интервјуто со член на ГДОМ Братислав Димитров од 16 април, новинарот го завршува со зборовите „да се надеваме дека ќе заврши скоро ова лудило“. Истовремено, без никаква ограда и директно се фаворизира и се поддржува протестот на ГДОМ чии ставови се блиски до оние на владејачката ВМРО - ДПМНЕ и на чии собири присуствуваат и партиски и владини функционери: (19 април „ГДОМ со нови протести илјадници присутни на овој спортско-музички хепенинг насловен како Прилеп со љубов кон Македонија, убава манифестација и , како што велат организаторите, преку вакви настани да се канализира сета негативна енергија и наместо дестукција, што ја видовме овие изминати денови, да имаме дружење преку спортски активности“, 20 април ГДОМ во Охрид: Народот бара да престане оваа криза во која ја стави СДСМ“, (18 април „Протест на ГДОМ во Штип“: Очигледно ја имате поддршката на народот – оценка на новинарот).

Најкарактеристичен пример на овој тип на апологетско, пропагандно известување е на 21 април кога беше одржувањето на два протести во Скопје, при што оваа телевизија имаше дури 4 репортерски вклучувања во живо од собирот на ГДОМ во вкупно траење од од околу 1 час и 30 минути, додека вкупното времетраење на вестите беше 1 час и 50 минути.

<u>Користење на изворите:</u> Во најголем дел од прилозите (44 прилози) има само по еден извор. Потоа следуваат прилозите со три или повеќе извора чии ставови не се судираат (11 прилози), додека во сите (5) прилози со два извори станува збор за меѓусебно поддржувачки или надополнувачи ставови. Во 8 прилози инфромацијата се презентира без јасно да с енаведен изворот.

<u>Директни обраќања:</u> По една изјава од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски и на лидерот на СДСМ Зоран Заев се единствените дирекни обраќања објавени во овој период.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Во анализираниот период 38 прилози имаа елементи или на аудио или на визуелна манипулација.
Следењето на активностите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ и претставување на проектите што ги промовира е една од типови на манипилации (19 април „Груевски промовира нов проект во земјоделството“), при што новинарот зборува за проектот во суперлативи, без ограда.
Манипулативни се и прилозите од 16 и 21 април „Бојкотот на изборите не е во интерес ниту на Македонија ниту на ЕУ ниту на САД“, каде ставот на лобистот Ариел Коен од Атлантскиот совет се презентира како факт.
Анкетите каде има само еднострано мислење (позитивно за владејачката партија ) исто така се манипулативен елемент кој на јавноста треба да и претстави одредена планирана слика (16 април „Насилни протести не се решение за кризата“,17 април „Повторно дивеење и уништена Порта Македонија“ - истата анкета од претходниот прилог, 19 април „Дивеењето не сопира“, 21 април „Иванов: Нема правен основ да ја повлечам одлуката“, 21 април „Здружението на борци со реакција за скврнавењето“).
Телевизијата емитуваше и прилози каде се повикува на некакви извори кои не се дефинирани: 17 април „Ременски: Нема да ја почитувам одлуката на Владата“, 18 април „ДИК го објави роковникот за изборите на 5 јуни“.
Визуелна манипулација има во прилозите во кои се известува за протестите (21 април „Голем народен собир на ГДОМ реки народ“).

<u>Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:</u>

- (16 април оценка на новинар) Македонија се соочува со дестабилизација од сопствената социјалистичка опозиција...деновиве бевме сведоци на насилни протести организирани од страна на опозицијата, кои според упатените ставаат темна дамка на влезот на земјата во евроатлантските интеграции, а негативно влијаат на странските инвестиции и економијата во целост
- (16 април оценка на новинар) Насилниците на СДСМ ја осквернавија Порта Македонија. Заев на својот фејсбук-профил покажува дека не само директно стои зад руинирањето на портата туку и во насилните протести во кои 20тина полицајци се повредени и уништена беше народната канцеларија на Иванов

- (19 април оценка новинар) ГДОМ спонтано почна да ги собира битолчани на едно место. Како што самото име на ова граѓанско здружение кажува, сите се тука собрани со една мисла...
- (20 април оценка на новинар) А кога сме кај политичката криза, денес хаос и во двете министерства
- (21 април оценка новинар) Голема река од народ моментално се упатува кон Собранието на РМ каде за 19 часот е најавен масовен народен собир на граѓаните од цела Македонија каде ќе го изразат своето незадоволство од можностите и предизвикувањето на деструктивни сценарија на лидерот на опозицијата.
- (21 април најава) ...во големи колони се упатуваат кон Собранието на РМ...да се порача на домашната и на меѓународната заедница дека избори на 5 јуни мора да има бидејќи тоа е единствениот начин Македонија да излезе од длабоката политичка криза во која се наоѓа, а исто така овоју народен собир е да се упати порака кон опозицијата и кон луѓето што протестираат на другите протести тоа да го прават на мирен и достоинствен начин и тоа да го прават без употреба на насилство и да не ги демолираат дел од објектите и спомениците во центарот на градот...можеме да забележиме дека има навистина многу луѓе
- (22 април најава) Токму за насилните протести на Протестирам, а и за масовните протести што ги организира ГДОМ и на кои се бара одржување на избори на 5 јуни вечерва разговараме со Александар Пандов

**<u>Втора недела (23 – 28 април 2016)</u>**

Во известувачкиот период од 23 до 28 април на телевизија ТВ Нова се објавени вкупно 82 прилози кои се однесуваат на политичките актери или случувања. Најмногу внимание телевизијата им посвети на протестите (31 прилози), предвремените избори (14), проектите и мерките на Владата и на институциите раководени од ВМРО-ДПМНЕ (7 прилози), СЈО и случајот Крпач (5 прилози), активностите на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски (3 прилози), тезите за можни економски проблеми поради политичката криза (3 прилози), тезите за можна федерализација на Македонија (3 прилози), аболицијата од претседателот Иванов (1 прилог) и други теми.
Во најголем број известувања за овие теми (23 прилози) телевизијата изразуваше позитивен и фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и кон здружението ГДОМ, чии собири се следеа екстензивно и во многу поголем обем за разлика од останатите телевизии. Негативен и демонизирачки однос има во 19 прилози, и тоа кон СДСМ и кон Специјалното јавно обвинителство, Сорос и Протестирам.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Известувањето на сите актуелни теми на оваа телевизија е со исклучително изразен фаворизирачки, пофален тон за власта и за владејачката ВМРО- ДПМНЕ. Пропагандното ивестување е највидливо во прилозите кои се однесуваат на владините проекти 23 април „5 години отворањето на спомен-куќата на Тоше“, 24 април „Високоприносен добиток за повеќе месо и млеко“,24 април „Почна проширувањето на бул Христијан Тодоровски Карпош“, 28 април „Димитриев: инвестиции во модернизација на АРМ“) и на активностите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски (23 април „Субвенции за говеда“ и 28 април Груевски: Нова мерка - враќање од град во село за нов почеток“).

Нескриено фаворизирање има и во прилозите за собирите на здружението ГДОМ, за чии активности се известува обемно и екстензивно во вестите, со повеќе вклучувања во живо од градовите каде се одржуваат протестите (на 27 април има 5 прилози за собири на ГДОМ низ Македонија и еден прилог за протестот на платформата Протестирам во Скопје). Притоа, наративот кој се користи е дијаметрално спротивен: ...собирот на Граѓанското движење за одбрана на Македонија помина мирно, без инциденти... Протестот на граѓанското движење Протестирам и овојпат излезе од својата контрола (27 април „ГДОМ во Охрид“) ...додека на едната страна се организираат мирни, масовни протести на граѓаните, на другата владее сосема спротивното... (27 април „ГДОМ во Кавадарци“). Притоа неаргументирани и произволно се прави паралела на Протестирам со СДСМ и Сорос, додека на ГДОМ со народот. Во известувањето продолжува и фаворизирањето на 5 јуни како термин за одржување на предвремените изјави, додека паралаелно на тоа се извлекува теза дека опозицијата работи на федерализација на земјаата (26 април „Заев договарал федерализација на Македонија?!“)

само за да избегне избори. Демонизирачки став доминира и кон СЈО, при што во случајот со смртта на Коста Крпач оваа институција неаргументирано се посочува како виновник, поради наводните притисоци врз овој сведок во една од истрагите. Негативниот став кон опозицијата е забележан и во прилозите кои се однесуваат на влијанието на политичката криза вврз економската ситуација во земјата посебно во финансискиот дел, при што во анализа со коментаторски елементи се истакнува дека тоа е тактика на СДСМ (27 април „Пред секои избори се шпекулира дека ќе има девалвација").

Користење на извори: Во 41 прилог користен е само еден извор. Во 13 се посочуваат три или повеќе, но во 10 случаи тие се со единствено гледиште. Во 8 прилози има два извори, ноп нивните мислење се судираат во само еден прилог.

Директни обраќања: Телевизијата во вестите објави вкупно 5 директни обраќања од лидер на политичка партија, и сите се на на лидерот на ВМРО- ДПМНЕ Никола Груевски.

Аудиовизуелна манипулација: Во 30 прилози има манупулативни елементи во известувањето. Начинот на кој с еизвестува за активностите на лидерот на ВМРО- ДПМНЕ Груевски е една од манипулациите, про што прилогот од 23 април „Субвенции на говеда", заедно со најавата, јавувањето во живо и со снимениот материјал трае 6 ипол минути. Говорот на Груевски по повод промовирањето на мерката враќање од град во село за нов почеток, е двапати емитуван во истите вести.
Друг тип на манипулација е со немање јасно дефинирани изврои во прилозите (24 април „Македонската дијаспора бара избори на 5 јуни"), објавување демант за инфромација која воопшто и не е објавена на оваа телевизија (25 април „Демант од министерството за тврдењата на Ременски") или пак со врамување на стари изјави во нов контекст (26 април „Заев договарал федерализација на Македонија?!").

Елементи на визуелна манипулација има во неколку прилози:
- 23 април „Најдобро и најлошо платени професии", соговорникот е снимен пред новиот објект на ВМРО ДПМНЕ иако не се работи за прилог поврзан со апртиски активности;
- 27 април „Протестирам во Скопје", при што во виселниот дел, се „лова" кадри на кои има мал број луѓе, за разлика од кадрите со „масовност" на собирите на ГДОМ;
- За разлика од известувањата од ГДОМ, овде кадарот е поставен далеку од учесниците на протестот и се гледа голем празен простор
- 27 април „Граѓаните против федерализација на Македонија", каде снимките од македонските и албанските знамиња на протестите како се вејат заедно, се прикажуваат во контекст на тезата за федерализација на Македонија;
- 28 април „Денеска и за празникот нема протести во Скопје", при што иако се зборува за обете движење, во целиот прилог оди видео материјал од собирите на ГДОМ.

Примери на фаворизирање или демонизирање аудиовизуелни содржини:

- (23 април најава) Уште една мерка денес објави лидерот на ВМРО-ДПМНЕ за поддршка на земјоделството...80% не се малку...Ајде Александра потсети ме што е уште предвидено за земјоделците
- (24 април оценка новинар) Македонските иселеници секојдневно ја изразуваат својата поддршка кон ГДОМ. Ги осудуваат случувањата и насилството последниве денови во земјата
- (24 април оценка новинар) Новите мерки во земјоделството кои имаат за цел поддршка за земјоделците ќе значат нова епоха и ново поглавје за развој на земјоделството
- (24 април оценка новинар) Протестите организирани од СДСМ и невладините на Сорос продолжија со инциденти, насилство и уништување на објектите низ Скопје. Демонстрантите имаа нова мета за скврнавење
- (25 април анализа коментар) Се вели дека учествуваат многу истакнати функционери на СДСМ кои учествувале и на други насилни протести во организација на невладините на Сорос и опозицијата...потоа Стојанче Ангелов од Достоинство и други активнисти на СДСМ и претствници на Хелсиншкиот комитет и Грци поддржувачи на протестите
- (25 април оценка новинар) Една единствена цел е на ГДОМ, се разбира и на голем број на битолчани кои се вечерва токму тука дека сакаат избори на 5 јуни се разбира за да и стават

крај на политичката криза

- (27 април оценка новинар) Втор ден по ред Кичево е на нозе, можам слободно да речам илјадници граѓани се присутни на градскиот плоштад овие два дена, каде што масовно бараат избори на 5 јуни за крај на политичката криза
- (27 април анализа коментар) Наводната девалвација на денарот изминативе години постојано беше една од предизборните манипулации на СДСМ. Најголемата опозициска партија, преку своите т.н. економски експерти, постојано најавува девалвација на денарот, а во меѓувреме националната валута е стабилна
- (28 април оценка новинар) Од град во село за нов почеток, е името на новата мега-мерка која денеска ја промовираше лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски. Со оваа мерка, како што кажа Груевски, не само што ќе се донесе додадена вредност во земјоделството, туку има и социјална и економска предност
- (28 април оценка новинар) Деновиве во јавноста се поставува прашањето до кога вандализмот ќе ги уништува јавните објекти во Скопје и пошироко во државата
- (28 април оценка новинар Дали Коста Крпач бил жртва на тортура од Специјалното јавно обвинителство? Ова е прашањето кое го отворија одредени медиуми Меѓу другото, се посочува дека техничкиот министер Спасовски и специјалното обвинителство постојано му испраќале полиција во неговиот дом и го малтретирале пред неговата сопруга и дете во доцните ноќни часови

<u>**Трета недела (2 – 7 мај 2016)**</u>

ТВ Нова во анализираниот период од пет дена објави вкупно 58 прилози на политички теми. Најголем број од нив беа за протестите и собирот на ГДОМ (14 прилози), за предвремените парламентарни избори и политичката криза (13 прилози), владините проекти (5 прилози), работата на СЈО (4 прилози), активностите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груесвки (3 прилози), за влијанието на политичката криза врз економијата (3 прилози), за аболицијата 1 прилог и други теми. Во 35 прилози има нагласен новинарски став, при што во 20 од нив тој е фаворизирачки и пропаганден исклучително за власта и владејачката ВМРО ДПМНЕ, додека во 15 прилози со негативен, демонизирачки и навредувачки тон за опозицијата, СЈО, и за учесниците во протестите против аболицијата. Објавени се и три анализи и/или најави со коментаторски елементи.

<u>Коментари и оценки во вестите:</u> Телевизијата известува крајно навивачки во полза на политиката на власта и на владејачката партија. Сите прилози кои се однесуваат на некоја владина политика се фаворизирачки и промотивни без никаква дистанца ниту критички пристап (2 мај „20 милиони евра поголеми странски инвестиции во февруари“,3 мај „Прогноза на ЕК: Македонија во топ 5 земји со најголем раст во Европа“, 6 мај „Расте извозот од слободните економски зони“,7 мај „Финишира изградбата на фабриките во бизнис зоните“). Истиот промотивен пристап е присутен и во прилозите кои се однсеуваат на активностите на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски чии промотивни постети се пренесуваат без дистанцирање на државата од партијата (2 мај „Заокружен цел сет мерки за поисплатливо земјоделство“, 4 мај „Ќе се врати животот во макдонските села“). Навивачко, пофално известување има и во прилозите кои се однесуваат на собирите на здружението ГДОМ, чиј број е двојно поголем од бројот на прилозите за протестите на платформата Протестирам ( на 4 и 5 мај, има по две јавувања во живо од собирот на ГДОМ во Битола, додека по еден прилог, најчесто без извори од Скопје). Токму демонстрантите кои учествувата на протестите против аболицијата на Иванов се субјект на крајно демонизирачко и навредливо известување, при то и натаму се користа епитетите палтеници на Сорос и хулигани. (6 мај „Милиони од Сорос за медиуми кои шират пропаганда“).

Негативно известување има и во прилозите за Специјалното јавно обвинителство е субјект, кое повторно се става во контекст на предизвикувач на смртта на Коста Крпач, сопственикот на агенцијата Нетпрес, кој се самоуби (5 мај “Се уште нема одговорност за смртта на Коста Крпач“).
Во два прилози новинарот негативно, демонизирачки известува за работата на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски кого го обинува за блокада на работата на МВР (7 мај „Спасовски не ги потпишува решенијата за вработување на полицајците“) и без аргументи, повикувајќи се на анонимни изјави во анализа со коментаторски елементи се критикува неговото

неприсуство на поменот за загинатите полицајци од Диво насеље (7 мај „Спасовски не се појави на поменот на загинатите полицајци од Куманово“).

Користење на изворите: Најмногу од прилозите се со еден извор на информацијата (32). Во 8 прилози има два или повеќе соговорници, но во најголем број тие се со идентични ставови. Во 3 прилози нема конкретно наведен извор.

Директни обраќања: Објавени се вкупно 3 изјави на лидерти на политички партии, од кои два се на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски, а едно на лидерот на СДСМ Заев.

Аудиовизуелна манипулација: Во 32 прилози неделава има елементи на аудиовизуелна манипулација. Во два прилози се емитувани стари изјави на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Груевски во кои тој промовира мерки во земјоделството како дел д владината политика, иако тој врши никаква државничка функција (2 мај „Заокружен цел сет мерки за поисплатливо земјоделство“ 6 мај „Земјоделците во фокусот на владините политики“)
Друг тип на манипулација е со селективни изјави (3 мај „ДИК закажа седница“), при што се емитувани смао изјавите на претставниците на владејачката партија, додека оние на опозициските претставници се интерпретираат, или пак ставот на опозицијата воопшто не се споменува (4 мај „Досега во ДИК нема пријави за независни пратеници“).
Исто така се користат и стари изјави кои се врамуваат во друг контекст (3 мај „Заев инсистира да му се суди за Пуч“).
Манипулативно е и користењето непотврдени информации кои се презентираат као факти (3 мај „Во телото на Крпач откриена само една прострелна рана“).
Повикување на анонимни или недефинирани извори или соговорници (6 мај „Милиони од Сорос за медиуми кои шират пропаганда“), или пак се избегнува да се спомене името на институцијата, како што е во случајот со прилогот од 6 мај „ОЈО: СЈО не достави докази за притисоците врз Крпач од обвинителството на Јанева не им доставиле податоци на ОЈО“, при што за СЈО се користи само фразата „обвинителство“.
Во нализираниот период објавени се и неколку мислења од странски политичари или експерти (2 мај „Лука Волонте: Изборите треба да се одржат сите ја имаат“,
4 мај „Дол: Опозицијата прави театар-избори мора да има“, 7 мај „Хабзбург: Промената на датумот на изборите е неприфатлива“, кои ја поддржуваат политиката на владејачката ВМРО ДПМНЕ и кои се појавуваат во ист контекс и во другите телевизии кои важат за првладини.

Примери на фаворизирање или демонизирање политички субјекти:

- (2 мај оценка новинар) Со последниот проект Од град во село за нов почеток што го најави лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски, се заокружува целиот сет мерки што треба да го направат земјодеското производство уште поисплатливо
- (3 мај оценка новинар) Медиумите потсетуваат на неодамна поднесените кривички пријави за малтретирање во вршење служба против обвинители и истражители од тимот на Катица Јанева. Тогаш во јавноста како најдрски беа споменувани Лиле Стефанова, Гаврил Бубевски и Фатиме Фетаи
- (4 мај оценка новинар) Проектот Од град во село на ВМРО-ДПМНЕ опфаќа цел сет на мерки кои претставуваат поттик за населението да се врати од град во село. Бенефициите с огромни
- (5 мај прашање на новинар) Сметате ли дека трпението на граѓаните ќе дојде до еден степенда се уморат од праќање на пораката дека Македонија треба да биде цела?
- (6 мај оценка новинар) Слободните економски зони добија уште едно признание од престижна агенција.
- (6 мај оценка новинар) Огромен интерес кај земјоделците побудија мерките за младите земјоделци и 50:50, со која се обезбедува неповратна финансиска помош и до 10 иљади евра
- (6 мај оценка новинар) Секоја година се зголемуваат милионските суми на фондацијата Сорос односно Институтот отворено општество за финансирање на медиуми. Како што денес анализираат некои медиуми, невладини организации, странци, НВО и медиуми, се финансираат со цел да се креираат тензии и да се шири негативна пропаганда
- (7 мај најава /коментар) Денес на годишниот помен на двајцата загинати полицајци од Куманово се појавија заменик министерот Чавков и Горанчо Савовски како и командантите на

специјалните единици но не и техничкиот министер Оливер Спасовски...Тој предизвика револт кај роднините и пријателите на загинатите од Куманово кога не се појави ниту на церемонијата на постхумно доделување на ордените кај претседателот Иванов, а не дозволи тие да бидат објавени на службениот веб-сајт на МВР